**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Осумдесет и петтата седница на Собранието**

**на Република Македонија,**

**одржана на 20.09.2001 год.**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 14,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 85-тата седница на Собранието на Република Македонија пратениците Љупче Анушев и Чедо Петров ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 67 пратненци

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Процедурално за збор се јави г-дин Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, две пратенички групи на Нова Демократија и Демократска Алтернатива поднесоа барање, 85-тата седница на Собранието на Република Македонија на која треба да се расправа за текстот на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија, да ја одложите се додека не заврши расправата по Предлогот на одлуките за распишување на референдум во Република Македонија.

Од исходот на ова прашање во многу зависи и текот на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Затоа, барам, прво, да ја поставите на дневен ред Осумдесет и третата седница, како што беше договорено, а потоа да продолжиме со работа со 85-тата седница. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е тоа дека двете пратенички групи побараа друг редослед на седниците, меѓутоа, јас сакам да објаснам дека оваа седница сега што ја држиме ја држиме во постапка која е претходно започната и сега е втора фаза на постапката и не треба да ја одложуваме оваа седница. Очекувам, ние денес да завршиме по оваа седница, а утре ќе продолжиме по осумдесет и третата седница. Тоа е моја оценка и моја одлука.

Господин Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, јас ја почитувам вашата одлука, меѓутоа, и Осумдесет и третата седница ја почнавме во вторник по претходно утврдена постапка, така што мислам дека за денеска беше закажана и Осумдесет и третата седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви објаснив, оваа седница беше закажана за вчера. Бидејќи не можеше да се одржи ја поместив за денес, а таа што беше закажана за денес ја поместив за утре. Тоа е сосема нормална постапка.

На седницата поканети се, претседателот на Република Македонија Борис Трајквоски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Со оглед на значењето на прашањето што се предлага да се разгледува на оваа седница, предлагам дневниот ред да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 57 пратеници,воздржано гласале 7 и против гласале 7 пратеници.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За седницата го предлагам следниот дневен ред.

Утврдување на Нацртот на амандманите од IV до XVIII на Уставот на Република Македонија.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 55 пратеници, воздржано гласале 6 пратнеици, против гласале 9 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на точката од дневниот ред. Утврдување на нацртот на амандманите

од IV до XVIII на Уставот на Република Македонија.

Текстот на Нацртот на амандманите и новиот текст на нацртот на амандманот XVIII Ви се доставени односно поделени.

Извештајот на Уставната комисија на Собранието на Република Македонија ви е поделен.

Нацртот за измена на Уставот го утврдува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и го става на јавна дискусија.

Отворам претрес по текстот на нацртот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија.

Пред да му дадам збор на известителот на Комисијата, овде се јавил пратеникот Јордан Бошков, но тој не е тука и незнам каква е неговата интервенција. Да не е тоа деловничка интервенција? (Не е).

За збор се јави г-динот Томислав Стојановски, известител на Уставната комисија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувнаи колеги, и денеска го утврдивме дневниот ред по Предлогот односно по нацртите на амандманите кои ги даде претседателот на државата до ова Собрание за измена на Уставот на Република Македонија.

Уставната комисија работеше со два прекина на 18 и 19 септември, и извештајот од работата на истата ви е поделен во писмена форма.Немам намера за вас да ги читам работите на Комисијата, затоа што ги имате во писмена форма, меѓутоа, сакам само накратко да ве запознам што денеска фактички Собранието ќе работи.

Денеска, иако стои во дневниот ред се утврдуваат Нацрт амандманите, амандманите во нацрт ги поднел претседателот на државата односно предлагачот на измените на Уставот и ние само во оваа фаза извршивме наше видување во Уставната комисија ставивме забелешки на сите амандмани кои се предложени од IV до XVIII.

Сега станува збор за амандманот IV, тоа е интервенција со друг текст на постојната преамбула на Уставот на Република Македонија. Во основ останаа забелешките дека од преамбулата на текстот на Уставот на Република Македонија, да не се брише "македонскиот народ".

Имаше и други размислувања кои се правдаа со нов став, со ново гледање, со модерна определба на нацијата. Меѓутоа, останува едно дека по овој амандман претседателот односно предлагачот, ако остане и да изготви предлог на амднднман ќе мора да ги има предвид сите забелешки и мислења изнесени на Уставната комисија. Потоа, сите забелешки и сугестии што ќе ги ставите денеска, односно ќе ги ставиме ние денеска по работата на овој текст и на крај сите забелешки што ќе бидат ставени во јавната дискусија. Откако предлагачот ќе ги собере овие документи односно овие мислења и забелешки, тогаш ќе се одлучи на Предлогот на текстот за измена на преамбулата.

Што е разлика помеѓу денешната функција на Собранието кога ги разгледува нацртите на амандманите и што ќе биде функцијата на Собранието кога ќе дојде предлог на текстот за измена на одредени членови или одредени делови на уставот. Тогаш, ќе се утврдува конечнот текст и тогаш се врши интервенција со амандмани на амандман. Исто така, тогаш ќе се врши и гласање за одреден текст или за одреден амандман и се усвојува со истиот број на гласови 61 од вкупниот број на пратеници. Што значи дека, молам, дозволете, кога се работи за амандмани господине претседателе да биде тишина, кога се работи за амандмани конечнот текст по ова се усвојува со мнозинство кога ќе се гласа за сите или поединечно или за сите вкупно. Благодарам, да не должам повеќе и да не скратувам од правата за работа и учество на пратениците по ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави пратеникот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Му благодарам на известителот на Комисијата за уставни прашања што ни ја објасни вака работата, за што ние денеска, всушност, ќе одлучуваме. Имено, колку што успеав да го разберам, а и од сопствени сознанија, ние денеска ќе одлучуваме, би рекол, за една процедурална работа. За процедурална работа во смисла што поднесените нацрт уставни амандмани во форма на иницијатива од страна на претседателот на државата, ние ги разгледавме во Уставната комисија и со сите забелешки сега му ги враќаме назад, за да може тој по завршената јавна расправа евентуално да ги прифати нашите забелешки или да ги одбие или за повторно да ни ги даде во форма на Предлог уставни

амандмани, кои ние тогаш во конечна форма треба да ги изгласаме или да не ги изгласаме. Тогаш, ќе ни треба мнозинство од 80 гласа.

Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ имаше координација и како резултат на таа координација е повторно констатацијата дека секој од пратениците при денешново гласање ќе има еден индивидуален и би рекол позитивиен пристап кон предложените амандмани, со тоа што уште еднаш ја искажувам потребата за се она што ние денеска ќе го изгласаме, би побарале суд на нашиот народ односно на нашите избирачи во една форма на референдумско изјаснување од нив.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Г-дин Азис Положани, (не се јавува)

Г-дин Мерсел Билаљи (грешка)

Г-дин Алиу Абдула (грешка)

Г-дин Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Не е грешка, вие ако сте грешка, јас не сум грешка.

Дами и господа, иако ми се чини дека џабе ќе зборувам, имам што да кажам и ќе ви зборувам. Мислам дека работата се одвива токму онака како што не треба да се одвива, гледајќи од македонска страна и гледајќи за македонскиот народ и по повод она денеска што го расправаме амандмани на Уставот на Република Македонија, нацрт текст, конкретно амандман 4, имам што да кажам, излегов да го кажам, а судот на историјата ќе не стигне сите нас и ќе видиме кој како ќе може да го поднесе.

Во првата фаза отворањето на уставните промени зборував прилично опширно, зборував и за овј амандман и ако добро се сеќавате, а за оние што не се сеќаваат реков дека и тогаш и многу пати после тоа, па и денеска ќе повторам многу пати за оние што имаат трпение да слушаат. Со овој амандман ваков каков што е предложен ќе се изврши геноцид врз македонскиот народ, ќе се изврши бришење на еден народ, ќе се изврши предавство од вековни размери. Знаете, јас ги слушав сите дискусии за и против, како и сите други жители граѓани на оваа држава и јас сум подложен на тортурата за бришење односно перење на мозокот што овие денови ни се случува, меѓутоа, морам да ви кажам кога зборувам за овој амандман никако не можам да најдам причина, оправданост, издржаност било што соодветно за да кажам, еве овој амандман е во ред. Јас и прв пат кога зборував кажав дека не е спорно претседател на држава да отвори процедура за менување на Уставот.

Затоа што, тоа го имаме како можност во Уставот. Меѓутоа, едно отворање на ваква процедура и вакво нудење на текст, мислам дека едноставно не доведува во една ситуација да размислувам дека нешто не е во ред со нас. Нешто не е во ред со нашиот ментален склоп и ние како држава немаме, односно како народ , немаме инстинг за преживување.Па, во име на некакво си македонсмко национално единство или неединство формираме Влада, па си ги делиме ресорите вака или онака, меѓутоа, едноставно сето тоа го користиме за напад врз другиот, за оправдување кое што можеме да го трпиме од другиот или за другиот, но, никако, никаде, нечувствувам инстинг за среќа.

Морам да ви кажам дека се чудам како воопшто дојдовме до ова и се чудам од лагодноста кои некои ја чувствуваат кога зборуваме за овие проблмеми, кои што, да265 речеме, некој ги прифаќа како нешто што е може би нужно или  мало зло. Меѓутоа, јас не можам да кажам дека станува збор за зло, станува збор за самоубиство на сите нас.  Затоа, денеска решив најмалку неколку пати да ви го прочитам амандманот IV, ќе ја  злоупотреба говорницата и најмалку неколку пати да ја прочитам преамбулата, за да барем до некои овдека внатре, затоа што се сомневам дека надвор од овдека може да се направи некакво влијание, за да барем нема кој овде внатре, да се обидам да го натерам да помисли и на друг начин. Ке кажам зошто мислам за овдека внатре, повеќе отколку за надвор. Затоа што, очигледно е дека е верифицирана опструкцијата на референдумот. Очигледно е дека некој тука сакаше да нема референдум, најверојатно и ќе го нема, без разлика што сеуште не сме гласале. Очигледно е дека некој не сака да слушне што мисли народот. Очигледно е дека имаме договори по телефон за опструкција. Очигледно е дека функционира една навидлива коалиција. Очигледно е дека се ова што се случува во државата, можеме слободно да го наречеме фарса.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**: (Продолжение)

Очигледно е дека некој работи се договорени, некои работи топрва треба да профункционираат. Тоа е само една увертира на она што допрва ќе се случува, а не предвидувам светли денови и добра иднина, без разлика што имаме усти полни со земја, кога зборуваме за мир, без

разлика што како што ви реков се изнаслушавме и се изнагледавме на реклами како тоа во име на незнам кој ние треба да бидеме за мир, во една очигледно намерно апсајдал поставена теза во која мирот и војната се поставуваат како ден и ноќ, како единствени опции, една намерно поставено појдновна точка на погрешни основи, само за да се верифицира она што допрва треба да се случи. Затоа јас мислам денес не би требало многу да го малтретирам македонскиот народ, бидејќи има кој да го малтретира. Сакам да и се обратам на некои тука нема да кажам ВМРО или СДСМ, да ги натерам уште еднаш да размислат, иако мислам дека и за тоа можеби веќе е доцна и тоа можеби нема шанса да се случи.

Се извинив дека ќе бидам подолг и се надевам дека колегите ќе го уважат тоа.

Немам некој посебен занос за говор, ниту желба, бидејќи гледам дека е џабе што некои работи се кажуваат тука. Меѓутоа, јас ќе ви ги кажам.

Сега ќе ви ја прочитам преамбулата на Уставот на Република Македонија, бидејќи таа сеуште е валидна:

"Тргнувајќи од историското, културно, духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава, а посебно државно-правните традиции на Крушевската Република, историските придобивки на АСНОМ и уставно-правниот континуитет на македонската држава како суверена република во Федеративна Југославија, од слободно изразена волја на граѓаните на Република Македонија на референдум на 8 септември 1991 година, како и од истористкиот факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на македонскиот народ, со албанците, турците, власите, ромите и другите националности кои живеат во Македонија се донесува Уставот.

Денеска пред нас стои сосема друг текст, амандман IV, кој вие дами и господа сите 120 пртеници треба да го прифатите односно 61 од вас. Тој гласи:

- Граѓаните на Република Македонија преземајќи ја одговорноста за сегашноста и иднината на нивната татковина, свесни и благодарани за своите претци,за жртвите и посветеноста во нивните заложби и борба за создавање на самостојна и суверена држава Македонија и одговорни пред нивните генерации за зачувувањето и развој на се што е вредно од богатото културно наследство и соживот во Македонија, еднакви во своите прави,бла,бла, бла, како што реков и прв пат.

Знаете што ми смета. Ми смета што кога некои лидери тука или некои долидери, помали лидери, мали лидери излегуваат и зборуваат, ние направивме еден договор во кој е сочуван интегритетот на државата, сочувана како унитарна држава, сочувана од целовитноста на оваа држава.

Јас можам едно нешто да ви кажам на сите вас што сте се договарале во Охрид. Тоа немаше потреба да го договарате. Тоа е загарантирано со Уставот.

За што се договаравте вие? Кого лажевте? Кој е тој што треба да ја купи таа лага дека е сочуван интегритетот на Република Македонија, унитарниот карактер и дека се ќе биде по старо кога ние ќе го смениме Уставот и ќе го избришеме македонскиот народ. Јас не можам да си објаснам како некои политичари можат тука со такво лицемерие да настапат. Еве сеуште не прозивам. Во вториот дел од мојот говор ќе произивам по име и презиме бидејќи сакам сите да излезат тука и да објаснуваат. И мислам господине претседателе сте се прелажале кога рековте дека денес ќе завршиме , бидејќи денеска ако завршиме за овој амандман, не за сите амандмани, тогаш знајте дека сме завршиле со судбината и иднината на Република Македонија и на македонскиот народ. Сеуште мислам дека мала надеж има, иако многу темно гледам денеска, а мислам дека таква и е и иднината на Македонија со ова што го имаме пред нас.

Мала дигресија.

Знаете, јас сум за мир, јас сум за тоа сите ние да живееме во соживот. Јас сум за тоа да можам да отидам во Матејче, во манастирот, ама да нема терористи таму господине Благоја Стојковски.

На тоа мислам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте поединечно да им се обраќате на пратениците.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Па ми дофрлуваат од место.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам оставете го говорникот нека зборува.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ако ме остават да зборувам, ќе зборувам она што го мислам, ако не ќе

одговарам и на провокации од место.Мислам воопшто не ми смета мене.

(Дофрлување од место)

Тоа така вие мислите. Само кого лажете? Ќе отидете утре во 8,00 часот во Матејче, ќе се вратите и после тоа што *ќе* имате, уста полна со радост? Колку, два часа? Колку ќе бидете таму, колку време? Немојте да провоцирате од место.

Вие исто така господине Настевски можете да почекате да завршам, ве спомнав, па да ми реплицирате, ако сте толку испровоциран од тоа што ве прашувам.

Како да не прашувам колку време ќе поминеме во Матејче. Па јас како дете сум идел таму а сега неможам да отидам. Како да не прашувам. Ќе ве прашам сите поединечно. А бидејќи толку инсистирате, целата група на СДСМ, по име и презиме ќе ве прозивам, излезете сите реплицирајте.

(Од место Бранко Црвенковски, дофрла прашајте ги и тие од ВМРО).

Ќе ги прашам ид од ВМРО.

Господине Црвенковски, јас се надевам долго време чекам вие да ми реплицирате односно да ми одговорите. Не да раплицирате, да филозофираме. Да излезте на одговорите на тоа што постојано ве прашувам. Нема шанса, затоа што знаете што сте договориле, само вие и ви е страв и срам пред македонскиот народ. Можете да бегате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам господине Петровски, обраќајте се на Парламентот а не поединечно.

Продолжете.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**:

Господине претседателе, јас се обраќам до Парламентот и таква намера имам да се обраќам на Парламентот цело време. Меѓутоа, господин претседателе ние тука ќе треба да гласаме поединечно и јавно за се, се надевам дека ќе имам подршка барем од 10 пратеници. Мислам дека ова веќе поминува и во лична работа. И ако некој пратеници се наоѓаат погодени и толку неможат да издржат па ми дофрлуваат, јас ви кажувам дека ќе продолжам и ќе им одговорам од тука од говорница. И немам зошто да не затоа што имам што да им кажам.

Сега да се вратам на тоа што го зборував. Преамбулата и текстот на Нацртот ви го прочитав. Ќе ви ги прочитам пак да не ги заборавите.

Сега да ви кажам зошто мислам дека има бескруполозно перење на мозокот на македонците оти албанците знаат што сакаат и постигнаа. Точно, се постигнаа, освен Голема Албанија, ама вака како што тргнало за пет години ќе стигнеме и до тоа.

Деновиве сме изложени на бескруполозно перење на мозокот на македонците. Секој весник, секоја ТВ станица, секоја радио станица емитува реклами за движењето за мир, па во нивно име ние тука сме треале да бидеме за, бидејќи како што реков тезата е поставена и јасна, дека оној што е против договорот е за војна. Меѓутоа, реков, јас не се согласувам со тоа. Јас сум за мир и мислам дека имам право работите да ги изложувам така како што јас ги гледам.

Јас бев на интернет да видам која е таа организација што толку многу се залага за мир. Која е таа организација што пере пари. Чии пари, ќе дознаеме веројатно наскоро, што има уста полна со мир и што сите нас не бара во нивно име да бидеме во мир. Еве јас ќе им одговорам јасно и гласно на сите типови како Мирјана Најчевска и слични на неа дека јас сум за мир. Меѓутоа, немам никаква намера со тоа што сум за мир да почнувам кампања, да перам мозок на македонците од една страна и од друга страна да повикувам и да праќам македонци во Хаг.

На таков начин ли сте за мир? На таков начин ли тие се за мир, да се иживуваме преку одредени ТВ станици да ми простите на збор, да свршуваме што некој македонец ќе оди во Хаг. Се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте. Да ги бираме зборовите.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Јас одговарам за моите зборови, претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да ама на говорницата мораме да имаме некој однос.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Мене ми е апсолутно јасно дека ова како што тргнало ќе стигне таму каде што предвиделе, тие што се јавуваат по телефон да ни кажат, морате да гласате, како добронамерни. Меѓутоа, тоа да биде верифицирано од македонци со една состојба на занес, тоа неможам да го прифатам.

Морам да ви кажам дека би сакал сите вие да одите на Интернет, ајде, некој од вас што не знаат како се оди на интернет, да ги ослободиме од таа обврска. Меѓутоа сите оние што гледаат, нека отидат на

интернет. Биди за. Организација.МК. и да видите кои организации денес ви зборуваат за мир. Да видиме кои се тие што стојат позади тоа кои се тие што ви го перат паметот, кои се тие што денес снимаат реклами и наши прогласуваат за геноцидни суштества и ги подготвуваат за Хаг, па да видите колку македонци има таму. Да слушнете што нуди тоа движење за мир, како одговор односно да прочитате што нуди како одговор на она што нас не мачи. Прочитајте ги тие одговори, да не ви ги читам тука, иако можам и тоа да го направам, да видите со каква празна реторика и со полно лаги целава оваа ситуација се објаснува. И утре вие, некој од вас, тие луѓе ќе ги прогласувате за херои да тие луѓе што се бореа за одбраната на државата, тие што загинаа како херои за оваа држава, ниту ќе ги спомнете, ниту ќе помислите на нив, ниту ќе им оддадете должна почит.Некој од нив дури ќе ги пракате во Хаг. На тоа не можам а да не коментирам.

Едниот аспект,значи перењето на мозок, се надевам дека доволно јасно ви го опфатив, се надевам дека ве испровоцирав да проветите кој е тоа за мир и кој на кој начин настапува.

Сега друг аспект.

Пред да го зафатам вториот аспект, ќе ми дозволите уште еднаш да ја прочитам преамбулата на македонскиот устав. Сега ќе ја скратем, ќе ги прочитам двата дела во кој се спомнува македонскиот народ.

- Тргнувајќи од историското културно духовно и државно наследство на македонскиот народ и од неговата вековна борба за национална и социјална слобода и за создавање на своја држава, традициите, Крушевска Република, АСНОМ и изразена волја на референдум, како и од историски факт дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ во која се обезбедува целосна граѓанска рамноправност и трајно сожителство на Македонскиот нрод со албанците, турците, властите, ромите и другите националности се донесува Уставот.

Сега вториот аспект кој сакам да го поставам како дилема пред македонскиот Парламент, што во оваа преамбула значи нерамноправност, кој збор покажува недемократичност, кој збор укинува права на одредено малцинство, кој збор тероризира, кој збор понижува, со што се отстранува постоењето на некое малцинство, освен на србите кои се неправедно изоставени. Немате одговор. Излезете кој сакате од вас, одговорете ми што е тоа во оваа преамбула, меѓу другото затоа што имаме и повеќе амандмани, што е тоа што мотивираше одредена група на луѓе да земат оружје и да убиваат македонци. Нема ништо овде што оправдува, она што се случува во Македонија. Се е ова фарса. Затоа ми е тешко да зборувам пред вас. Ова е фарса од невидени размери. Еве потврдувате ова е геноцид на македонскиот народ. И ќе докажам зошто. Јас сум тука да изнесам тези пред вас. Вие можете да ги отфрлете, меѓутоа неможете да ми го одземете правото да ги изнесам тезите. Но, како што тргнале работите, можеби ќе има некој амандман на Уставот и на Деловникот за работа на Собранието, па може и неможеме слободно да се изразуваме тука. Незнам. Како тргнале работите можеби скоро и таму ќе стигнеме.

Прашав што смета во таа преамбула.

Ниту Бранко Црвековски, ниту никој од СДСМ, ниту никој од ВМРО-ДПМНЕ, ниту никој од албанските пратеницид не може да излезе да го оспори тоа. Јас ве повикувам, излезете да го оспорите тоа. Што од одвде е нерамноправност, кој збор ве малтретира, омаловажува кој збор ве брише. Нема таков збор. Има нешто друго. Има проект за голема Албанција. И сите оние што ќе учествуваат во промена на оваа преамбула и во промена на овој амаднман, се соучесници во проект за создавање на голема Албанија. Не зборувам јас за албанските пратнеици, да не се разбереме погрешно. Зборувам за македонските пратеници. И да знаете сите имиња и презимиња се запомнети. Тиа писма што ги добивам јас, ги добивате и вие. Македонската историја ќе ве памти. А тие што ми дофрлуваат од место, чувствувам дека имаат голем притисок од нивните семејства, од нивните гласачи, од нивните пријатели кои исто така ги прашуваат зошто ќе гласаат, а они не знаат да им објаснат зошто. Па јас сега ќе шпекулирам во стилот на господинот Никола Поповски како што тој шпекулираше пред некој ден, не знам 35 души ќе сме биле против, 7-8 за, некои ќе излезеле, некои ваму, некои таму, меѓутоа ќе поминел референдумот. Сега јас ќе шпекулирам во истата насока и од истиот тип, како господинот Никола Поповски.

Јас пак слушнав и тоа го зборуваат многу гласачи дека 20 души од вас,пратеници на СДСМ, добиле пари од албанците за да гласата за Уставот.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**:(Продолжение)

Шпекулација, излезете, негирајте. Само се плашам да не е таа шпекулација вистинита.

Да се вратам назад на преамбулата. Како што албанците сакаат да не избришат нас од преамбулата, сакаат и други народи. Меѓутоа, немаат своја директна вмешаност во овој Парламент и нема да можат да влијаат директно. Но, да се потсетиме малку на историјата.бидејки оваа преамбула е израз на едно историско напрегање на македонскиот народ , на генерации. Добро знаете дека пет војни, шест, незнам колку имаше во минатиот век на овие територии, балкански војни, Прва, Второ светска војна, незнам војните за распад на Југославија. Сите вие добро знаете дека нашата нација е негирана од сите четири соседи на, овој или на оној начин. Несакам да ви држам предавање кој не ни го признава јазикот, кој не ни го признава името, кој не не признава на овој, или на оној начин. Меѓутоа, што правиме ние сега? Еве, да ве прашам вас, јас незнам зошто немате трпение да ме слушате, толку ли големи глупости зборувам. Глупости ли се ова за вас? Тоа не ми е јасно. Никако не можам да си објаснам, затоа што и не можам да зборувам денеска зошто немате трпение да ме слушате. Толку ли брзо сакате да го промениме Уставот? Не можам да си објаснам.Ова е ситуација на комплетно лудило.

Да не речам кој дипломат, да не ги офирам по имиња и презимиња, ми рече: ве разбирам зошто не сакате да ја смените преамбулата. Тоа ќе го искористам за тезата која што сакам да ви ја докажам. Затоа што тоа е едно од ретките места каде што сте запишани како нација дека постоите. Тој самиот рече, од една голема светска сила, самиот рече: разбирам зошто не сакате да ја смените преамбулата. Меѓутоа, јас со него се расправам и му кажувам дека нема да гласам, дека имам причина зошто нема да гласам и доаѓам во една ваква просторија на еден претставнички дом.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Кој е тој?

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Стрпете се г-дине Таири, ќе ви кажам подоцна имам уште многу да зборувам.

Она што сакам да го кажам е дека чемер и јад на душата имам кога ќе влезам овде, затоа што овде има помалку разбирање од македонците што значи преамбулата за нас, од тоа што некои луѓе дошле од страна, живеат тука кај нас 6 месеци, 12 месеци, па ја сватиле нашата историја. Сакам да ве прашам сите, нели сваќате дека со ова навистина ќе им дадеме за право на сите околни земји да ја парчат Македонија,. Оној што денеска успеал после 6 месеци со 3300 пушки да не натера да смениме 15 амандмани во Уставот, па тој утре за 3 месеци со 6000 пушки ќе не натера градови да даваме на други држави. Која е разликата? Кој ќе излезе од вас да ми каже дека не сум во право. Ако има 3300 терористи, кој вика дека нема 6600, или дека не може да ги има, не мора албанци да се , утре некои ќе се појават, еве да не именувам било која околна земја, ќе каже, немаме проблем со името бидејки нема народ кој што може да го носи тоа име. Како вие ќе се повикувате на името Македонија кога нема македонци? Утре немаме проблем со јазикот, бидејки нема народ кој што ќе го зборува тој јазик, или некој од вас ќе излезе и ќе ми каже: немојте да бидете трагични, се спомнуваме таму на две три места во Уставот. Трчи, трчи, можеби ќе најдеш некаде во Уставот македонци. Луѓе, треба да сватиме дека оваа преамбула не навредува никој, дека оваа преамбула не е против никој, оваа преамбула е за нас, единствено место каде што не има. А консеквентно на тоа ако се усвои амандманот, последниот амандман 17, 18, сега не знам точно кој е по ред, консеквентно на тој амандман кога ќе воведеме консензуална демократија, бидејки очигледно е дека ќе гласате, никој пат пвоеќе за век и веков во историјата нема да може да се врати ова. Дали сте свесни на тоа, ве прашувам? И не е решение да се примени она што го применува г-динот Црвенковски, кога зборувам да си излезе, претходно да дофрлува и после да се јави на г-динот Џафери, ајде да ја одложиме седницата за референдум, да дојде тука да изгласа и да се надева дека ќе биде премиер. Оваа работа е поголема од премиерско место, поголема е и од пратеничко место, поголема од се. Знаете, сто пати слушнав, Уставот не бил Библија. Јас ќе ви кажам, Уставот е Библија. Ако тој ја востановува државата, ако тој значи нешто од каде што сме тргнале еднаш во 2000, 3000 илјади години, тој за нас е Бибилија. И имате голема одговорност и незнам како можете да ја носите на грбот не спрема гласачите, спрема народот. Гласачите можеби и ќе заборават, историјата нема да ви заборави на никој од вас што ќе гласате. Ова не се однесува на СДСМ, ова се однесува на сите македонски пратеници, да не ме сватите погрешно. Многу од вас

викаат каков изборен политички маркетинг. Прво, нема да има избори. Ако вие викате нема референдум , била освоена една петина од територијата , како ќе држите избори? Така што , да се ослободиме од тие заблуди дека ќе имало избори и некој дека ќе поентирал, а некој дека немало да поентира. Не станува збор за избори, не станува збор за маркетинк, стаува збор за историска одговорност. И во таа насока сакам да ви кажам една многу битна работа, божја работа, иако треба да зборуваме за тукашни, за земни работи. Ќе ви кажам една божја работа, затоа што јас верувам во Бога.

Г-динот Никола Поповски кога напаѓаше меѓу другото и кога шпекулираше пред некој ден за референдумот, а си давам за право да спомнам за референдумот, бидејќи референдумот е и за овој амандман, за преамбулата, г-динот Никола Поповски рече, ако ВМРО сака референдум, ќе има референдум, ако ВМРО не сака референдум, ќе нема референдум, ако ВМРО сака промена на Устав, ќе има промена на Устав, ако ВМРО не сака промена на Устав, нема да има промена на Устав. Мислам на ВМРО-ДПМНЕ. И да ви кажам што е божја работа. Божја работа е што ВМРО има 46 пратеници. Вие сакате да ја направите политичка одговорност таа што ние имаме 46 пратеника. Јас ќе ви кажам, не . Божја работа е што сме ние 46 и залудни ви се сите телефонски разговори, сите договарања, сите опструкции, се ви е залудно оваа пратеничка група ако остане компактна. А јас ве уверувам како што денеска се менува односот кон терористите, ќе се смени односот и кон нашата ситуација. Само малку ако имате трезвеност да помислите што е тоа што ќе се случува со Макеоднија во наредните неколку месеци, ако бидеме цврсти како македонци. Мора да се смени односот кон Македонија. Еве , одете на интернет сите можни страници за Бин Ладен зборуваат дека тој е поврзан со УЧК.

Г-дине Мевљан Таири, можете да читате "Сандеј Тајмс"ако мислите дека имаме влијание како партија , или како македонци врз "Сандеј Тајмс", тогаш во ред, македонските медиуми пишуваат. Одете читајте "Њујорк Тајмс" што пишува, сакате ли да ви ги дадам текстовите да ги прочитате? Ќе ви ги дадам со задоволство. Ќе ги прочитате, но што од тоа ќе прифатите? Ако сите можни светски тајни служби, организации, сите можни глобални медиуми ја отвораат врската на Осама Бин Ладен со терористите на ОНА , ние не смееме во овој момент да верифицираме предавство, не смееме како македонци. Јас ќе ве повикувам и ве повикувам на македонско национално единство. Не сакам никој од вас да прозивам како предавник. Самите ќе се легитимирате како такви кога ќе гласате. До тогаш уште имате време и пред Бога и пред Македонија да се вратите назад и парите назад да ги вратите, ако сте ги земале. Во овој момент ќе се смени, ве уверувам дека ќе се смени глобалниот однос кон албанското прашање. Да, г-дин Стојковски. Зошто немате трпение да слушате за албанците.Тие ли треба да ве гласаат, или утре треба да ве пуштат да одите во Матејче. За тоа ли се крстите сега? Од дете ве знам и ве почитувам и мислам дека треба да имате почит кон ова што го зборувам. Не мора да се сложувате , јас не викам да се сложите , треба да имате почит дека еден рамен на вас ви се обраќа, затоа што овде сите сме еднакви. И вие како докажан комунист па ми е чудно што се крстите, да ви кажам најискрено. Па сега веќе кога претерувате, да ви кажам, како тоа вие како луѓе кои што на вашето партиско знаме имате петокрака, вие ми се крстите тука. Што глумите вие да ве прашам? Па добро знаете дека во симболите , во симболиката петокраката е антипод на крстот. Што се крстите? Или не знаете што сте?

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Нема место сега оваа работа, г-дине потпретседателе.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ**:

Има место. Имам право да кажам што мислам согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Ако ви е досадно, излезете си. Јас вас како албанци ве разбирам. Вие едноставно имате цел и ја остварувате. Јас не можам да ги разберам овие тука што се крстат.

Да се вратам на Осама Бин Ладен. Цел свет го кажува дека тој има врски овде. Еве, опозициони весници денеска пишуваат дека имал фирма во Скопје. Точно?" Македонија Денес".

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Не е точно. Вие сте на власт.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ние сме на власт г-дине Китановски? Ние сме на власт? Па како не ви е срам. Па ваши министри се фалат по Скопје дека не го слушаат премиерот,

дека прават што сакаат. Јас едно нешто ќе ви кажам. Ако сме ние на власт, вие вечер излезете од власта, ајде излезете од Владата. Ве повикувам втор пат, излезете од Владата, па барем македонец да го земе Министерството за одбрана и да ја брани државата. Излезете од власта. Што се провоцирате толку, незнам.

Мојата намера не беше да предизвикувам раздор. Јас не сакам никој од вас да го наречам она што не е. Јас сакам да го повикам да се освести секој од вас. Јас сум тој што сакам да повикам на македонско национално единство. Меѓутоа, едно нешто ќе ви кажам. Не мора македонско национално единство да биде по секоја цена ВМРО и СДСМ.Македонско национално единство значи македонскиот народ кога ќе застане позади една теза, а тоа на крај ќе ви го кажам што мислам со тоа, бидејки уште не сум стигнал до тоа.

(Аплауз)

Да се вратам на Осама Бин Ладен, за тоа сакав да зборувам. Во еден момент кога цел свет го поврзува со овие простори , кога сите прсти се насочени тука, кога знаеме што ќе биде пропорционален одговор на модерниот западен свет, кога сме на раб на судир на цивилизации кој што го предвидува Сантингтон во книга што Никола Поповски вчера ја читаше, раб на судир на цивилизации во кои што ќе се редефинира целата светска политика, ние треба на нашата држава да и ја запечатиме судбината за век и веков во бестрага. Јас не можам да ве сватам. Не можам да разберам никој кој што е за промена на преамбулата и не можам да разберам како можете да ја носите тежината на вашиот грб, на вашите плеќи. Затоа мислам дека не станува збор ниту за некаква предизборна кампања, ниту станува збор за некакво обвинување, ниту станува збор за некакво купување на време, станува збор за отворање на карти. Немам што да кријам ниту пред вас, ниту пред моите партиски колеги, ниту пред македонската јавност. Сакам да кажам што мислам.

За крај, уште еднаш ќе ја прочитам преамбулата. Се надевам дека нема пак да се крстите. Имам уште многу работи да кажувам, се надевам дека ќе можам да зборувам по другите амандмани. Сега е амандманот број 4.

За крај, иако ова ќе ми биде најтеко што ќе го кажам, но ќе го кажам за да сватите дека не станува збор за маркетинг. Ако овој народ, македонскиот народ го прифати ова што сте го направиле, или што треба да го направиме, ако овој народ го нема пред Собранието најмалку 50 илјади луѓе ако не дојдат да не изритаат на клоци сите нас и вас и нас, сите македнци, ако не дојде и не треба да има држава и треба да биде избришана. Ако овој народ ви дозволи да правите опструкции за референдум, ни дозволи овде да се изживуваме со историјата и судбината негова, ако не дојде да не исшутира и нека нема држава.

(Аплауз)

**РИСТО СПАНАКОВ**:

Почитуван потпретседателе, мислам дека во салата нема кворум за работа, па барам да се провери бројот на присутните пратеници во салата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За збор се јави г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, да се сослушаме.

Се согласувам со колегата кој бара да се провери бројот на пратениците во салата, меѓутоа, имам уште една забелешка. Имено, расправаме можеби за најсуштинската материја во Република Македонија, со која ќе се одреди историјата на оваа држава, а во салата го немаме предлагачот на Републиката и ниту еден претставник на Владата. Мислам дека тоа е крајно несериозен однос кон Парламентот, кон државата воопшто и мислам дека треба да направите напори да дојдат и претставници од Владата и предлагачот претседателот на Државата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, ако тргнеме во процедурални искажувања на кого што ќе му дојде да треба да предложи, има два предлога што беа дадени, имено, пратеникот Ристо Спанаков во врска со бројот на присутните пратеници во салата, па ве молам да се преброиме. Другиот предлог беше од пратеникот Никола Стојанов во врска со предлагачот на промените, кој држи. Меѓутоа, Владата не е предлагач и не може да обезбедуваме тука да биде присутна.

За збор се јави г. Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:

Во истиот контекст, на што мојот колега го кажа, најмалку сакам да имам улога на марионета овде или улога на морон кој треба да гласа, да не кажам залангур, затоа што тој што ги предлага уставните измени мора да присуствува тука, ако не, неговите овластени предлагачи во ликот на Фрчовски и Поповски. Реков ако не може. Ако е зафатен претседателот, би го замолил потпретседателот, нека даде пауза за да се обезбеди овде присуството на предлагачот, затоа што сметам дека овде се кори судбината на македонската држава, а не горе во просториите со разноразни делегации од Европа и од прекуокеанските земји. Затоа, потпретседателе како пратеник и како македонец, како претставник на одредена група на македонски гласачи, инсистирам предлагачот да го видам дијагонално десно од мене. Ова Собрание и овие пратеници заслужуваат, кога се работи за вакви круцијални прашања, предлагачот предлагачот да го видиме овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Кворум немаме, господа. Има збор Илија Прангоски.

Во салата велгуваат уште неколку пратеници

Сега во салата има 61 пратеник.

**ИЛИЈА ПРАНГОСКИ:**

Јас сакам процедурално да кажам само две работи.

Првата работа е, молам предлагачот на Нацрт-амандманите во најкраток можен рок да биде присутен на оваа седница на Македонскиот Парламент.

Второ што сакам да кажам и да им се извинам на моите синови во Охрид, бидејќи им ветив дека нема да присуствувам на оваа седница, но после говорот на г. Филип Петровски ќе присуствувам на оваа седница и ќе дискутирам за амандманите до крај, бидејќи навистина ние сме во ненормална ситуација. Ќе се пријавам за дискусија и ќе учествувам во дискусијата до крај, па нека се види и нека види македонскиот народ, ако воопшто го интересира сопствената судбина, како стојат работите и кој за што се залага.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Навистина има еден суштествен приговор.

Да почекаме што ќе се одговори од Кабинетот на претседателот.

Процедурално за збор се јави г. Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван потретседателе, почитувани колеги пратеници, Мислам дека треба да побараме сите една пауза, претседателот да се нацрта прв овде, затоа што уставни промени и амандмани се решаваат за Република Македонија. Ако треба да изгласаме, треба да изгласаме амандмани или промени на Уставот, ако треба и претседателот ќе одговара овде на наши прашања нормално, овде треба да дојде затоа што е предлагач и мислам дека сите треба да побараме пауза. Барам сите пратеници да предложат пауза.

(аплауз и бурно реагирање)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пратеници, навистина имаме формална пречка, ако одлучиме во отсуство на претседателот да продолжиме со работа, ние ќе одлучиме сами. Ако нема согласност, да не дојде до напуштање на седницата и да немаме кворум, тоа е понечесно.

Предлагам пауза до 16,00 часот.

(Пауза од 15,25 до 16,45 часот)

(По паузата со седницата продолжи да раководи г. Стојан Андов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, Денес пред нас се најдува втората фаза од уставните промени, тоа е текстот на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Макеоднија и денес по тоа расправаме. Поточно, расправата по овој текст на нацртот отпочна и во самата Комисија за уставни прашања, чиј што член сум и јас и морам да кажам на почетокот дека во истата комисија се водеше доста опширна и добра дискусија во однос на сите амандмани. Ако најголемо внимание предизвика и таму, а еве и денес според бројот на пријавените кандидати за дискусија, најголемото внимание го завзема токму амандманот IV или амандманот со кој се врши промена на преамбулата на Уставот.

Уште на почетокот ќе кажам, ќе бидам конкретен и ќе кажам дека вака како што ни е понуден текстот на нацртот на амандманот IV , за мене лично не е прифатлив и тоа само од една единствена причина. Имено, поради фактот што овој амандман во однос на постојната преамбула, се брише поимот Македонски народ, а се заменува со терминот "граѓаните на Република Македонија". Оваа своја забелешка јас ја искажав и на седницата на Уставната комисија и морам да кажам дека ваквиот мој став не произлегува само од мене, туку во опширната расправа во Комисијата. Овој став, поточно бришењето на Македонскиот народ го застапуваат многу дискутанти, како од внатрешните членови на Комисијата, така и надворешните, а таму имаше и експерти по Уставно право. Се јавувам за дискусија токму од причина што сакам да напоменам една работа, а тоа е, јас сум свесен дека ние денес не гласаме за амандманите, туку токму со нашите забелешки со нашите дискусии можема да помогнеме во утврдување на предлог-амандманите кои треба да ги поднесе предлагачот. Затоа е добро со наши дискусии да можеме да укажеме на оној дел каде што ние како пратеници, како претставници на граѓаните сметаме дека текстот би бил подобар ако во него се внесат ...

Претседателе, ако може потивко, ме деконцентрираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господа пратеници, ако може малку да внимаваме да му овозможиме на г. Караџоски кој доби збор да се искаже.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Значи, целта на дискусијата е токму тоа, со нашите забелешки што сигурно ги имаме и како претставници на граѓаните и како пратеници да укажеме на оној дел од текстот каде што ние сметаме дека можат да се корегираат и доколку можат да се корегираат, и тоа прашање треба да се постави, за да се добие текст кој е поадекватен и поприфатлив за сите граѓани во Република Македонија. Мене ми е многу јасно и на сите ни е јасно, и на граѓаните на Република Македонија им е јасно дека Нацрт-амандманите произлегуваат од Рамковниот договор. На сите ни е јасно дека тој Рамковен договор не настана случајно, туку настана како последица на една нарушена безбедносна состојба во Републиката и Рамковниот договор не случајно се нарекува мирован договор. На сите ни е добро познато и јасно дека и Меѓународната заендица инсистира на прифаќање на Рамковниот договор онака како што е напишан вклучувајќи ги и овие уставни промени вака како што се дадени. Меѓутоа, ако се декларирама како демократска држава ...

Јас ќе почекам да се смират во салата, ме деконцентрираат.

Добро, колеги, ако не е интересна материјата, да не зборувама.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само продолжете г. Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Значи ако се декларираме како демократска држава, јас би сакал да се почитува и демократската процедура. Мене ми е многу јасно и од контактите со преговарачитга во Охрид дека сигурно и тиа овие забелешки што јас денес ќе ги кажам, а кои ги кажаа и другите дискутанти дека сигурно и тие инсистирала на одредени забелешки и сигурно и на нив не им било лесно да го прифатат онака како што е Рамковниот договор и сигурно на тоа укажале. Во тоа сум уверен затоа што нема Македонец во оваа држава на кого му е лесно да се откаже од поимот Македонски народ во преамбулата, за која сите сме сведоци дека 1991 година потрошивме многу време и многу седници за да го постигнеме тоа.

Меѓутоа, ќе повторам, ако сме демократска држава, треба да ја запазиме демократската процедура на сите преговарачи, вклучително на нашите како и на Меѓународната заедница, требало да и биде јасно дека проектот за промени на Уставот сепак врват собраниска процедура. Каков е несериозен односот на истите кон оваа демократска процедура во Собранието *се* гледа од самите рокови кои се ставени во Рамковниот договор. Ние треба за 45 дена да усвоиме 18 амандмани, буквално да го измениме костурот на Македонската држава и сето треба да помине во прецизни рокови без некоја посебна демократска процедура. Тоа е едната причина.

Втората причина е, ако сме веќе демократска држава, ако се треба да се прифати онака како што е напишано во Рамковниот договор, лично не гледам зошто ја отпочнуваме постапката во Собранието, нали прва фаза, па сега глумиме втора фаза, па утре ќе глумиме трета фаза, ќе пуштаме амандмани, ќе гледаме нацрти, а во суштина треба да

прифатиме онака како што некој ни сервира. Затоа, треба искрено да си признаеме, да си кажеме дека по се изглада не постои демократија не само во Рапублика Македонија, туку веројатно не постои демократија и кај оние кои посредуваат и не учат на демократија. Да ти се наметнуваат ставови, се со цел да се постигне нешто што некој го замислил надвор од сега демократска процедура.

Почитувани пратеници, јас само ќе образложам накратко зошто јас лично не би можел да го поддржам амандманот IV и тоа во неколку црти.

Значи со бришењето на Македонскиот народ, поточно на реченицата дека Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ, ние господа пратеници ќе бидеме единствената држава која ќе си го уништи, поточно ќе си го избрише сопствениот народ. Значи, на еден ќе го речам демократски начин, со едно обично гласање овда во Праламентот, со усвојување на овој амандман, ние си го бришеме сопствениот народ. Тоа е едната причина.

Втора причина е што ова ќе биде невиден првседан во историјата. Замислете да се брише историскиот факт дака Македонија е конституирана како национална држава на Македонскиот народ, тоа е невиден преседан според мене. Но да не заборавиме дека Макеоднскиот народ има долга историја, дека во таа историја водел вековна борба за да дојде во позиција за да ја искаже својата националност, преку формирање на национална држава. Тоа го покажал во многу периоди во историјата. Сега да ги негираме сите тие историски факти, со тоа што ќе го избришеме од преамбулата, јас лично мислам дека тоа право го немаме.

Исто така, ваквата преамбула која почнува со ѓраѓаните на Република Македонија според мене не само што е преседан кај нас, туку е преседан и во меѓународното право. Јас лично не познавам ниеден Устав, можеби со исклучок на еден, ниеден Устав во кој уставите почнуваат со граѓаните на Република Македоија. Секој што ќе го прочита тоа гаѓаните на Република Македонија ќе се запрашаат чија е оваа држава, на кого е оваа држава. Граѓаните на Република Македонија да се издигнат на степен на државна заедница за мене е преседан. Основни категории за да постои една држава е постоење на народ и територија. Ние тој конституент го бришеме, го нема "народ" и сега граѓанинот е тој што ја формира, врз основа на територијата државата.

Исто така, Меѓународно сретнат поим е категоријата народ. Значи граѓаните Сепак се здружуваат во една повискока форма а тоа е постоење на одреден народ, а тој го сочинуваат и граѓаните. Јас не знам само на кого лично му пречи постоењето на категоријата односно на поимот Македонски народ да стои во преамбула. Ако овде дел од пратениците, а тоа особено се однесува на албанските пратеници, го поистоветува почетокот на преамбулата Македонски народ со етничкиот состав односно со етносот, дајте да бидеме Демократични, да направиме еден најграѓански Устав да се сфати поточно како што во целиот свет се сфаќа поимот народ, еве нека биде Македонскиот народ, како демос, поточно тој да го сочинуваат сите граѓани. Такви примери имаме многу, да не набројувам. Во сите европски земји има такви примери. Кај нив поимот Француски народ, Шпански народ итн. не се сфаќа како етнос. Сите граѓани на Шпанија , Франција па и Макеоднија треба да го сочинуваат народот на таа држава, нормално какво име и носи таа држава.

Аналогно на ова, според мене, сите сме сведоци дека до ден денес Република Македонија во меѓународни размери не го дефинирала своето име.Ние се уште фигурираме под референца БЈРМ. Сега би го поставил прашањето, како може да очекуваме некој да не признае како Република Македонија, која би била одраз како име токму на народот кој го сочинува таа држава, кога ние во суштина ќе немаме народ, односно ќе имаме само граѓани или етнички заедници. Како ќе можеме да очекуваме од Меѓународната заедница да рече добро, досега бевте, иако имавте Македонски народ, бевте БЈРМ, сега нема да имате Македонски народ туку ќе имате граѓани на Република Македонија, па сега ќе се викате Република Македоднија. По мене тоа е нелогична работа.

Друго дискутабилно прашање односно проблем кој мене ми се јавува и не ми дава за право да се произнесам односно да го прифатам вака предложениот текст, е тоа што неминовно ќе се постави прашање, како ние како матична држава ќе се грижиме за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји и иселениците од Македонија, одредба регулирана во член

49 од Уставот, каде што се кажува ете тука се спомнува македонскиот народ. Која е логиката ние безимени да се грижиме за некој народ кој е надвор од нашите граници, што ќе рече македонски народ ќе постои секаде во белиот свет само нема да постои во матичната земја. Тоа е страшна нелогичност. Ајде да го поставиме вака примерот, еве, би го поставил до колегите албанци. Замислите сега Република Албанија да биде држава на граѓаните на Албанија, а истите граѓани на Албанија да се грижат за правата на албанскиот народ во соседството, во Косово, Македонија итн., а тој народ да не постои во Албанија.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ**: (Продолжение)

Парадокс невиден. Мислам нема албанец пратеник кој ова би го толкувал како објаснување, тогаш и за мене е прифатливо ова другото. Меѓутоа не гледам ниту еден албанец кој со тоа би се согласил. Но, разликата е во тоа што албанците во секој случај имаат матична земја. Ние со бришењето на "Македонскиот народ" од преамбулата ја губиме сопствената матична земја. Како ќе се грижиме ние сега за нашите права на нашиот народ во соседните земји или на иселениците.

Слушавме многу полемики и на телевизија и на самата Уставна комисија, искрен да бидам, многу од нив ги прифатив, многу дискусии од стручњаците по Уставно право исто така ги прифатив, јас искрено стравувам дека со прифаќањето на промената на преамбулата ќе следи еден поширок процес каде се што ќе се спомне македонско, треба да се брише. Сношти г. Блаже Ристевски кажа дека ќе следи бришење на МАНУ, нема да биде МАНУ, незнам како би се крстил поинаку и сите други можни префикси кои го носат поимот македонски или Македонија.

Затоа почитувани пратеници на самата Уставна комисија ние предложивме неколку заклучоци и тоа еден од тие заклужоци е да се смени почетокот, преамбулата да не почнува со "Граѓаните на Република Македонија", туку да почнува со "Македонскиот народ" или имаше друг предлог ако веќе се задржува "Граѓаните на Република Македонија" во дело каде се спомнува дека граѓанте се застапени преку своите претставници да се наведат кои се тие значи претставници на Македонскиот народ, албанците, онаа стара формулација која постоеше во постоечката преамбула.

Сакам да се осврнам на една работа, сметам дека со ваквата измена на преамбулата со овој амандман што ни се нуди апсолутно не се зајакнува граѓанскиот концепт, ако некој тоа го мислел кога го предлагал дека ако стои поимот "Граѓаните на Република Македонија" е сега сме апсолутно граѓанска држава, тоа апсолутно не го менува. Преамбулата е сепак увод, а одредбите се тие кои го кажуваат карактерот на државата дали е граѓанска, национална или не знам каква. Јас тврдам дека и досега постојниот Устав во својот член 2 јасно го дефинирал карактерот на државноста дека е тоа граѓанска држава поточно граѓански концепт.

Затоа почитувани колеги пратеници дајте да изнајдеме сила поточно да најдеме заеднички јазик, еве би апелирал и до колегите пратеници албанци, јас лично сметам дека ништо нема да им пречи ако стои "Македонскиот народ", поим сфатен како демос, да се вгради во амандманот IV.

Искрена апелирам и до предлагачот, до претседателот на државата за да верувајте ако најдеме заеднички јазик и на овој начин го корегираме текстот на амандманот, ми се чини дека натамошните дискусии по однос на другите амандмани ќе течат многу подобро. Вака, да ја носиме судбината на сопствено самоубиство е многу тешко.

Вие се залагате да речам како албанци, како албански претставници да стекнете рамноправност, од друга страна треба ние да изгубиме и да дојдеме ние во некоја подредена позиција. Заради тоа токму и тоа, затоа има втора фаза, нека ги послуша и предлагачот, а и ние како колеги сите овие забелешки кои ќе произлезат од денешнава расправа, а и од претходните затоа што секогаш има поправен испит.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам господине претседател, дами и господа колеги, господине Арнаудов, претставник на претседателот на Република Македонија, господине министер.

Ние сега сме во втората фаза од обидот за менување на Уставот при што не е фер и понатаму да се инсистира за тоа дека станува збор за промена на Уставот, дефакто, тоа ќе биде нов Устав и оттука нужно е нештата ги осетиме од тој агол.

Не станува збор за козметичко дотерување на пример со амандманот III кој беше донесен во 1995 година, некои што сте подолго во Парламентот појасно ви е за што станува збор, мислам околу дозволата за

прислушување илии следење на поштата во насока да може да се води истрага или притворот да може да биде подолг од 30 или 90 дена, овој пат измените кои се заговараат навлегуваат во коренот на самата Македонска држава.

Јас во првата фаза бев јасен дека за тоа немаме овластување. Исто така Уставот од 1991 година е синтеза од минатото, некои помнат некои не, но во секој случај можело да се прочита како течеа дебатите и во Уставната комисија тогаш, а и тука во пленарната сала (реакција од страна на пратениците дека не го слушаат добро). Јас не владеам со техниката, молам на луѓето кои не ме слушаат да им се обезбеди од технички аспект доволна чујност. Од почеток па ќе одиме до дедо Ное, тоа нема овој пат да го работиме. Носејќи го тој Устав нормално се потпревме на наследство. За овие 10 години тоа наследство не е избришано, а уште помалку смее да биде избришано, а најмалку со неколку месечна крвожедна акција, напади и ѕверски изведени напади врз безбедносните сили и цивили. За тоа нема никој тука право најпрвин тоа да го бара, а уште помалку тоа да го спроведе. Веродостојноста на актерите овие месеци како надворешните така и домашните сепак е спорна. Јас тогаш бев јасен дека претставниците од двете македонски политички партии немаат легитимитет за такво нешто исто така и од албанските. Причините беа неколку, не помогнав тогаш, сега ќе морам да бидам поексплицитен. Причината е едноставна политиката во Република Македонија не се утврдува со мини, бомби, пушки, снајпери или тенкови, политиката се утврдува во Собранието. Заклучоците од март месец се децидни. Конфликтот да се изолира и отстрани. Тоа е барањето. Тогаш бевме и колегијални, не го запишавме поимот терор во никаков облик ни како именка ни како придавка, ниту како некоја произведена именка демек терористи, терористички групи или тероризам. Тоа беше наш аколегијалност кон колегите пратеници од партиите ПДП и ДПА. Едноставно беше причината нашите колеги беа под загрозеност, на снајпери. Затоа не стои во тие заклучоци зборчето "терор" и се друго што е поврзано со него. Не заради нешто друго.

Оттука заклучокот или изводот е сосем јасен, егзекутивната власт потфрли. Напорите што потоа уследија се покажаа од една страна јалови од друга страна отровни. Зошто при раселување, при тероризирање на население да се стигне до тој степен? Па на крај на 13 август дата која во колективното паметење на Македонците е горчливо запомнета, на истата дата баш да се потпише некој договор. Налогот од Собранието во месец март беше јасен - дијалог никако преговори уште најмалку финиширање со договор. Јас гледам пречки од уставно-правен карактер за ваква иницијатива. Тогаш не добив одговор на тоа прашање и во меѓувреме не ми е познато каде ќе биде депониран тој т.н. Рамковен договор при која институција, при кој орган, па галиба нема да биде некаде во белиот свет, туку ќе биде депониран тука во Република Македонија најверојатно во некое од министерствата, јас претполагам Министерството за правда. А дали може според Уставот да има документ депониран на друг јазик освен на македонскиот, мислам дека не може. На страна штопреводот е нездрав, а се сомневам и во тоа дека така како што е напишано на англиски оригинал дека е издржано напишано. Јас помнам 1991 година имавме советник професор во пензија по Уставно право Блаустејн од Филаделфија, тој кога го виде преводот на Уставот нормално тој не знаеше македонски, но го виде англискиот текст, кажува ова не е англиски, многу ми е жал, но ова јас не го разбирам, па седна една или две ноќи макотрпно го преработи англискиот текст и потоа се консултира со нашите луѓе, тогаш беше една група која го изработуваше Уставот и тие се согласија така и така да биде терминологијата.

Какви толкувања ќе има утре за Уставот и дали тој Рамковен договор потпишан автентично на немакедонски ќе се бара толкување при различни расправи. Околу тоа останав без одговор, во ред, можеби е непотребно, можеби нема место за возбуда, се е толку феноменално, па ќе го прескокнеме, но потоа имавме 1992 - 1993 година кога се оспори нашето име и тогаш повторно добивавме совети и ни се укажуваше дајте попуштете се ќе биде во најдобар ред. Нема мака се е толку добро, се ќе биде. Ништо не бидна десетина години ние гледаме каква политика се води токму кон Република Македонија, а ние гледаме дека една цела генерација израсна без допирни точки или со бели допири со западната демократија, а исто така гледаме дека за овие десетина години можеби седумдесетина ако не и повеќе илјади наши граѓани се иселија таму каде инаку не можеме да патуваме без виза.

Оттука, треба малку да бидеме свесни за тоа со кого разговараме, на која тема и како разговараме. Уплеткувањето во вакви рамки е погубно и ќе има последици.

Тогаш во првите години спорејќи околу името се поведе сметка да не се нанесе штета на угледот на ликот на кариерата на неколку политичари од Република Грција, сега истото ни се зборува дајте немојте да бранувате, немојте неколкумина кариеристи или дипломати од запад да не ги загубат местата, тоа ќе биде за нив поразно, а затоа пак ние државата да си ја напуштиме. Не е убаво.

Јас не можам да се согласам, најмалку пак можам да се согласам на вакви промени од причина што сето тоа се разгоре со силата на оружјето. Немаше ништо добро во тоа. Вини има на многу страни, не сакам да тврдам на сите, но за нешто што ми е јасно сакам да ви укажам.

Ние грото, ако не скоро сите елементи што се содржани во овој договор, но повеќето од нив ги завршивме, ги апсолвиравме. Но, за жал, легислативата беше стопирана 2000 година во мај, токму тука летото пред да почнат тие фестивали, во суштина не кампањи за локалните избори, од тогаш наваму целата држава оди се подолу и подолу.

Моето убедување, а можеби и не е така, но имавме еден успешен министер за локална самоуправа, но токму тој отиде јабана, токму тој мораше да биде отстранет. Програмата што беше изработена во тоа министерство ги подмируваше скоро сите потреби, така што некој е должен во овој Парламент ако веќе сака да ја заврши втората фаза утре или по 2-3 недели третата, должен е да одговори како успеал да ги стопира таквите зрели и поддржани промени. Тогаш имаше кочница, исто од белиот свет, но тоа никого не го интересира, Светската банка не беше за тоа или Меѓународниот монетарен фонд. Но, и тие подоцна се согласија, но политичките сили никако. Гледаме што се случува понатаму.

Остана нерасчистено на каква подлога, на каква основа, е присутна мисијата на НАТО, еве сега и ќе се продолжи таа мисија. Тоа се директни противречности. Поаѓајќи од текстот на Уставот, Законот за одбрана, инаку Закон за одбрана кој едвај успеавме некако напролет да го истуркаме тука и тој си седеше со месеци чекаше добра волја за 80 гласа, но таму многу јасно стои што е чија надлежност. Странски трупи не е битно дали е од Алијансата, но ефективна странска војска со задача на територијата на Република Македонија да ја имате притоа да менувате и Устав, а да немате легална основа за присуството на таа војска е деликатно. Точно е дека има договор од декември 1998 година меѓу тогашниот министер Кљусев кој веројатно сега дебело се кае, но не е тој толку виновен, виновни се тие што не го предложиле понатаму тој текст, а уште повеќе овие сегашните што со истиот тој текст оперираат, а не го предлагаат на Парламентот да го ратификува, а Парламентот уште повеќе е виновен што околу тоа исцрпно молчи, што во текот на целата криза не најде сили да се состане.

Нештата не се така едноставни и ниту со прифаќањето на вакви амандмани ќе бидат средени. Ќе останат многу празнини, на некои места дури и дупки така што ние својата држава не ќе можеме да ја сочуваме. Со вакво работење, јас морам да нагласам пред се на законодавното тело на овој дом, не може да се сочува држава. Тоа е трагедија за граѓаните, трагедија за етничките групи, за македонскиот народ, за малцинствата или националностите како кој милува, а маките се по луѓето. Ние еве имаме неколку месеци бегалци односно избркани луѓе, напудени, власта не може да среди за нив кров над глава или пристојно храна. Тоа е се во ред, па тоа не е во ред никако и ќе се постапува онака беневолентно, добронамерно сакаме ќе менуваме и Устав. Ами како. Ниту движењето во државата е обезбедено по магистралните патишта, а да не зборуваме за споредните. А овде завлегуваме во темелни преуредувања. Не можам никако да се согласам.

Пратениците се должни во своето одлучување да се самостојни, но самостојноста си има цена односно и да се биде недопирлив, да не се стои под никаков притисок, под никаква уцена, јас сакам за вакво изјаснување, за жал, тоа не се случи при првата фаза, секој од пратениците да декларира дека е целосно самостоен.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Да не е под никаква уцена, финансиска или било која друга. Јас се сомневам дека има многу обиди и врз пратениците да се влијае. За жал врз нашата екзикутива, врз Владата која тука околу 100 души ја поддржавме има притисоци. Има притисоци кои одат во насока на уништување или барем на намалување на македонската државност. Ние не ја поткрепуваме таа Влада. Напротив ние бараме начини да ја оцрниме. Не дека таа Влада е феноменална и дека не греши. Греши на многу места. Грешеше и претходно, и пред да биде во ваква коалиција. Се грешело и годините наназад, но овој пат навистина станува збор за битието. Тоа битие не можеме едноставно да го напуштиме.

Пред да ви кажам за средбите што ги имав во Брисел, бев многу изненаден од тоа што предлозите по однос на Нацртот на текстот на амандманите е упатен до Собранието. Јас во петокот таа пратка не ја добив, а веќе во средата Уставната комисија ги разгледувала амандма-ните. Јас сум член на таа Комисија, таа досега не заседавала, но не ми е пријатно на нејзиното прво заседание јас да не присуствувам, а јас дури и незнаев дека има седница таа Комисија. Од тука ќе треба да размислам што да правам, јас сум член на таа Комисија, но не ми е мило така итно да се закажува за вака големо прашање седница.И не ми се допаѓа што дискусијата е бегла. 1991 година во таа Комисија имавме маратонски и исцрпни разгледувања, а овој пат навистина по се изгледа се се решава со динамит, а не со разум. Тука не можеме да се помириме. Некои од амандманите нужно е да се претресат, а во текстот на тој нацрт стои дека се менувале 12-тина проценти од членовите и одредбите. Знаете Господ Исус Христус, има и такви кои и на оваа говорница со задоволство милуваат да го цитираат, јас се обидував со години на ред да не зборувам за Господ Исус Христус на говорница, но има негов став или изрека "вие сте солта на земјата".

И Уставот како тело има елементи. Па, солта е едвај 2%, а 12% да се изменат е многу. Без сол познато е биолошките организми почнуваат да трулат. Тоа се обични сознанија, народот ги познавал, низ вековите немало фрижидери па се складирало храна преку солење.

Уставот од 1991 година не познава преамбула. Уставот од 1991 година има вонреден дел кој е на пола степен со нормативен дел. Кога го донесувавме Уставот беше во оптек преамбула, но овде во амандманските дебати се избриша зборот преамбула и на тој начин Уставот останува без преамбула. Јас незнам како вооошто се пристапува кон тоа да се менува преамбула кога во самиот Устав такво нешто нема. Тоа е дел од нормативата.

Нужно е да ве известам за тоа каде бев овие неколку дена.

Јас бев на средба во Европскиот Парламент како претставник на нашето Собрание. Беше поканета Комисијата за надворешна политика, можеше да присуствува и друг колега, колешка, но од редица причини не дојде до тоа.

Тоа беше средба за прв пат организирана од Европскиот Парламент, парламентарната асамблеа на Советот на Европа и парламентарната асамблеа на организацијата за безбедност и соработка во Европа. Тоа е една новоформирана тројка со задача или со замисла да се следи имплементирањето на Пактот за стабилност во Југоисточна Европа. Таму беа претставници од сите парламенти во Европа. Јас не станав од салата, бев присутен на сите дискусии, можете да ги побарате стенограмите, учествував две минути и пет секунди, но никој од европските парламентарци или од парламентите ширум Европа не врши притисок врз парламентарците во Македониј нешто да биде прифатено или дека нешто по секоја цена мора да биде вака изгласано. Такво нешто нема.

Паралелно со таа пленарна седница имавме и пленарни седници од пратеници во Југоисточна Европа но веќе во организација на фондацијата Фридрих Еберт, тоа е фондација на Социјалдемократската партија во Германија. Таму беа и колегите Благоја Ханџиски и Ризван Сулејмани. Имавме повеќе средби со бирократи и со политичари, но во секој случај и со високи чиновници од Европската комисија. Е, е тука тоа е екзекутива и можам да ви кажам дека тие вршат притисок. Само на нас како целина дали тој притисок ќе го отфрлиме. Тие исти бирократи или политичари од кариека или дипломати не се ни осмелуваат на своите парламентарци да им објаснат каква позадина постои, а па колегите, нема да наведуам со кого се разговарав, се чудат зарем е можно така искривени нештата да се прикажуваат. За жал, можно е. Можно е и затоа ценетите колешки и колеги, бидејќи не патуваме, бидејќи не примаме делегации тука, сега почнаа да доаѓаат делегации, но потребно е и ние да тргнеме малку на пат да видиме какви ќе бидат тие средби со нашите колеги. Државниот интерес мора да се штити. Најдобрите заштитници се пратениците. Тоа што кај нас пратениците и на општествен план се девалвирани до немај каде си има ред други причини, но битно е сега да се надминеме, битно е ние да почнеме да воспоставуваме контакти, битно е да појасниме за што станува збор.

Ние немаме непријатели, ние немаме притисок како во 1992-1993 година за атак на неколку политичари што името не си го сочувавме, односно не можеме да го користиме на поширок план, така сега за атак пак на неколку кариери се инсистира државата да си ја распуштиме.Тоа нема да биде така и нема така да оди. Голема грешка се направи што воопшто првата фаза тука е завршена со 91 глас. Обидете се овој пат да немате 60 гласови за ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Оваа сала, односно ние пратеници имаме голема одговорност како за народот, за денеска сакам да кажам како и за иднината на Република Македонија. Мегутоа има поединци кои така не мислат, или мислат дека се у едно друго време, работат или работеа.

Уставот на Република Македонија од 1991 година од моментот на усвојувањето беше неприфатлив за албанците и затоа не беше изгласан од страна на пратениците албанци. За нас Уставот полни 10 години беше генератор на конфлики и недоразбирања во однос на спроведувањето на Уставот и законите. Затоа новиот текст на предложените амандмани ќе помогнат да се надминат досегашните проблеми а уште поважно да се врати мирот ов Република Македонија што е неопходно за иднината на Република Македонија.

Нацрт амандманите на Уставот на Република Македонија претставуваат еден чекор напред за граѓанските и етничките права на националните заедници во Република Македонија.

Од друга страна албанците кои се спремни да ги прифатат предложените амандмани ќе прават големи отстапки во однос на досегашните барања на албанците.

Отстапките се чинат во интерес на мирот, суверенитетот, интегритетот на Републиак Македонија.

Нацрт-амандманите претставуваат компромис на досегашните барања. Со нацрт-амандманите се гарантира интегритетот и суверенитетот на Република Македонија, односно непроменливоста на границите и се регулира еден дел од човековите етничките правите. Кога се признава од сите граѓани и територијалниот интегритет и суверенитетот на државата тогаш не може да се земе за зло било кое за внетрешно уредување на Република Македонија. До сега често се зборуваше дека каде се албанците нерамноправни со другите или пак се етикетира дека се против интегритетот на државата. Се ова се чинеше да не дојде до измените на Уставот. Денеска сите сме сведоци дека поради некој си проблеми имавме големи политички економски штети. Во последно време и човечки жртви. За мене се рво беше непотребно кога ги имаме во предвид барањата на албанците и на другите.

Со Нацртот на амандманите е предвидено Македонија да биде граѓанска држава а не национална држава. Сакам да кажам неколку збо-рови за преамбулата бидејќи овде многу се зборуваше за тој проблем.

Вие сите знаете дека првиот предлог на албанците па и на другите беше Македонија да остане како национална држава. Значи предлогот на преамбулата не е од групата на пратеници албанци бидејќи ние сакавме да имаме национална држава каде покрај македонците како македонскиот народ и албанците ќе бидат државотворен народ, односно двонационална држава да биде Македонија.

Мегународниот фактор, односно трендот во Европа и во светот е сега да нема национални држава бидејќи тие мислат дека тоа се останати од Х1Х-от век и затоа се инсистираше, значи од другите се инсистираше Македонија да биде граѓанска држава. Ние ништо немаме и понатаму против меѓутоа не можеме да излегуваме од Рамковниот договор инаку ќе прифатевме да биди и понатаму македонскиот народ во преамбулата заедно со албанците како државотворен народ, односно како народ во Република Македонија.

Бидејќи не постои во светот каде има 1/3 од населението да не е државотворен народ, односно да нема свој службен јазик во та земја, посебно кога се автохтони. Ако може некој да тврди овде нека каже слободно, каже ако се автохтони, бидејќи имаме некли други примероци на други земји.

Кога сме кај амандманите сакам да кажем дека Уставната комисија незнам зошто непрецизна до крај во некои амандмани и мислам дека треба да бидеме соодветни најмалку во оваа фаза да биде соодветно со Рамковниот договор. Тоа може да се види многу лесно во амандман XII каде...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе дојдеме до амандман XII тогаш.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Кога е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе му дојде редот.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Јас сакав да кажем како пример како немаме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш ќе го кажете тоа.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Амандманот V кој се однесува на...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама, сега е IV амандман.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Зборував јас за...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може така.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Не можем да кажем повеќе. Некој друг тоа. Јас мислам дека после неколку дена ќе имаме дискусија и ќе земам учество и за ова прашање.

Употребата на јазиците што е предвидено во амандман ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

После е тоа. После е тоа, не сега. Сега е само IV амандман.

(Реагирање на пратениците на ПДП од место).

Не, не, ама тој на амандмани се обраќа.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Јасна ми е ситуацијата нема потреба...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, само за IV-от амандман.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Дали ние дискутираме денеска само за IV-от амандман или комплет за амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, сега дискутираме за IV-от амандман.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Ја завршив за IV-от амандман, за преамбулата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, благодарам.

**АБДУЛА АЛИУ:**

За преамбулата албанците можат да прифатат македонците да бидат во преамбулата заедно со нас албанците...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, го рековте тоа.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Немаме ништо против тоа. Исто и другите после бидејќи сме мултиетничка држава.

Употребата на пример кај ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

После е тоа, после е употребата. После ќе дојдеме ние и на VI-от амандман и VI-от и V-от амандман.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Сакам да ви кажем дека не...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас знам што вие сакате да кажете. Ќе го кажете кога ќе му дојде време.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Значи ќе ги оставиме за следниот пат, така?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, на оваа седница, ама не сега. Сега е отворен претрес само за IV-от амандман.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Добро, ајде да завршим тогаш да немате други проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро господине Алиу. Готово, така?

**АБДУЛА АЛИУ:**

Како што се гледа Нацрт-амандманите се само еден чекор напред за етничките права.

Во интерес на мирот албанците се откажаа од своите легитимни барања како што се албанците да бидат државотворен народ во Република Македонија, албанскиот јазик да биде втор службен јазик во Република Македонија во права смисла, а не како што е предложено во членот VII.

Од барањата за консесуална демократиај која се мислеше да се реализира преку дводомно одлучување на Собранието потоа барањето за воведува институција под претседател на државата од барањето за локална полиција што требаше да биде во функција на општините од кантонизацијата на Република Македонија и тако натаму. Компромисот од албанскиот блок да ги прифати амандманите со толку отстапки е само поради тоа што сме во војна и ни треба мир кој е во интерес на сите граѓани. Свесни сме дека со овој наш чекор го спречуваме една голема непотребна трагедија во Република Македонија како што знае да биде граѓанска етничка војна.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Морам да признам дека се двоумев дали воопшто да изелзам на говорница да кажам нешто по некои тези што беа тука

презентирани не поради оние што ги презентирале тие тези, се одлучив да излезам, туку поради потребата јавноста објективно да се информира и да изнесам толку колку што јас можам да изнесам.

На почетокот да кажам дека овие опструкции што се вршат тука и вчера и денеска и незнам колку уште, ми даваат можност да бидам скептик, да не кажам песимист во насока на тоа да кажам колкав капацитет има ова Собрание и колкав капацитет можат да имаат одделни пратеници во правец на состојбите на државата, интересите на граганите на кои, за жал за сега ние не можеме да им понудиме повеќе од бедотија, трагедија и војна.

Имено, јас сум песимист поради тоа да некого, колку го загрижил совеста во однос на жртвите што ги имавме, во однос на разорувањата во државата во однос на беспреспективноста на луѓето. Посебно ова важи за тие кои сега префрлаат вина на другата страна а беа на власт кога не снајде војна.

Ме загрижува нешто многу важно, се плашам дека одделни луѓе се подготвени да градат сопствена и лична среќа врз колективната несреќа или туѓата несреќа или граѓанската несреќа. Тоа повеќе зборува за нивниот морал. Несвесни дека таквиот маркетнишки потег е само привиден, лажен и краткотраен, од причина што секое разгорување на војна понатаму сите ќе ги погоди, без оглед на националната и етничката припадност.

Ние сме тука да даваме мислења, предлози и сугестиии во однос на тоа што е предложено пред нас. Сето тоа е во ред да се расрпава, конструктино да се придонесува толку колку што е можно. Меѓутоа мора да се согласиме дека имаме ние посебна состојва, имаме, не би рекол вонредна состојба, туку нешто исклучива состојба. Пред себе имаме еден документ што бил предмет на разговори или преговори на четворицата претставници на политичките партии со претседателот на државата и олеснувачите. Така што тој документ, логично кажано, не би требал да биде некој документ што е за навек даден документ. Тоа е како секој документ, може да се расправа за него.

Меѓутоа, имаме посебна состојба што бара брзо , ефективно и ефикасно решавање, така што секое можно алтернативно поместување во однос на содржината на текстот, веројатно ќе доведе во многу по болна положба.

Имено, ајде да тргнеме од некоај историска реалност што се однесува на слични земји. Дали ние познаваме состојба или ситуации кога, и пред војната и после војната одделни структури, како што е нашето Собрание, дискутирале на пример за оделни пактови, Берлинскиот, Виенскиот, Тријанонскиот, а и после војната во однос на Кореа, Виетна, Кампучија. Дали тие договори, мировни договори беа подведени под не-која посебна процедура што претспоставува и иземни и дполнувања, какви што даваат мислења пред ова Собрание. А некои мислат дека ова прашање многу полесно и подемократски може да се реши по пат на референдум. Веќе е експлоатирана реченицата дека тоа ќе потрае, со самиот факт што постапката што ја предвидува законот ќе траеше два или три месеци. Ние мораме да се согласиме дека имаме една реалност, имаме тотална аномалија на институциите, меѓутоа на основните институции на власта што функционираат така како што функционираат во одделни делови на државата.

Ние, исто така мора да се согласиме со една реалност, а тоа е , за жал, фактот дека моментално имаме во голема мерка тотална поларизација на јавното мислење во однос на труциалните прашања од развојот на државата, па и за ова прашање за кое што расправаме. Замислете сега, резултат на тоа расположение, излегуваат 100% од една национална заедница и 100% од другата национална заедница. Каде е исходот или завршницата на тоа? Но, за тоа ќе разгоаварме кога ќе разговараме.

На Уставната комисија беа покренати неколку важни, круцијални прашања.

Првото прашање е дека со овие промени и измени се исклучува државотворноста на Македонскиот народ.

Второто прашање е дека некои други дополнителни етнички или национални заедници се промовираат во уставно-правни или уставотворни заедници.

Трето прашање, можеби навлегуваме со некои промени во таква уставна конструкција каде фактички имаме блокада на функционирање на системот.

Но, да одиме по ред. Значи, кога се кажува дека со Уставните промени се исклучува Македонскиот народ од Уставот, иако едноставно кажано, јас ќе образложам понатаму, ќе настојувам стручно колку што можа, меѓутоа, грубо кажано да го прочитаме членот 36 од Уставот кој не се

менува со уставните промени и кој гласи и ќе гласи дека Републиката ги гарантира специјалните права на тие што се прогонети за идеите на Македонскиот народ и неговата држава. Значи каде се контатациите со кои се кажува пред медиумите, пред јавноста дека се исклучува Македонскиот народ и државата? Тоа е сепак една толеранција од страна на преговарачите што воделе преговори во Охрид.

Вториот сегмент или втората определба, членот 4е што со амандмани нема да се промени и гласи и ќе гласи дека Републиката се грижи за положбата на Македонскиот народ во соседните земји.

Трето, што е многу важно, без оглед кому да кажеме дека преамбулата, сметам дека сепак двата важни столбови на државотворноста на Македонскиот народ постојат. Тоа се Крушевската Република и АСНОМ. Сепак, етничкиот и националниот елемент во преамбулата, без оглед на декларативноста и понатаму опстојува.

Беше кажано дека без народ не се прави држава. Тоа секогаш не навраќа 100 или 200 години наназад, на принципот еден народ една држава, што асоцира на националсоцијалистичките тези за функционирање и организирање на држава.

Оттука се поставува прашањето, ако неможе без народ да се формира држава, кој беше тој народ што ја формира САД? Кои беа или кои се тие народи кои говорат ист јазик, слична култура, традиција, историја кои живеат во Јужна и Латинска Америка па формирале големи држави, незнам колку има , 13 или 14. И трето, зошто во една заедница што има иста култура, традиција и сегменти што ја сочинуваат националната заедница формирале 18 држави, а тоа се Арапите како нација.

Значи, за тезата дека ќе исчезне народот ако од преамбулата исчезнува националниот елемент, мислам дека е погрешно од причина што нациите, подобро да кажам народите не се формираат со устави Можеме да напишеме било каков устав, било што да напишеме во него, меѓутоа народите се креираат или се формираат во определени историски, културни моменти, социјални и тн. Значи, поимот народ е социолошки поим. Неможе да биде уставна категорија. Дури се политизира кога сакаме да го претвориме во уставна категорија.

Некои мислат дека народот, само народот е субјект на меѓународното право. Мислам Г. Климовски ја поддржуваше таа теза и реално да кажам, некој кажа дека , ете, ние сме сведоци на смиот факт што Повелбата на ОН се вика Повелба на Обединетите нации, што значи субјект на меѓународното право се нациите. А, заборавме дека во светот има најмалку 2000 нации или народи, а има 180 држави кои се членки на Меѓународната заедница. Тие заедници значи не се членки на ОН туку само се држави. Никој не ни е виновен затоа што ние вршиме натурализација на зборот нација. Зборот нација е логиката на Демос, на сите граѓани. На англиски значи сите граѓани. Исто така и на француски. Така што во Франција живеат 10.000.000 други, па тие се фанцузи исто така во Швајцарија и тн.

Се поставува пред луѓето и јавноста, една голема контрадикторност, а тоа е дека со уставните измени што се предлагаат се нарушува комплетно граганскиот концепт на државата. Само беа механизми етнички кои ќе обезбедат рамноправност или нема да го обезбедат тоа. Мислам дека тоа е погрешно.

Прво, секоја граѓанска држава, а се претпоставува дека граѓанинот има индивидуални и колективни права, ако некое право се употребува од повеќе индивидуалци, тогаш се претвора во својство на јавна употреба. Сите демократски држави предвидуваат заштита на една заедница, било тоа како коцензус, било на квази концензус, било како енумерични набројувања на правата што неможат да се девалвираат или пак позитивна дискриминација и тн.

Значи првото,првата констатација дека се нарушува граѓан-скиот концепт на државата а се предлага да се воведе или да остане постојната преамбула, што фактички е во голема контрадикторност едното со другото. Исто така, на Комисијата беа оспорени некои определби дека со ваквите промени фактички воведуваме други заедници како државотворни, иако мислам дека тоа воопшто не држи од причини што неможете, првобитната дефиниција можеби држеше дека некоја заедница можеше едноставно да ги блокира уставните промени, генерално. Меѓутоа, промените што се адаптираат кон селективност, само кон прашањата на културата, јазикот и тн, практично претпоставува воведување клаузула на самозаштита на таа заедница. Не дека ние тука воведуваме втор или втора нација државотворна. Беше кажано дека условно речено 13 пратеници имаат одлучувачка моќ колку 80 пратеници. Тоа не е реално. Фактички тие 13 пратеници одлучуваат за 10% од прашањата што спаѓаат во доменот на нивната култура, јазик, традиција и тн.

Исто така , со право , според мене, зошто на ваков начин се псотавуваат уставните промени иако тука никој не е меродавен да каже и да одговори на тоа прашање зошто е така. Затоа што не се носители на било какви акции што сме сведоци или бевме сведоци. Меѓутоа, тука мораме да се согласиме и како Собрание носиме одговорносгт. Немаме традиција за решавање на проблеми, дури најосновни проблеми. Конфликти има насекаде во светот, мегутоа постоја механизми како се решаваат тие конфликти и секога се спречува нешто пред да се лечи.

Кај нас се акумулираат, дури се сабанизираат, па кога ќе се соочиме со тоа секако ќе имаме експлозија. Мора прво да имаме соодветни анализи за севкупните состојби во нашава држава за да предвидиме лек или терапија. Вакви говори што некој држеже тука, нон стоп напаѓаше една група , до крај неодговорно и никому не одговара, меѓутоа тој што ги прави веројатно има свои популации и мисли дека е добро. Јас сметам дека тоа е многу лошо. Ако се оди кој колку е задоволен, да ви кажам дека една структура исто така албанци не се задоволни од причина што сепак имаме повеќе од 5.000 куќи разурнати. Имаме голем број жртви од кои голем број од нив деца. Замислете за родител што значи и што му значат овие уставни промени, да се обидеме да се поставиме во такви позиции.

Затоа не треба еднострано да гледаме кон овие прашања. Важно е да престане војната бидејќи јас лично и минатиот пат кажав дека обично, според мое длабоко убедување, војната не оправдува толкави промени. Единствено Македонија поминува после војната со вакви козметички измени. Да не зборувам како другите држави поминале.. Меѓутоа , тоа е помош на Меѓународната заедница, а сепак поддржувам вакви промени затоа што сепак треба да престане војната.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Климовски има збор за реплика.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г. Мерсел Биљали ме спомна со тезата дека народот и нациите не се субјекти на меѓународното право. Тоа е еден обичен нон сенс Дури и не е вреден да се полемизира со таков нон сенс, со такво едно непознавање затоа што на тој начин, ми се чини дека Г. Биљали не ја познава ниту Повелбата на ОН што почнува со зборовите "Ние народите" и тн. Ние сме во таа меѓународна заедница.

Конечно и ЕУ не ги брише народите и најмалку тие што сега ни советуваат да не одиме на референдум да не гласаме , да не бидеме долги во дискусиите, нели, да бидеме куси затоа што неможеле повеќе да останат овде и тн. тие неможат да ги советуваат своите граѓани да го бришат од Уставот терминот народ.

Затоа ја користам оваа можност да укажам дека никој од нас пратениците нема право да изврши суицидно дејствие врз сопствениот народ, да го избрише од Уставот Македонскиот народ без да ги праша. Ако сакаат тоа граѓаните нека излезат на референдум па нека си го кажат тоа. Никој не смее од овде од нас тоа да го признае. Инаку, другото не е спорно. Не го запираме процесот на промени. Процесот ќе тече. Има 15 амандмани. Околу секој од нив можеме да се согласиме, да измениме и тн, но не го сопираме процесот. Ние велиме зошто да се избрише Македонскиот народ.

**САВО КЛИМОВСКИ:** (Продолжение)

Кој има право сега од нас овде да го брише македонскиот народ. Која е цената што некои ја платиле за да се избрише македонскиот народ од преамбулата на Уставот. Тоа е основното прашање и тоа е тезата околу која што ние треба да разговараме овде. Ако е тезата, што да речеме, некој од потписниците потпишале овдека дека не терба да биде и албанскиот народ државотворен народ, тоа е слаба теза. Конечно, се знае кој ја создал оваа држава и дека оваа држава има историски корени, каде што македонскиот народ бил тој што ја создал таа држава. И, ќе ве молам, при секое гласање овде да не изигравме лесни политиканти, да не се надеваме на некаква си власт ветена од било кого, ниту пак да подлегнуваме на притисоци. Погледнете го францускиот устав во закана за војна не смее да се разговара за устав, а овде ја слушавме госпоѓата Фонтен и таму други господа кој што ни кажуваа дека ние мораме уставни промени да направиме. Луѓе, на што личиме ние овде? На една безлична маса кој сака да не почитува, кога самите не се почитуваме. На што, навистина, личиме како пратеници? Тогаш, дајте да прекинеме овдека, дајде во интересот на тие чиновници од Брисел и од било каде што значат меѓународна заедница, да кренеме два прста овде, да притиснеме, како што нашите потпишувачи лесно го потпишаа Рамковниот договор, што за мене не знам каков документ е, од каков карактер е и да ја завршиме целата работа. Да не се

замајуваме, да не се караме, да не си префрлуваме работи и кои што треба и кои што не треба и да си го промениме Уставот така како што ни рекле дека треба да биде. Ќе ве молам, за се има простор за дискусија.

Јас на Уставната комисија многу од работите прифатив, за многу од работите се борев, но овде јасно кажувам дека нема да гласам за овој амандман, се додека граѓаните не се определат дека треба да си го укинат сопственото име македонски народ, за да и понатаму и другите работи, како што некои од дискутантите овде, треба да се укинуваат. Не можеме, ниту имаме право тоа да го направиме, ниту имаме мандат. Затоа, можеби треба народот овде да дојде, па со стапови да не избрка, бидејќи таков мандат не ни дал.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За реплика се јави Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Искрено, ќе бев расположен да му дадам предност на професорот по доменот на уставно право од самиот факт што има диплома и титула, меѓутоа, не му давам за право да коментира работи од меѓународното право кое е моја струка и мислам дека во основа не го познава. За жал, цитира нешто што нема врска со реалноста, бидејќи во овелбата на ООН кога ќе се каже мир, ние народите, ние нациите, буквално се кажува во англискиот текст, претпоставува сите држави членки на ООН. Членки на ООН не се нациите, туку се државите, затоа што реков, нациите се повеќе од 2.000, а држави се членки на меѓународната заедница или на ООН некаде 180 држави. Тоа е прво.

Второ, што е важно, субјектите на меѓународното право се државите, меѓународните организации и малцинствата со ограничен субјективитет, па дури и човекот со ограничен субјективитет, а не народите. На пример, без оглед што на некои конвенции се признава право на самоопределување на народите, тоа би имало за цел само во времето на антиколонијалната војна и со тоа е завршено. Мислам дека професорот би требало да ги прочита овие работи, па да излезе тука јавно да каже. Поинаку, носител на сувереноста во државата е демосот, значи граѓанинот, затоа што тие гласаат. Како резултат на нивното гласање се формираат институциите на власта и со тоа е завршено.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави господинот Билал Љутфиу.

**БИЛАЛ ЉИТФИУ:**

Апсолутно јас се сложувам со претходниот дискутант, господинот Климовски дека нема право во форма без да го прашува македонскиот народ и така тој да се брише од Уставот. Ова, ми се чини дека професорот мисли дека е пред учениците таму во средно или основно училиште. Но, доколку би бил толку сериозен господинот Климовски тој би требало уште во 1991 година да се прашува, а уште понапред во 1989 година да се прашал албанскиот народ, посебно во 1991 година дали да се брише или не од уставот.

Мислам дека дискусијата на професорот и на таквите, не води кон мирот, не води кон сожителството, не води кон разрешување на постојните проблеми, односно за излегување од општиот хаос во Републикава. Македонија во состојбата во која се наоѓа може да ја извлечат само умните, само храбрите, само тие политичари што имаат ниво на западно европските политичари. На пример, доколку би се решавале проблемите со референдум, тогаш да ги прашаме Германците зошто тие кога го срушија Берлинскиот зид не одржаа референдум со германците од Западна Германија. Ова го зборувам од причина што им беше малку нарушена таканаречената атаракција на германците. Но, еден истакнат политичат во Германија тогаш вели, кога ние политичарите избраните во Германија сме убедени дека во одредено време ќе пати народот, но после 10, 20 или 30 години тој наш настап ќе им донесе многу, многу подалеку мир и побезбедна Германија во политичка па и во економска смисла, ќе им го наметнеме со сила тој наш став.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално се јави пратеникот Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Се извинувам господине претседателе, меѓутоа, мислам дека во овој момент во салата нема доволно пратеници, нека влезат, па потоа нека продолжи расправата. Би замолил службите да ги

пребројат пратениците, затоа што имаме многу важна тема, кој што некој упорно сака да ја релативизира. Би замолил да се обезбеди нормална работа во Собранието, бидејќи ако ова за некого не значајна работа, за многу луѓе и овие пратеници е многу значајна работа.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам сите пратеници да влезат во салата.

За збор се јави пратеникот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани господа пратеници, Денеска имаме мошне јака расправа овде и голем товар за кој ние денеска треба да решаваме. Се работи за амандманот IV. Сите знаете дека амандманот IV постои, затоа што Преамбулата во Република Македонија сите ние сме тука во Уставот на Република Македонија и мислам дека во Република Македонија ова сега што се случува, тоа ниту во Тунгузија не се решава, ниту во Америка каде што ги скинаа тие две згради на терористички начин, исто така со таков ултиматум, па никој ништо не успеа.

Сметам, ова одземање од Преамбулата на Уставот на Република Македонија, ние како националност, другите националности мислиме дека не е правилно. Дали сакате во Република Македонија ова што го има предложено и четворицата кои го потпишаа овој Рамковен договор, кој е нелегитимен Рамковен договор, за мене е нелегитимен, затоа што четворица потпишале нелегитимни, а главен предлагач на овие амандмани е претседателот на државата. Претседателот на државата е избран од граѓаните на Република Македонија. Затоа го барав претседателот на Републиката овде да биде присутен и да му поставам прашање, затоа што народот на Република Македонија го избрал да биде претседател на сите граѓани, а не на четири потписници овде да ги опрделува, затоа што Република Македонија во Парламентот има свои пратеници, има свои лидери, има застапници од разни националности и нема никој право во Република Македонија од Уставот, уставното право и Преамбулата да не одземе и некој да преговара во наше име на други националности. Дали е свесен претседателот на државата и овие четворица потписници кои потпишале, дали се свесни или не. Треба да ги однесам сите на некој испит да видам дали свесно потпишеле или под некој притисок. Без разлика во државата што се случува, ако државата има проблеми овде, најнормално тоа треба да се решава по некој друг пат. А, ако претседателот има притисок врз него, го притискаат од надвор и овие четворица, за да дојдат тука, тие овде не се Ванѓа и да мислат дека овде ќе ја смират состојбата. Овде мир нема да има, бидете сигурни во тоа. Ви кажувам дека по никаков начин нема да има мир овде, од ниедна страна. Овие четворица и претседателот потпишале за Рамковен договор, кој им го дал тој имунитет, кои граѓани им дале тоа да го потпишат, ниеден. Зошто му предложивме на претседателот да има од сите националности присутни на тој Рамковен договор. Јас бев таму на преговарање, ама кога требаше на главните работи од сите националности да има лидер или присутен од вонпарламентарните партии од разни националности, затоа што ние го сочинуваме граѓанството во Република Македонија заеднички и имаме заеднички живот. Ние сме граѓани на Република Македонија, а што е сега овде? Дали е ултиматум? Дали сакате ние 675.000 граѓани од разни националности што нема да не собере ни Водно, ни други планини, ни на Китка да се качиме горе, сакате со пластични пушки и со пиштоли да излеземе и со 4 автомати да пукаме и да кажеме и ние бараме. Значи, во Република Македонија создаваме наместо мир, немир. Ова е немир во Република Македонија. И, фалш потпишан договор. Како може од граѓаните на Република Македонија. Затоа го барав претседателот на Републиката овде да биде присутен и да му поставам прашање, затоа што народот на Република Македонија го избрал да биде претседател на сите граѓани, а не на четири потписници овде да ги опрделува, затоа што Република Македонија во Парламентот има свои пратеници, има свои лидери, има застапници од разни националности и нема никој право во Република Македонија од Уставот, уставното право и Преамбулата да не одземе и некој да преговара во наше име на други националности. Дали е свесен претседателот на државата и овие четворица потписници кои потпишале, дали се свесни или не. Треба да ги однесам сите на некој испит да видам дали свесно потпишеле или под некој притисок. Без разлика во државата што се

случува, ако државата има проблеми овде, најнормално тоа треба да се решава по некој друг пат. А, ако претседателот има притисок врз него, го притискаат од надвор и овие четворица, за да дојдат тука, тие овде не се Ванѓа и да мислат дека овде ќе ја смират состојбата. Овде мир нема да има, бидете сигурни во тоа. Ви кажувам дека по никаков начин нема да има мир овде, од ниедна страна. Овие четворица и претседателот потпишале за Рамковен договор, кој им го дал тој имунитет, кои граѓани им дале тоа да го потпишат, ниеден. Зошто му предложивме на претседателот да има од сите националности присутни на тој Рамковен договор. Јас бев таму на преговарање, ама кога требаше на главните работи од сите националности да има лидер или присутен од вонпарламентарните партии од разни националности, затоа што ние го сочинуваме граѓанството во Република Македонија заеднички и имаме заеднички живот. Ние сме граѓани на Република Македонија, а што е сега овде? Дали е ултиматум? Дали сакате ние 675.000 граѓани од разни националности што нема да не собере ни Водно, ни други планини, ни на Китка да се качиме горе, сакате со пластични пушки и со пиштоли да излеземе и со 4 автомати да пукаме и да кажеме и ние бараме. Значи, во Република Македонија создаваме наместо мир, немир. Ова е немир во Република Македонија. И, фалш потпишан договор. Како може од уставното право некој за нас други националности од Преамбулата да не извадите и да не постоиме како националност. Без разлика, јас немам против ништо Албанците, немам против никого, туку јас се борам за сите националности кои сме овде во Уставот и во Преамбулата како националности, признати по уставното право. Кој е тој кој што може да ни го одземе правото. Јас мислам дека друга војна ќе се отвори во Република Македонија. За ова бидете сигурни, доколку се изгласа ова. Сигурен сум дека нема да се изгласа, затоа што не може едноставно за некого татко, а за некого да биде очув. Каде го има тоа? Никаде го нема. Ако треба и претседателот на државата ќе го смениме во Македонија. Исто така и овие четворица што потпишале македонскиот народ ќе ги смени. И на Албанците и на Македонците што потпишале немаат право за ваква работа да растураат во Република Македонија. Ова е немир. Па, вие баравте, барате, ама сега и ние бараме, извинете за тоа. Вие баравте и дојдовте до една работа, сега ние националностите бараме, сега ние ќе направиме војна во Република Македонија. Доста ви е веќе, сега ние сме многу повеќе од вас. Вие баравте едно право кои се 25%, а ние сме 35% во Република Македонија. Е, па, сега, Митко и Трпе трпел, пукна шишето, овде се живее и не може вие веќе да барате, а ние да не бараме. Јас немам против никого. Сватете дека постојат и други националности. Многу пати на прес конференции ова сум му го кажал на претседателот. Првенствено е грешка на претседателот на државата. Тој е претседател на сите граѓани на Република Македонија и на сите националности. Затоа, јас го барав тука да биде, за да ми објасни по која основа ја менува Преамбулата. Темелот на државата го руши. И, овие четворица што потпишале, сите тие четворица се предавници на Република Македонија. Тие се издајници и тие се за војна и тие ја направија војната овде. Тие ќе направат да има војна во Република Македонија. Ова нема да го поддржам и прв ќе се спротивставам, но да знаете дека друга војна се отвора во Република Македонија, доколку ова се изгласа, затоа што постојат разни националности, освен Ромите, да не ги набројувам сега и Турците и Власите, Египќаните и се што постои во Република Македонија. Тоа се 675.000 граѓани во Република Македонија и тоа треба да го сфатите. Тоа е голема бројка на Република Македонија и не може ова да биде. Како може овде Македонија која е моја татковина да се случува такво нешто. Јас секаде Уставот на Република Македонија го давав како граѓански, како демократски устав на Република Македонија, а сега мене од Уставот да ме бришеле како националност. Јас тоа не го признавам ни најмалку. Секој нека си ја гледа својата работа. Ја фрливте топката кај пратениците тука, тие четворица потпишаа, претседателот таму заврши своја работа, овде го нема присутен, а сега ние овде ќе водиме војна пратениците меѓу нас. Тоа не е чесно.

Јас предлагам и нема никако да дозволам промена на Преамбулата и сметам дека најкоректно треба да си остане каков што си бил Уставот на Република Македонија, да не се избрише ова и да не се прифати ништо. Најубаво е мир во куќата, затоа што сите зборувате за мир, сега јас ви кажувам, бидејќи јас кога ви велев дека мечката кога игра кај

комшиите, ќе игра и тука, вие овде во Парламентот се смеевте. Е, изигра и овде, да го знаете тоа. Бев толку умен и ви кажав и бев толку мудар, имав осет во тој Парламент во Владата таму ви го кажав кога летаа хилихоптери и авиони и кога ви велел дека играчки не летаат. Многу добро се сеќавате дека 360.000 бегалци кога имаше Македонија. Јас добро ви кажував, но вие се смеевте. Е, сега, не е за смеење. Сега игра мечката тука и пукаат по мечката. Водете сметка што правите да не почне и друга мечка овде да игра од други националнлости, затоа што ние да не направиме немир овде. Немирот се прави од незадоволство. Тоа треба да го сфатите. Некои бараа симит погача, а на нас и погачата ни ја земавте и сега гледајте и вода да не ни оставите. А, ние сме најчесниот народ, другите националности во Република Македонија не сте имале никакви инциденти од нас, не сме имале ништо, не сме барале премногу од државата и затоа бидете свесни што гласате, господа пратеници, затоа што народот ќе суди и народот се ќе направи.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Димитар Батковски.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани господа пратеници, навистина, е многу тешко сега после овој инспиративен говор на господинот Амди Бајрам јас сега да го свртам вашето внимание, меѓутоа, ќе се потрудам, ќе бидам краток. Најнапред, мислев да не дискутирам, меѓутоа, имајќи предвид дека се работи за една мнгоу значајна материја, за една материја која што е пресудна за државата, морам накратко да изнесам некои мои констатации, кои што, се разбира, на некого нема да му се допаднат, поготово на голдел дел, да не речам на цела пратеничка група. Не мојата, пратеничката група на господинот координатор Поповски. Тој сигурно Ќе ми префрли, можеби ќе реплицира, меѓутоа, јас повторно ќе почнам со констатацијата, јас сум пратеник од изборната единица 71, пак да не ги набројувам Драчево и тн., кои што еве, јас морам да му кажам на господинот Поповски, нив ги консултирав и нивното мислење е недвојбено, јасно. Јас како пратеник, тие не ми даваат за право да гласам, односно да ги прифатам амандманите од IV до XVIII.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Јас кога се преслушував себе си дојдов до заклучок дека навистина, не само што не ми даваат моите избирачи за право јас овде да се изјаснувам во нивно име, ова за мене е, барем јас така го чувствувам не мора да е точно, тоа е огромен товар кој не можам така *со* леснотија да го прифатам и да гласам, едноставно да стиснам на одредено копче. Секој што поинаку мисли, без раз лика од која пратеничка група е, убеден сум дека не е во право а сетоа тоа фрла анатема и врз нас како пратеници а посебно врз избирачите.

Во моментот кога се двоумев дали да кажам неколку збора, дали да излезам на говорница или само да гласам, а моето гласање почитувани пратнеици е јансо. Јас на почетокот кога се изјаснувавме дали ние треба да прифатиме измени на нашиот Устав, недвосмислено се изјаснив, затоа што така од мене го вараа моите избирачи, така го бараа, јас и тогаш реков и сега ќе кажам и на моето работно место и таму каде што живеам, на сите страни, секаде каде што имав средба со граѓани, сите тие недвосмислено кажуваа дека ова не смее така, никој не може да си земе за право да гласа, да се изјаснува. Ова не е некој личен став. Ова е преголем товар, барем јас така го чувствувам што го носи поединецот како пратеник, го носи неговото семејство, неговите поколенија. Во прашање е државата, во прашање е народот, па еве да речеме и партијата. Партијата, може би, со одредени ставови може да има и поинаку гледање. Меѓутоа, јас простете почитувани пратеници, сметам дека овде треба да се надраснеме и партиски да се надминеме затоа што партијата од разни дневно политички интереси, од разни политички маркетинзи, итн., може некои работи и да не ги предвиди, да не сме ги сватиле. Ние како пратеници, ние како предвесници на едни народни трибунали што треба овде да го погодиме вистинското мислење на нашиот народ.Овде јас ќе кажам дека ме зачудува како поедини пратнеици, да на речам и цели пратенички групи со каква леснотија преминуваат работи кои се многу тешки, да не речам пресудни. Верувајте јас тоа не можам да го сватам, без огед, еве да не ми се налути сега координаторот на пратеничката група на СДСМ почитуваниот и млад г-дин Никола Поповски. Меѓутоа, јас не можам да сватам, цела пратеничка група, 25-26 пратеници колку што се, да бидат едногласни во вакви работи, затоа што ќе го каже лидерот итн. Вие сте сведоци, и мојот лидер, лидерот на нашата партија може ви кажува некои работи, кој го потпиша овој

договор, меѓутоа, тие се елементи кои во оваа состојба не се обврзувачки, за мене, бидјеќи тој, тој потпис што го дал таму, прашање е во какви услови го дал, под какви притисоци. Ние сега дојдовме во една состојба на војна, под разни притисоци, дојдоа некои други да ни диктираат на нас.

Што мене најмногу ме боли.Истите тие ако сакаа и ако можеа можеа да го променат уставот. Нека го променат, нека кажат како треба, нека одлучат во Европската Унија, во Брисел, во Собранието на Европа, таму нека ни го изгласаат и Уставот. Меѓутоа, тие не можат тоа. Сега што бараат од нас. Бараат уставно, со сите постапки, да бидат законски застапен за тоа се грижи, секако нашиот почитуван претседател и се да си оди толку уставно за никој да не ни најде замерка. Но, сепак на крајот ние да притиснеме, ние да гласаме. Од тие причини јас почитувани пратнеици, не можам да носам толкава вина врз себе. Еве на пример на едно возило можете да му ставите 400 кг. тежина, но ако му ставите 10 тони тоа не може да носи. Секој од вас се лаже ако мисли дека тој може во нечие име овде да гласа за, да прифаќа работи кои излегуваат надвор од неговата моќ. На крајот на краиштата кога е во прашање Уставот, кога се во прашање многу значајни работи, и со Уставот се така предвидени не може така едноставно да се решаваат.

Не случајно, за да тргне таа постапка се бараше да гласаат 81 пратеник. Видете ние некои работи колку лесно ги сватимве,притиснавме,ќе видиме, после ке дејствуваме инт.Меѓутоа, видите што вика сега оваа господа од Европа. Чекајте, вие знаете што ќе гласате. 80 пратеници гласавте, сега зошто ова.тие тоа не можат да го сватат.Дури јас имам едно свое мислење, морам да го изнесам, ќе бидам искрен до крај.

Тие слушајќи ги нашите дискусии овде, у беден сум дека тие го следеа секој наш чекор, на нас пратениците и додека беше дискусијата односно изјаснувањето за тоа дали да почнат промените на Уставот или не. Кога некаде 80 или е0% од дискутантите ја осудија оваа постапка, тие веќе се најдоа во една состојба, барем мене ми се чини, не мора да е точно, почитуван претседателе, веднаш и господинот Пердју и г-динот Леотар отидоа во Москва тие беа убедени дека промени нема да има однсоно нема да има постапка да почнат промените.И веројатно, јас тоа го предвидувам, тоа не мора да е точно, тие бараа некоја друга солуција, со тоа што ќе ја вклучат и Москва итн. Меѓутоа кога видоа дека ние овде е1 пратеник се изјаснија да има промени, тие се најдоа чудоневидени и си рекоа, така си мислам јас, се прашаа дали има овде пратеници, на кој народ се овие пратеници овде, кого претставуваат овие пратеници овде. Ова е мое лично мислење, примете го како што сакате.

Меѓутоа, во овој момент што ви паѓа на памет, што ме оттрга од идејата да се изјаснувам позитивно. Имено сите вие се сеќавате, тоа беше блиско минато кога се работеше за нашето име. Тогаш излезе нашиот екс претсеател Глигоров и кажа сега ќе е вака, така, ова ќе биде времено име за два три месеци, немојте да се возбудувате, за да го смири целиот македонски народ. Меѓутоа тоа време не мине, еве и остана ден денес, и ние не можеме до ден денес прво да се соземеме за името.

Кога беше за знамето, истото се повтори.И уште во полоша форма. Сега, го променивме знамето. Никој не го прашавме.Некој тоа ни го диктираше тие што го диктираа, сигурно ако ние им кажевме и други аргументи, тие ќе ги сватеа. Меѓутоа, ние сметавме дека така треба да биде и никако поинаку верувајте тоа е катастрофална грешка. Така ќе направиме и овој пат.

Мене ме зачудува тоа што голем дел од пратениците што тогаш гласале и за промена на името, за промена на знамето, истите тие пратеници, јас сега незнам колку се по број и кои се, тие сами нека се препознаат, истите тие многу гласно, многу едноставно сега посегнуваат и по Уставот и нас не убедуваат и целиот народ дека така треба да биде. Велат дека тоа е во интерес на народот. А тогаш дајте да го прашаме народот. Кој ќе каже. Зошто ние да кажуваме што е добро за нашиот народ.Нашиот народ е дораснат, верувајте ми.

Јас во оваа прилика ке кажам, еве пак ќе го спомнам по трет пат г-динот Никола Поповски,не му замерувам, но сега ќе кажам за изборната единица.

Јас сум по потекло од Вевчани.И јас се уште се чувствувам дека сум Вевчанец.Ќе ви кажам една мала историја. Сите вие се сеќавате, но јас сега пак ќе ве потсетам.

Во 1е87, партијата од која потекнува координаторот, нека ми опрости по четвти пат го спомнувам, Никола Поповски, произлезе од таа партија, партијата СДСМ. Тогаш таа партија преку Централниот Комитет сакаше на една населба, на едно село од околу 3000 жители даму наметне сила, да му ја земе душата, да му ја земе

водата, не дека навистина имаше потреба од тао, да однесе вода во Елен Камен. Елен Камен е населба до самото Охридско Езеро. Ќе се удави од вода. Меѓутоа, тие моќници, предходниците на партијата на СДСМ. Значи, тие истите ќе се удавеа во Охридското Езеро, значи имаа толку многу вода, меѓутоа, така им текнало на некои моќници, да не ги именувам. Еве живите ќе ги кажам. Да биде трагедијата уште поголема, од тој крај се Јаков Лазаревски, од Централниот комитет Милан Панчевски, и други што имаа вили во Елен Камен. Има и покојни, но на покојните нека им е лесна земјата.

(предупредување од некои пратеници во салата до пратеникот Батковски да зборува за амахдманите)

Ќе зборувам и за амандманот тоа е мал вовед.

Таа претходна партија во едноумието што беше ја мобилизира целата полиција.Јас бев учесник во сите тие настани.Делеа, ако вие не се покорите, ние ќе ви ја донесеме армијата на Република Македонија. Замислет државна армија, државна полиција, а полицијата тогаш прв пат ги употреби електричните пендраци, пендреци кои ако ги доближат само неколку метри до човек ќе го фрлат 60 метри и ќе го залепат за ѕид. Да биде трагедијата уште поголема врз млади трудни жени се употребуваа тие. Меѓутоа, тој народ не попушти.Застана достоинствено и кажа не Велеа донесете ја и армијата ние не попуштаме.

Таа вода, тие извори, таа природа се вистинска убавина.Гледате дека тие биле во право.Тоа е природна реткост македонска, невидена. ако тие неколку силници, можеа и армијата да ја употребат. Ја употребија полицијата, меѓутоа не успеаја.Тие силници сакаа да ја уништат таа природна убавина.Тие природни извори, таа убавина сигурно некои од вас, не велам сите, ги знаете. Сте ги виделе.Тоа е таа природна убавина која човек не може да ја изгради.Тоа може само природата да го направи.Човекот може само да уништи.

Тие извори ние тогаш ги сочувавме.

Потоа моите Вевчани беа предвесници на плурализмот.Дојдоа други времиња веќе почнаа да дуваат тие други ветрови баш од Вевчани.Сега, дојде и претходната партија и другите нивни наследници,дојдоа да се извинат на трој народ.Навистина, тие луѓе таму биле во право.Ако дозволеа да се уништат тие извори, ние ќе ја немавме таа убавина. Таа убавина е неповторлива. Тоа е невидено.Тоа може само наародот да го сочува.Народот!Народот во Вевчани.

Сега треба народот во Република Македонија да си се сочува себе си.Од што? Не бараме ништо повеќе, туку она што 10 години трае,10 години живее еден Устав кој е најдемократски, најприфатлив, според кои ги уживаат своите права сите националнсоти.Дури да не речам според овој наш Устав македонци не можат да си ги остварат нивните права, за разлика од поеидини малцинства.Меѓутоа, ние еве пак трпиме и одиме натаму.Но, сега, во овие услови да го измениме нашиот Устав на ваков начин, верувајте ми почитувани пратеници е многу срамно.

Јас тоа што го изнесувам е мое лично мислење.Пратеничката група ,може би ќе ми замери. Нека ми опростат.Јас не можам да носам толкав товар, затоа што јас не сакам да бидам политичар. Да знаев јас дека толкав товар сега ќе падне врз мене прашање е дали ќе се кандидирав за пратеник, А некој може и по втор пат и по трет пат, може во нечие име да одлучува,меѓутоа, се погрешни одлуки да донесува и пак да не оговара.Јас, верувајте ми така се чувствувам.Да знаев дека таков терет треба да понесам, јас немаше да се кандидирам за пратеник. Јас се занимавам со егзатни работи.Политиката, посебно дневната политика е денес едно, наеднаш се менуваат ставовите, да не може човек да си се запознае себе си. Јас ќе се залагам, тоа е мое мислење, своето мислење да си го кажат граѓаните на Македонија. Ако тие кажат, тоа ќе биде нивниот глас и тој ќе биде обврзувачки за сите нас.Не сакам уште еднаш да кажам, со знамето ги изгиравме, со името ги изигравме. Зарем сега и со Уставот да ги изиграме. Верувајте, јас немам храброст и не можам тоа да го понесам.

Да биде иронијата уште поголема, голем дел од пратениците што го сменија знамето, што го сменија името, сега седат исто во овие пратнеички групи и истите тие сега заговараат, колку се дисциплинирани, да го смениме и Уставот.Верувајте јас тоа не можам да го сватам почитувани пратеници.

Пак сега по пети пат ќе го спомнам координаторот на Пратеничката група на СДСМ.Не можам да сватам, целосно, знаете во армијата ќе се построи еден строј, па некој војник ќе излезе понапред, на некои му се скинати чевлите итн. Овде построени пратнеците на СДСМ, нивното мислење не е важно важно е мислето на нивниот лидер, на нивниот координатор. Не е важно мислењето на народот кој ги избрал. Тоа почитувани

пратеници не можам да го сватам.Затоа, некои ќе го сватат тоа мое истапување погрешно, меѓутоа јас не можам поинаку да размислувам.Не можам, бидејќи без разлика што јас припаѓам на партија, која што е за македонско национално единство. Сега и во нашата партија се ломат многу работи.Се ломат затоа што не е лесно во овие судбоносни моменти, кога е во прашање државата,кога е во прашање македонскиот народ, сега да се погоди вистинскиот пат. Меѓутоа, народот кога ќе се изјасни, тој ќе си ја сноси одговорноста.Ние овде не можеме, ми се чинини како партија, јас како поединец се изјаснив, ни како партија ВМРО-ДПМНЕ не можеме да носиме толкав товар, затоа што се работи зе народната волја.Ништо не може да биде поголемо од народната волја.После народната волја доаѓа волјата на партијата, волјата на државата итн.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ**: (Продолжение)

Меѓутоа народната волја мора овде да ги издиктира работите во права смисла. Јас верувам дека не случајно кога ви го кажав ова коинциденција со Вевчани, затоа што тоа со Вевчани се случува сега и со нашава држава. Ако ние опстоиме, ако ние сме храбри, во блиска иднина, во блиско време ќе кажат дека навистина сме биле во право. Не злонамерно. Сите ние мора да живееме овде заедно. Јас потекнувам од овој крај Вевчани каде што имаме соживот со многу села, повеќето се албанци, македонци-муслимани. ние сме само тука македонци. Таму немало никакви проблеми. Па верувајте, сега ние да ги стварамe проблемите во Македонија, односно во овој Парламент да има проблеми. Не можам да сватам.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Повеќе пати беше спомната Пратеничката група на СДСМ и нејзиниот координатор. Јас мислам дека треба да се договориме или ќе разговараме за амандманите, или ќе разговараме кој што направил за оваа држава, или што не направил. Ако зборуваме се сега накратко, бидејќи веројатно ќе се пријавам за дискусија понатаму, или во некоја друга прилика. Проблемот е следниот. Вевчанци го одбранија селото, Владата на ВМРО-ДПМНЕ неможеше едно село Танушевци со цела структура да го одбрани. Тоа е драги пријатели проблемот. Не сакав да ги отворам овие теми,меѓутоа цело време вие наместо да разговараме за проблемите пред кои е исправена Македонија на погрешна адреса упатувате критики и некакви реминесценции. Само на кратко ќе ви кажам во 1ее8 година кога бевте вие на власт имате преку Агенцијата за разузнавање добиено комплетна анализа за можни екстремни елементи насочени против Република Македонија вашиот премиер. Во 1еее година имате повторно, во 2000 година околу ситуацијата во Југославија имате анализа, 2001 година анализа околу Прешево. Ги имате сите податоци. Ние ви оставивме документација за можни екстремни елементи кои можат да ја дестабилизираат Република Македонија. Некои од нив станаа ваши пријатели за изборите. Имате анализа на Агенцијата кога пукна во Танушевци дека следната точка ќе биде Тетовското кале. Веднаш потоа една група на професионалци беа избркани од работните места. Да, тие кои кажаа дека Калето ќе биде главната цел на можните проблеми во Република Македонија. Во тоа време по изјава на Вашиот премиер 11 милиони марки има злоупотреба од вашиот министер. Тогаш имавте министер и за внатрешни работи и за одбрана. Јас не мислам дека судирот со оружје е решение за Република Македонија и за македонците и за албанците. Меѓутоа, кога целиот свет велеше дека ние мора да се спротивставиме и со сила, вие се бавевте со проневери кои се случија во Министерството за одбрана со купување на фирми и некои други слични работи. Затоа ве молам да ги оставиме тие работи, да не бараме кривци. Ако сакате и за тоа ќе зборуваме. Да се сконцентрираме на ова што е предмет на расправа. Тоа е мојот апел до вас.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, сакам да искажан свое длабоко негодување на одреден дел од дискусијата на колегата Батковски и навистина ми е жал што колегата Батковски македонците со исламска религија не ги смета како дел на македонскиот народ. Несватливо е да се каже дека Вевчани го опкружуваат сите и дека во Вевчани живеат само македонци. Морам да кажам дека дури сега ми е јасно односот на поединци и од ова Собрание, од ова македонско население каков е и всушност дека сето тоа многу плански се прави. Жално е на ваков начин да се отуѓуваат 150.000 чистокрвни македонци, а во оваа сала да искажуваме патриотизам ваков, или таков, демек многу сме загрижени за Македонија и за македонштината. Уште еднаш искажувам негодување на овој дел. Ако се работи за лапсуз го прифаќам и извинувањето, но ако се работи за намера останувам на моето негодување.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Најнапред на репликата на господинот Лазар Китановски. Јас кога ја кажав таа симболика една споредба со Вевчани мислев дека некои работи и тука, морам да му кажам, ние пак ќе го одбраниме Уставот. Јас ценам и ќе успееме. Меѓутоа, она што го кажа за Танушевци навистинг не држи. Еве зошто? Затоа што Танушевци почитуван Лазар Китановски ако не беше А1 вашата А1 да појде во куќите да снима ние ќе расчиствеме и со Танушевци. Меѓутоа неможеме ние да се бориме против непријателот кој што е тука. Верувајте морам да ви упатам една замерка. Вие пак онаа стара ваша болка Министерството за одбрана и тн., фрлате анатема што се се направило. Меѓутоа, сепак малку не сте самокритични, верувајте ми. Треба да сте самокритичен. Вие сте работник на универзитетот, не ви се својствени такви напади кои што не се гледате и себеси, односно својата партија. Вие до вчера бевте на власт. Во вашата реплика беше дека ете, само што не го рековте, јас морам да го карихирам дека стално го потенцирате, вели двоецот Георгиевски,Џафери и тн. Префрлате работи кои што навистина не држат. Ако навистина морам да ви одговорам, ако тој беше двоец Џафери, тоа сепак ние одевме со весла. Веслата беа во нас и сеуште се. А овој двоец, односно троец Црвенковски-Џафери-Имери што вие го заговарате и што веќе го правите, вие,вашиот лидер тој нема да има весла, ќе весла со голи раце, верувајте ми.

Да му одговорам на почитуваниот пратеник Латиф Пајкоски. Тој сигурно погрешно ме разбрал. Ниту беше намерата и незнам зошто се најде погоден господинот Латиф Пајкоски, бидејќи јас ако му кажам а тој убаво го знае дека ние најдобар соживот имаме и со македонските муслимани од Октиси, од Подгорци имаме еден таков соживот кој што зачудувачки е добар. Јас тоа и го потенцирав.Господинот Латиф Пајкоски сега ми става работи кои што навистина не држат. Тој сега незнам во што се препозна во мојата дискусија каде го најде тоа. Ниту беше намерата, а ниту тоа го реков.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Само кратко. Една реплика за господинот Китановски, бидејќи тој излезе во својство на човек кој што го бранеше СДСМ, прозивајќи ја нашата партија. Ризикувајќи јас да бидам по малку и досаден да му кажам неколку работи на господинот Китановски. Да речеме тезата за грешките. Никој не ја брани ВМРО-ДПМНЕ и никој од нас не вели дека луѓето кои што ја практицирале власта низ каналите на ВМРО-ДПМНЕ се безгрешни. Јас сум прв што заговара и јавно кажувам некои типови вие што ги спомнувате 11 милиони, 3 милиони марки, незнам колку да одат во затвор. Тоа го кажувам отворено. Се правеле грешки и ние сме свесни за тоа и ќе одговараме за тоа, тие што ги направиле грешките, а можеби и партијата во целост на наредните избори. Вие ја имате А1, имате некои поданички весници, можете да направите еуфорија околу тоа прашање, ќе се создаде една нова атмосфера, народот ќе не казни на избори. Ќе заборави дека вие е0% македонската економија и држава ја приватизиравте па нас ќе не нарекуваат крадци за она што останало како трошки. Меѓутоа, тоа не значи дека ние се амнестираме. Секој од нас треба да си ги прифати грешките. Но, има едно големо но во оваа ситуација. Тоа што ние сме правеле грешки неможе на вас утре да ви биде изговор ако гласате за промена на Устав, па да кажете еве ВМРО-ДПМНЕ грешеше, претходно беа крадци, незнам какви, незнам вакви, а ние врз основа на тоа сега наредната карика е наша, сега ние имавме право еднаш да погрешиме за промена на Уставот. Не, го немате тоа право.

Втора работа, во врска со Кале, не ви се точни податоците. Не беше намера на албанските терористи на Кале да се качат и да напаѓаат и да застрашуваат од Кале. Дента кога пукаа низ Тетово беше намерата да го заземат Тетово во истиот тој ден. Разузнавачките податоци нешто друго говорат, се гледа дека не сте во форма во последно време. Разузнавачките податоци говорат нешто друго дека се предвидуваше распад на полицијата и Армијата и не борба за Тетово, борба за Велес и немојте да кажете дека тоа не ви е логично. Велес е на границата која што ја предвидува голема Албанија. И мислам дека е нелогично да кажеме дека луѓе кои што пукале низ Тетово за време на еден митинг на денот кога некој таму викаше: "тоа се наши синови", тие земале оружје за демократски да се борат, да седат на еден ред. Не е тоа точно. И самиот знаете, незнам зошто не го кажувате тоа пред македонската јавност.

За Танушевци. Вие бевте министер за одбрана еден период. Колку оружје се зема во македонската армија, колку македонската армија беше опремена во ваше време? Не ве напаѓам. Меѓутоа, се сеќавате ли што направивте кога ние дојдовме на власт кога ги донесовме бугарските тенкови. Сакате ли во стилот на

Шеќеринска да ги извадиме и да ги прочитаме стенограмите што зборувавте вие за бугарските тенкови? Јас нема да ви кажам што сте зборувале вие за бугарските тенкови, ќе ви кажам што зборуваа офицерите на АРМ за бугарските тенкови. Велат, да беше 1ее3 година овој судир што е сега немаше да одиме со тенкови, ќе одевме со"ладиниви". Е тогаш навистина ќе се боревме за Велес, или можеби и за Струмица. Бидејќи некој ако изразува, или пројавува хегемонизам, тој хегемонизам не знае за граници. Се вика, земи што повеќе можеш.

И за крај за да не го пробијам рокот од 5 минути, зборувате за некакви двојци, некакви лидерски тандеми. Епа да ви кажам дека од денеска, иако тоа не е од денеска, од минатиот петок треба да зборувате најотворено, јасно, гласно пред македонскиот народ за новиот тандем на соништа Џафер и Црвенковски, бидејќи тоа несакајќи вие најверојатно не сте сакале, ама македонската јавност сега го знае.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, навистина мислам дека не е ниту време, ниту прилика да се занимаваме со некои реплики кои во овој момент не се толку важни. Но, зборот, зборот си го влече, затоа што сепак сме сведоци на некои изјаснувања на кои што ниту им е местото, ниту има потреба тука да се искажуваат. Па така не за прв пат и господинот Пајковски се повикува на дел од граѓани од Република Македонија во Лабуништа, Октиси, Подгорци како тој ги повикува дека се такви или онакви. Јас мислам дека тие прво се граѓани на Република Македонија, а каква крв им тече и како тие се чуствуваат, јас мислам дека поубаво е тие што мислат така нека одат таму и нека ги прашаат. И тука да не изјавуваме патрионалистички дека тие се вакви,или чистокрвни, нечистокрвни, лево, или десно. Нека одат господата таму и нека ги видат и нека ги прашаат како тие се чуствуваат.

Една дигресија во врска со дискусијата на господинот Батковски кога рече дека ја одбрани водата од Вевчани поради Елен Камен. Можеби е точно дека одредени политичари сакале дел од водата и таму да ја водат, но исто така е точно дека беше проблемот што комшиите на Вевчани, Октишани немаа вода за пиење, додека Вевчани го имаше тоа доволно и не успеа да се најде решение во тоа време да се добие вода. Јас мислам, ја сваќам тежината на моментот, но поради прецизноста и заради самите граѓани што ме слушаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не ќе има потреба сега да расправаме за Вевчани.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Јас на почитуваниот пратеник, почитуваниот доктор морам да му одговорам дека навистина и тој криво ме свати, затоа што ако тој навистина овде шири некои невистини, бидејќи овде не се работеше за тоа село што го спомна Октиси. Октиси има заеднички водовод со Вевчани никогаш немало проблеми. Водата се однесуваше за Елен Камен, тоа многу убаво го знае господинот доктор. Меѓутоа, да ви кажам само еден момент Во припомош да ги одбранат природата и изворите многу даде допринос и неговото родно Велешта. Ако не е така, нека потврди докторот.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Овде изгледа за да се добие шанса за реплика исто е како на лото да добиете седмица, или бинго понеделнички. Но, јас бинго не играм. Се отепав молејќи и кревајќи рака како да сум прво одделение за да добијам збор, или шанса за реплика, затоа што јас ја претставувам ВМРО-ДПМНЕ како пратеник.

Репликата се однесува на господинот Китановски. Господинот Положани не успеав до крај да го разберам, неразбирливо некако говореше . На што се должи тоа, незнам, но нема да навлегува и да давам квалификации, затоа што едноставно го почитувам човекот. Се бори за сопствената кауза, што е нормално а колку ние ќе дозволиме сосема е друго прашање.

Танушевци за жал затоа и претходно повикав дека некој господин дијагонално под мене треба да биде присутен. Танушевци за жал неможевме ние како Влада да го решиме. Ингеренциите беа кај некој сосема друг. Тоа очигледно морам прв пат јавно да го признаам. Се бафтавме 35, 36, 37, 38, 3е дена, незнам колку беа точно, но валиден е потписот единствено на врховниот командант. А врховен командант во државата се знае кој е, ниту Георгиевски, ниту е министерот за одбрана. Вие бевте министер за одбрана, тоа треба добро да го знаете.

Втора работа, што мора да ве потсетам дека за време на настаните во Танушевци, македонската армија немаше ниеден снајпер. Од она што значи опсофистицирано оружје. Не сте купиле господа. Заробивме еден единствен и тој го

пративме на терен. Да не говорам дека имате комплетно несредени списоци, не знаевте што, каде ви се наоѓа. Она што го добивавме како донации, не знаевте каде ви е ставено и за која намена служи. Повеќе парадиравте отколку што работевте. Со цреШови топчиња не се оди на фронт. Ништо немавте освен топовите од Италија како поклон од војната во Абисинија 1е34 година кои ги префарбавте, па наогавте маани. Бугарските тенкови не чинеле, затоа што се од Бугарија, божем тие не пукаат. Оружје си е оружје, од каде го добиваш не е битно. Битно е да е функционално. За моралот во армијата не треба да говорам. И ова што го оставивте како наследство, партиски официри, партиски генерали. Армијата се учи на патриотизам, не на припадност кон политичка партија. Ова се однесува и на СДСМ и на ВМРО-ДПННЕ. Овде стотина пати имам слушнато за некои си професионалци во МВР. Сакам да ги слушнам во колква бројка се, кои се тие луге и што работеле. Ќе ви кажам што работеле. Седеле во канцеларија, трла баба лан, дрн, дрн, јариша, со мобилните телефони тераа бизниси и работеа против министерката Доста Димовска. По ваш налог да не кажам за одредени поврзаности со странски структури. Не сакам да го говорам, лошо е за македонската држава тоа да го говорам. И тие се вратени. Таа бројка не е повеќе од десет луѓе. 11 милиони на Пауновски, не се 11, 3 се, но и тоа е криминал. Треба да одговара човекот. Но, ако говориме за криминали, па за вашиот период можеме да напишеме енциклопедија. Велам дека за вашиот период на владеење кога се говори за криминалот можеме да напишеме енциклопедија британика. За кого сакате, за Министерството за одбрана, за неморали и тн. Па бев јас со таа Комисија, тука беа и други колеги од ДА од ПДП,од ДПА, треба да се има усул во некои работи. Мора да имаш чист образ за да можеш да говориш. Во случајот образот не ви е баш чист, да не кажам ви е валкан скопски, ви е прљав ептен. Судирот со оружје не е решение. Точно. Но Танушевци како ќе се реши без оружје?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**:
(Продолжение)

Нели контрадикторно е едно со друго?

Чекајте, претседателе, добро, 20 пати овде ми дишете во врат, дајте ве молам да довршам. Па нема смисла. Добро, имаме време претседателе. Толку ве почитувам, премолчувам некои работи, па нема смисла, навистина.

Уште нешто г-дине Китановски. Говорите за Џафери и Георгиевски. Тоа е точно дек аније се обидовме со ДПА да иџградиме некоја хармонија во државата. Се обидовме, но колку успеавме во тоа, тоа е сосема друго прашање. Ние имавме максимално коректниодноси со пратениците на ДПА и со моите колеги. Па вашите не беа подобри со "Илирида" и она што не тепаа во Тетово, така што не си давај многу за право дека многу си направил за албанците. Немаш баш многу направено. Двоецот со кормилар или без кормилар го заменува "Светотројство" по ликот на г-динот Црвенковски, во ликот на г-динот Џафери кој прашање е дали ќе оди со вас. Инаку, нема баш многу симпатии кон поранешните комунисти. И г-динот Имери кој баш не е многу стамен, туку можеби е дека во рацете на некои пратеници тука. Но не е мое право јас да дискутирам кој какви лидери има, немам такво право и не сакам да дискутирам. Таа што кога говориме за двоецот, да говориме за тројството, ако тоа постои. **СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе му дадеме уште една збор на г-динот Китановски и со оваа реплика готово е. Јас морам да ви кажам нешто друго. Нема излез , овде вечерва ќе ја завршиме расправата.Ќе продолжите реплика со реплика да се влечете со денови. Ние расправата вечер ќе си ја завршиме. Реплика за г-динот Китановски.

(Некои пратеници од ПДП бараат реплика по повод спомнувањето на името на г-динот Имер Имери, на што претседателот Андов вели: " не е г-динот Имери тука, нема реплика")

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Во своето излагање сакам да укажам дека денес расправаме за амандманите и сакам да помогнам со својата дискусија. Ви дадов пример, ако бараме виновници, овде се работи за голема хипокризија, кој и како Не доведе во ваквата ситуација, Дај Боже да немаше мртви ни македонци ни албанци. Меѓутоа, јас зборував за една хипокризија. Тие што беа на власт, во моментот кога настана кризата обвинуваат други. Мене образот ми е чист и на СДСМ исто така. Јас година дена зборував претходно дека ќе се случи Нешто на Танушевци во Шестата зона. Укопувањето траеше е месеци, вие бевте на власт, незнам што сте работеле. Загинаа и македонци и албанци. Што сте правеле не ми е јасно како власт, како држава. Ваш министер за внатрешни работи, ваш министер за одбрана. Имавте

извештај на Костевски, се покажа дека е точен. Што правевте година дена не ми е јасно. Сега зборувате за предавници, сега сме во ситуација ние кога треба да ја спасиме Македонија. Дали го разбирате тоа? Ние сме во трка со времето. Не е точно дека А-1 телевизија го открила Танушевци. Во Танушевци се укопуваа тие групи долго време пред да отиде А-1 таму. Јас кога зборував тогаш сакав да ви укажам најдобронамерно, Владата да преземе навремени мерки да се спречат екстремни елементи во РМ. Ако имаме меѓуетнички проблеми да ги решаваме со политички средства за да се избегнат жртвите. Во што ја гледам хипокризијата понатаму?

Ако во Македонија зборуваме за двоици, троици или незнам што, во македонија имаме четворка и сега слушајте ме внимателно. Во Охрид потпишаа четири претседатели на политички партии кои се најмногу застапени во Парламентот, со претпоставка дека тие имаат мандат од своите партиски органи. Но не само тоа . Да ве потсетам дека во тие разговори кои навистина беа мачни, беа тешки за двете страни, се правеа компромиси, учествуваа покрај претседателите на партиите, потпретседателите на апртиите, значи вашите двајца потпретседатели, и од нашата страна тројца потпретседатели. Потоа Секретарите на партиите од сите четири партии и по уште двајца од највисокото раководство.

Според тоа, се работи за авторитети на партиите кои разговараа за решавањето на кризата. И после тоа вие велите дек ане се согласувате со Љубчо Георгиевски. Вашето врвно раководство беше таму. Како што потпиша Бранко Црвенковски, потпиша и Љупчо Георгиевски, Џафери и Имери, затоа што имале согласност за работата таму. Тука е хипокризијата на која сакам да укажам. Сега не можете да се вадите ни вие ни ние дека не сме биле во тек и не сме знаеле. Врвното раководство било таму, било баш за сите, и за Црвенковски, и за Георгиевски и за Џафери и за Имери, имало отстапки од двете страни. Да Не се залажувате дека ние сме главниот интерес на светот. Оваа криза ако не ја решиме што е можно побрзо ќе западнеме во уште по тешка , светот ќе не заборави и мислам дека, иако не би сакал да предвидувам како тогаш што предвидував, ќе биде многу полошо отколку што е сега, со опасност да се распадне Македонија како држава или како систем и потоа да потпиишме договор кој би бил многу потежок од овој што е Сега. (Уфрлање од пратеници) Не ве плашам, еве запамтите што ви реков.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не упаѓајте, Ве молам.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Затоа беше мојот апел да не бараме виновници, да разговараме за ова што е сега и да излеземе од оваа криза.

(Некои пратеници бараат реплики, на што претседателот продолшува со зборовите "не може , само г-динот Ристовски да дојде за збор").

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, изгледа нам воопшто не ни е јасно што се случува со вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пратениците да си седнат, имаат места, имаат картички.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, ќе повторам дека изгледа ние не сме свесни за моментов во кој живееме сите, влеговме во старата српска шема - напад на окупаторот, а сега се поделија на четници и партизани и наместо борбата да ја водат со оној што навистина го предизвика сето ова, цело време се бореа меѓу себе. Ова што го гледаме овие денови се сведува на истото. Не е главен непријател ни на ВМРО-ДПМНЕ, ни на СДСМ меѓусебно. Сите ние имаме заеднички непријател, но полека , ќе кажам кој е.

Сега во овој момент ние треба барем нешто да поучиме од американскиот народ. Тој е нападнат, заборавија на се, сите партии се соединија околу едно: одбрана на државата. И тие знаат дека она што им се случило не е само резултат од надворешниот фактор, знаат дека во моментот имало и внатрешен фактор, имало корупција, имало предавство, имало и луѓе американци кои учествувале во она што се случи, но сепак го избраа подобриот пат, имено, сите да се соединат во она што значи одбрана на земјата, а сите други проблеми, кој е виновен, колку е виновен, колку придонел за оваа ситуација, ќе имаме време да образложиме под услов да си ја задржиме државата.

(Некои пратеници бараат реплики, на што претседателот

продолжува со зборовите "не може , само г-динот Ристовски да дојде за збор").

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, изгледа нам воопшто не ни е јасно што се случува со вас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пратениците да си седнат, имаат места, имаат картички.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, ќе повторам дека изгледа ние не сме свесни за моментов во кој живееме сите, влеговме во старата српска шема - напад на окупаторот, а сега се поделија на четници и партизани и наместо борбата да ја водат со оној што навистина го предизвика сето ова, цело време се бореа меѓу себе. Ова што го гледаме овие денови се сведува на истото. Не е главен непријател ни на ВМРО-ДПМНЕ, ни на СДСМ меѓусебно. Сите ние имаме заеднички непријател, но полека , ќе кажам кој е.

Сега во овој момент ние треба барем нешто да поучиме од американскиот народ. Тој е нападнат, заборавија на се, сите партии се соединија околу едно: одбрана на државата. И тие знаат дека она што им се случило не е само резултат од надворешниот фактор, знаат дека во моментот имало и внатрешен фактор, имало корупција, имало предавство, имало и луѓе американци кои учествувале во она што се случи, но сепак го избраа подобриот пат, имено, сите да се соединат во она што значи одбрана на земјата, а сите други проблеми, кој е виновен, колку е виновен, колку придонел за оваа ситуација, ќе имаме време да образложиме под услов да си ја задржиме државата.

Секое прашање во последно време се сведува на тоа што направил СДСМ, што направило ВМРО-ДПМНЕ и целата битка тука ја водиме. Мораме да погледнеме дека сепак политичките партии на македонските албанци се многу позаситени и поради тоа имаат поголема политичка тежина. Тие дејствуваат единствено, знаат што сакаат, а ние во оваа критична ситуација си префрламе еден на друг кој повеќе или помалку придонел за таа ситуација и непријателот може слободнода работи што сака. Нам не ни треба непријател, доволно е меѓу себе , можеме сето друго да го направиме.

Затоа, на оваа наша карта може да игра било кој непријател се додека не има , а ако вака останеме, мислам дека нема да не има. Во долговековната историја макеоднците биле поробени, биле се, ама сега ризикуваат и да ги нема. Ова што ни го нудат е да не нема, да не постоиме како народ и затоа овие дилеми за или против референдум, за или против промена на Уставот Се дилеми кои не треба да ги имаме.

Јас мислам Дека секој што се чувствува макеоднец не треба ова да го постави и навредливо е на македонецот да му се постави прашање дали сте да останете народ или не. Секој што тоа се мисли се сомнева јас не се сомневам. Македонците се народ и *ќе* останат, а секој што мисли така, наместо да ја префрла одговорноста на некој друг , имаме туак гласање, јавно ќе се изгласаме и ќе кажеме што мислиме, дали сме или не сме. Ова прашање е прашање за сите макеоднци во Собранието, бидејки само тие имаат дилема да се праша дали се или не се.

Мислам дека секој знае дека оваа наша криза што настана не е наша криза и без разлика како *ќе* заврши сето ова, ние имаме право да го кажеме она што го мислиме. Според мене Македонија е смислена, а не колатерална штета, како што сите сакаме да кажеме, на некој прелеан судир од околината од протекторатот Косово. Таа е штета на борба на два голијата во создавање на новата геополитичка карта. На некого му треба да не постоиме. Барем ние да не придонесеме во овој историски момент како луѓе што не избрале сами да го направиме она што другите сакаат да ни го направат. Има два начина да се умре, да се изврши самоубиство или да те убијат, но притоа можеш и да останеш во борбата. Ние да не го правиме првиот начин, тоа не е нормален начин, тоа е начин на кој умира болан личност. Сите други кои ќе се почувствуваат дека се нападнати се бранат и тоа Се бранат со сите средства. Се заборава и политика, и дали си член на оваа или онаа партија или на некои интереси.

Ќе кажам дека е смислена штета од четири причини. Бидејки е мала земја, со малите земји секој сака да си игра и има проценка дека заради настанатите внатрешни конфликти кои се зголемуваат со текот на годините, како што е недостаток на институции за кои сите се виновни, бидејки институциите не се прават ни за две ни за три години туку се

прават за повеќе години, корумпираноста на власта коај е во континуитет, нестабилноста на економски план, инсталирање на антидржавни елементи во она што се вика државна власт и учество на истите во подржување на тероризмот во РМ.

Трета причина е , историската наивност на макеоднскито народ и верба во меѓународните институции дека тие се правични институции кои досега во историјата се покажало секогаш кога сме ја дале нашата судбина во рацете на други институции, па макар тоа биле Обединетите нации и други институции, ние сме губеле. Секогаш кога ние сме биле на столот, сме имале прилика да дадеме нешто и да ги задржиме нашите интереси.

Како четврта и можеби најголема причина за оваа ситуација е големиот лов на англоамериканските финансиски и политички асоцијации и картели, во албанскиот фактор, кој го оценија како фактор кој е подобен за остварување на интересите на истите во овој регион од пвоеќе причини, поброен, повитален и се смета дека македонскито народ го нема она што го има секој, рефлекс за самоодржување.

Бидејки внатрешен конфликт за ова што ни се случува нема, се бара надворешната причина која ќе доведе до конфликтот или една страна ќе ја фаворизира да бара некои права, да бара некои промени со што ќе се дестабилизира државата.

Во надворешната политика подолго време се фаворизира подолго време така наречен дозволен тероризам. Дозволен тероризам е на некои да им се дозволува да се употребуваат терористички мерки со цел да се остартуваат политички цели. Дури и оние така наречени западни демократии ги користеа терористите во конфликтите што во последните години беа во светот и кога тие ќе можеа да ја ослабат силата на противникот, тие беа добри, тие беа со позитивни конотации, тие беа борци за слобода. А кога истите ќе ги применат истите мерки врз она што се вика наш интерес, тие се терористи.

Во меѓународното право терористичкиот акт сведоци сме , тоа го изјави г-динот Буш, се смета за изјава на војна. Така ние имаме сега право да кажеме дека ни беше објавена војна како држава, бидејки веќе влезе во терминологијата терористичкито акт дека е изјава на војна. Тоа го велевме и порано, но сега можеме да го кажеме и посигурно, бидејки зад тој став стои и големата планетарна сила во моментот , тоа се САД. Значи, тука ние сме жртви на еден голем економски интерес што треба да се оствари, тоа е АМБУ методот, интересот се штити секогаш со воено присуство. Затоа требаше да добиеме странски сили во Макеоднија, да го штитат тој интерес и да го прекројат она што беше картата на нашата земја, се со цел да се заштити нешто сосема друго од една испирка деа тоа го бараат демократските институции на земјата. На крајто ќе излезе дека и војната сами ја баравме. Јасно ни е дека сите оние кои допред извесно време, ако некој од нас кажеше дека се терористичка организација, било УЧК, било ОНА, сега сите велат дека се тоа и можеме да го кажеме, бидејки нашето никогаш не се смета дека е точно ако тоа не стои некоја сила што се вика САД и јасно е дека тие се веќе терористички организации, со стие атрибути, дека се користат со тероризам за остварување на политички цели. Така што јасно е дека секој што преговарал со нив подлегнал на притисок и тоа воен притисок, а како залог и штета на сето тоа се националнит еинтереси на Македонија и пред се на макеоднскиот народ како народ кој ја створил оваа држава.

Се користеше и концептот Голема Албанија за растурање на Балканот и мислам дека останатите ситуации ќе го разбијат тој концепт и на сите ќе ни биде јасно дека ние немаме друг избор освен оној да одбиеме предлог , кој е срамен предлог, како што е амандманот 4 , да се избрише нешто што некои со генерации се бореле и умирале да го запишат. Нема изјаснување, бидејки гледате дека нашиот народ се изјаснил порано. Се изјаснил 1903 година, се изјаснил на многу востанија, се изјаснил во Втората светска војна, да ве потсетам на АСНОМ. До кога ние ќе го прашуваме дали е или не е народ?

**НЕНАД РИСТОВСКИ**: (продолжение)

Другите нека го прават тоа, ние немамем право, да го прашаме нашиот народ затоа беше нашата позиција цело време гласавме плротив приоѓање на промена на Уставот, тоа е Пандорина курија. Нашиот став е константен, не сакам да навлегувам во борба со другите партии, тие знаат за што гласале, ние затоа гласавме против, бидејќи да се менува Устав, во услови на војна, во услови на окупирана територија и тоа под притисок на оружје, тоа е акт на капитулација, а ние за тоа немаме дозвола, сите се

повикуваме, на нашите гласачи, а пред се да ви кажам немаме дозволи од нашите фамилии да го правиме тоа. Оној што тоа ќе го направи пред тоа нека оди да се консултира дали, ние намеме потреба од консултација, нашиот одговор е не. Не пристануваме на менување на Уставот, пред се на преамбулата .амандманот IV каде што ние, барем во лично име ќе се избришам како човек никогаш да не постоел. Со сите ризици за државата кои ќе следат понатаму.

За нас Рамковниот договор е ништавен. Ништавен е бидејќи тој е еден акт, кој не е заведен никаде, јас не гледам во архива, тоа е чист политички договор на четворица луѓе кои мислам дека немаат право во името на сите, да го договорат тоа што го договориле. Ако Рамковниот договор и сите прашања одеа порано пред народот и некој не прашаше дали тоа и тоа може да го договори, тогаш би го респектирале, сега не.

Со Рамковниот договор ние мислиме дека е создадено орудие за натамошно дробеење и слабеење на македонската држава. Се губи она што ја одржуваше како држава. Го снемува македонскиот народ. Прв пат во долговечната историја и меѓународното право се губи народ. Сите створаат народ, ние го губиме.

Второ, во Рамбуе, за прв пат имаме една интересна ситуација со помош на изигрување на меѓународното право од едно малцинство станува народ.

Ова се два исклучоци кои се случија за кратко време и тие немаат потпора во она што се вика меѓународно право. Но, мора да знаеме дека секогаш исклучоците во меѓународното право се обмислени и дека тоа го прават само големите, за сите интереси. За сите други постои меѓународното право. За нас очигледно некој сака да ни го укине правото иако сме членки на сите организации што подразбираат наше афирмирање и како држава и како народ.

Истите овие се против она за што декларативно се залага Светската заедница, тоа е мир, ред. Ако вие донесете закон и истиот закон го кршите, зборувам и за Меѓународната заедница дека тоа значи дека нешто чудно се случува, дека сите не сме исти иако сите сме исти пред законот и за некој нешто може за друг не.

Со ова Македонија ќе стане само географски поим, една територија што сите долго време сакаат да ни ги ампутираат дека ние сме територија. Се губи народот како кохезиона сила за опстанок на оваа држава како што ние ја познаваме и како што некој се уште ја сака. Иако со него Македонија има загарантирана унитарност, тоа е голема мамка. Таа унитарност ја има, унитарноста има територија, но составена од етнички локални заедници значи тука место народ се воведува ентитет, што е преседан, пак повторувам бидејќи долго време сме лабораторија за експерименти, преседан кој е погубен за Македонскиот народ.

Таа не е држава во класична смисла и мора да ви го кажам ова мада ми е тешко, бидејќи и конфедерација како поим е многу подобра за македонскиот народ отколку ова што ни се нуди. Во конфедерација Македонскиот народ знае што Земја има и дека е народ. Ова што ни го нудат е да не нема воопшто од целата територија како народ.

Македонците стануваат нешто што се вика мнозинство значи не се народ и се изедначуваат со сите етнички категории во Републикава.

Во договорот се зборува дека ќе се формираат нови територијални единици кои ќе ги крои некој од надвор, бидејќи таму пишува со меѓународна, внимавајте, ние не сме способни сами да се организираме, туку ќе не крои некој си корумпиран европски службеник кој, откако ќе си го добие своето, ќе си оди во своја матична држава, кај својот матичен народ.

Во историјата само два пати се памети ова што некој сака нам да ни го наметне. Тоа е познато како поим на пример да ве потсетам корпоративна држава. Значи, имаме нормални држави и корпоративни држави, тоа беа држави, ако успеете на една држава да и прислоните нешто друго како што на пример се меѓунродните корпорации кои веќе во светот си купуваат држави и таа држава работи за интересите на оној кој ја контролира т.е. капиталот. Сега по тој принцип нам ни се сервира, мислам првпат во светот, тоа мора да го знаеме, бидејќи ако е првпат во светот тоа значи дека ние немаме гаранција дека ова што ќе ни се даде е исто, дека ќе функционира. Бидејќи никаде не функционирало, тоа е голем експеримент дека ќе функционира иако јас ги ценам некои уверувања дека за 20 до 30 години се ќе биде во ред. Само едно знам дека експериментите обично завршуваат лошо.

Се одредуваат и други проблеми како на пример правилна застапеност по етничка припадност. Што значи тоа правилна. Да беше процентуална ќе го сфатев, немој тоа некој така да го сфати па во секој орган да има по еден припадник од секоја националност и практично учеството во власта и воопшто во јавниот живот да зависи не од тоа каков си, што си, што знаеш, што имаш во себе, туку да учествуваш само во некоја етничка заедница. Ова една замка, бидејќи ако некој на една етничка заедница во иднина и даде поголеми права се рачуна дека народот ќе ја менува припадноста на ентитетот со цел да ги добие тие права.

Да ве потсетам што се случува со колите, што се случува со пасошите. Има луѓе во Македонија кои се подготвени заради кола да променат државјанство за да може да вози ефтина кола. Јас мислам дека тоа не е случајно и дека исто има луѓе кои се подготвени за пасош, шенген виза да променат државјанство. Ова некој што ни го сервира смета на таа карта, се повеќе македонци ако им го уништиш она етничкото да приоѓаат кај оние што се други, за кои ќе има права, другите држави ќе ги даваат и се повеќе да се намалува она што се вика маса - Македонскиот народ.

Македонците не се ставени сега, според мене, пред избор, војна или мир. Тие се ставени пред избор војна или држава. Изборот е многу тежок, а многу е потежок за оние што го поставуваат тој избор, бидејќи не оставаат простор, ако сме демократска држава да кажеме не на некое барање. Сите тука се удираме во гради дека сме демократи, но демократите не настапуваат со правило или прифати или војна.

Цело време Парламентот беше суспендиран, бидејќи некој веројатно сметал дека тој Парламент може да направи проблеми. Можат да се јават луѓе во партиите, како што имавме прилика да слушнеме од некои дискутанти кои можат да мислат поинаку од некои луѓе кои истите ги претставуваат и кои си земаат за право да кажат поинаку од она што го кажаа нивните претставници во истата партија.

Но, сепак одговорноста е на оној што ќе гласа, а не на оној што ќе го договори гласањето. Сега, сите што ќе се вратиме во нашите средини нема ништо да не спаси ако кажуваме дека некој така ни наредил. Тоа го имавме во минатото, туку ќе одговараме за она што сме го направиле без разлика дали тоа ни се допаѓа или не. Ќе бидеме виновни сите ако ја загубиме државата и оние што дошле до тоа ама и оние што не ги спречиле во тоа да го направат.

Значи, јас би го поставил прашањето до нашите колеги претставниците на македонските Албанци на кого му одговара да се избрише Македонскиот народ? Во околината сите што се малцинства во Македонија се веќе изјаснети како народ и прашањето на нивниот опстанок е гарантирано. Што и да се случи тука во Македонија има држава Албанија каде ќе има албански народ, што и да се случи тука во Македонија за Србите, ќе има држава каде ќе се српски народ, исто се однесува и за Бугарите. Само ние тука сакаме да влеземе во една авантура која евидентно не ги гледаме последиците од таа авантура, бидејќи никој не ни дава гаранции дека ова што ќе биде е дефинитивно.

Мислам дека она што треба да го направиме во овој момент, да ги одбиеме она што се притисоците од таканаречените олеснувачи кои очигледно ни направија толку тешкотии што во цела историја ја немаме, да не се обвинуваме меѓу нас, бидејќи веројатно и оние кои питпишале некои работи ги потпишале под разни притисоци и веројатно мислеле дека е исправно. Сепак ние сме 120 тука и нашата дефинитивна одлука ќе биде одлука што ќе му пресуди на овој народ и на оваа држава и тука да се држиме.

Јас би побарал еден апел да седнеме со албанците, ние да го направиме договорот, бидејќи ние треба тука да живееме, ова што ни се нуди во иднина ќе продуцира војни, ќе продуцира нови судири и ќе биде извор на нови војни. Ова не е дефинитивно решение кое за подолг рок може да даде мирна состојба. Тоа мора да побарам откако ќе дојдеме до тоа решение албанците да се изјаснат за лојалност кон оваа држава, без разлика какво тоа решение ќе биде. Однапред ви кажувам дека менување на преамбулата во смисла губење на македонски народ, менување на одредиштето дека Македонската Црква ја нема во она што се вели Уставот како највисок правен акт, однапред нема да го прифатиме, а за други работи може да се договараме. Факт е дека правата никогаш не се конечни и се развиваат. Тука може да седнеме и да се договараме, но

тука во Собранието спротивставувајќи ги аргументите а не силата која моментално некој мисли дека ја има позади себе и поради тоа може да навлече некое политичко решение.

Со тоа ќе има едно решение прифатливо за сите, ќе бидеме многу помирни неопфатени од рокови и решенијата ќе бидат поиздржани, бидејќи во оваа држава пак треба да живееме сите како граѓани, рамноправини сите, а со овие договори се создава заговор на двајца против сите. Дефинитивно се избришани сите, ние видовме каква демократија се создава на Косово, какви права се прават на Косово, какви етнички чистења се прават и не би сакале пак да влеземе во она што се вели авантура од која се знае дека она што ќе излезе е негативно.

Едни прашања мора да се постават, бидејќи некој упорно избегава да ни одговори на нив пред се тоа на оној што ни ги предложи овие амандмани.

Дали Македонија е во војна, да не бегаме од тоа. Ние сме во војна. И ова што го правиме го правиме под притисок. Зошто оној што требаше да ги изврши уставните обврски наместо да ги изврши т.е. да обезбеди суверенитет на секоја педа од оваа територија, се впуштивме во однапред изгубена битка и без права ја прифативме капитулацијата, бидејќи ако ние не сме во војна зошто Армијата не е во касарна, туку на терен. Значи војуваме. Лично не можам да прифатам капитулација, а уште помалку онаа зафрканција со референдумот, бидејќи гледате немаме изјаснување дали сме за, или да го нема Македонскиот народ. Ние сме за, а ако сте и вие на гласање за IV амандман, гласајте против.

(со седницата раководи потпретседателот Томислав Стојановски)

(еден од пратениците бара реплика)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Никој никого не спомна. Повели.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Изгледа дека пратеникот Ненад Ристовски не знае во која држава живее. Кога го велам ова сакам кратко образложение дека ние живееме во Република Македонија и сите сме свесни во оваа Република кој се живее.

Едно кратко образложение околу тоа дека не повика да седнеме ние албанците и македонците да се договараме. Ние седиме 10 години во ова Собрание, а никако да се разбереме. Затоа доаѓаме во вакви конфликтни ситуации и потоа ќе ни дојдат некои конфликтни сили за да ни помогнат како понатаму да живееме.

Ние не сме виновни што Република Македонија е во овие граници. Виновни се некои други што живееме во вакви граници, но ние се прашуваме како треба да живееме во оваа држава, да најдеме заеднички јазик, да најдеме заеднички живот. Јас мислам дека со ова решение ќе се најде и заеднички живот и заеднички јазик и да помислиме за иднината на граѓаните за натамошното живеење.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува г. Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Видете, јас во моето излагање не сакам никого да револтирам, јас ги повикав претставниците од албанските партии, бидејќи евидентно конфликтот е тука, додека со другите заедници во државата не е изразен во толкава мера. Се разбира дека сето тоа што ќе се договори треба да бидат присутни сите и ја прифаќам оваа добронамерна, но би сакал да седнеме ние да договориме, а не другот да ни го дава договорот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Јонуз Абдуали.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Како вообичаено ќе се обидам да не ве оптоварам вас, поготово јавноста во државата која ја оптоваруваме некои помалку, но некои, мора да признаеме дебело и тоа доста.

Затоа јас во оваа прилика учествувајќи во оваа расправа, бидејќи зедов учество и во Комисијата за уставни прашања и тука два дена се дискутираше со пратеници, но и со надворешни членови врвни професори, но морам да кажам дека ова е болест наша во Република Македонија што тешко се разбираме или да гледаме и во науката, за жал, многу вистини.

**ЈОНУЗ АБДУЛАИ:** (Продолжение)

Па, знаете нема во науката пет вистини. Една и единствено една. Во тој контекст овде се е нормално да имаме различни мислења, но пред се потчит кон себе и кон другите. Јас не би сакал да повторувам и да навлегувам во реплики

бидејќи овде сватил некој дека од оваа говорница може да каже се и сешто.

Јас сметам поинаку. Ние треба да правиме клима бидејќи се наоѓаме во една состојба, што сите, секој од вас тоа го рече, состојба на меѓуетнички конфиликти. Веднаш поставувам прашање, ве молам бидејќи во ова Собранието има многу умни мои колеги, луѓе, ги почитувам, но има и шетани, па би сакал да ми се помогне да ми се каже еден пример каде во светот меѓуетничките конфликти се решаваат со војна, или во превод во борба со борба. Во секое време и пожестока или мала војна потребно е седнување, договор. Но, знаете договор и разговор не со сите. Некој сака да биде со сите, ама прашање е дали со сите. Во овој контекст се знае кој разговара и затоа сакам да ве упатам до Рамковниот договор потпишан со секое почитување на четирите лидери на најголемите парламентарни групи во ова Собрание. И за мене тоа е валиден и значаен, бидејќи претставува валоризација на барањата и потребите на тие претставници кои впрочем го гласале и го поддржуваат секој на свој начин лидерот на партијата. Овде беа искажани многу вистини и невистини за сите 4 лидера. Јас се оградувам од сите лаги и клевети кои овде беа нанесени, но ве молам не би сакал посебно за ниеден од лидерите и од страна на нашиот лидер г. Арбен Џафери, лидерот на СДСМ г. Бранко Црвенковски, лидерот на ВМРО-ДПМНЕ г. Љубчо Георгиевски и лидерот на ПДП г. Имер Имери. Воопшто не би сакал ни збор да искажам бидејќи тие имаа свои екипи, професионални, стручни, нормално и партиски кои 2 месеци па и повеќе работеа и дојдоа до овој договор, за мене валиден и прифатлив, иако има одредени пропусти. И затоа е тој договор, бидејќи е компромис од четирите страни. Пак велам од четирите страни е дојдено до овој

Рамковен договор кој е пред нас и ние во овој период што ни претстои треба да го оживотвориме.

А сега во однос на амандманот IV во однос на преамбулата.

За промените на Уставот не говорев затоа што многу се експлоатираше овде. За целата јавност во државата и надвор јавна е тајна дека ДПА тоа го бараше пред парламентарните избори, во текот на парламентарните избори со конкретен и дециден став дека промената на Уставот во Република Македонија е потребна, неопходна и дека сме во еден процес и не треба да се оптеретуваме многу, иако сме оптеретени во овој момент и не треба Уставот да го третираме како библијата или како куранот, што имав прилика да слушнам од мои почитувани колеги. Тоа е свето писмо, тоа не се менува. Се друго се менува и овој што ние го менуваме, сме во постапка, во што сум убеден дека ќе го промениме и овој некој утре ќе дојде по нас и ќе даде потреба за нови промени, што јас го ценам и сметам како најнеопходно и потребно.

Во однос на преамбулата доста се експлоатираше промената на преамбулата и мое мислење и мој став што го бранев на ниво на Комисија за уставни прашања е тоа дека граѓанинот, граѓаните се тие носители на сувереноста и на власта во Република Македонија, а се друго е или од минатото што ние не сме го доживеале, или носталгија кон другите што тоа го поминаа и го доживеаја. Сега оваа промена што се воведува во измените на амандманот IV, оваа промена каде што граѓаните се носители на власта и на сувереноста, ова е веќе светски тренд каде што претставува добар патоказ во интеграција во евроатланските интеграциони процеси, каде што ни е местото. И тука треба да правиме референдум - дали сме ние за интеграција во евроатланските процеси или враќање некаде во Бангладеш. Тука народот ќе се изјасни во референдумот за или против. Исходот се знае каков е. Затоа на крајот би сакал збор два да ви кажам во однос на народот.

Овде се експлоатираше доста - народот ќе го изгубиме, народот ќе го уништиме. Јас се согласувам со мнозинството овде кои ја изкажаа оваа теза дека народот ќе го изгубат ако вака продолжат, но народот ниту се губи ниту народот некој може да го створи бидејќи тој е историска творевина и не може на некој му текнало и ќе го изгуби или ќе го добие, туку се знае дека тој е историска творевина што никаква сила досега не можела народот да го уништи. Ниту волјата на поединците, а историјата, овде имаме врвни историчари тоа најдобро го знаат ниту можеле, но ниту ќе можат народот да го уништат или едноставно да го бришат од картата на светската историја на денешнината и на иднината.

На крајот прифаќајќи ги овие измени во амандманот IV во преамбулата на тексто на нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија би сакал да ви кажам и да парафразирам еден дипломат со кој деновиве разговараме секој на свој начин, некој повеќе некој помалку, но би сакал да го парафразира. Ни рече господа пратеници имате многу значајна задача во моментот. Бидете кооперативни, го парафразирам, и

креативни, немојте да се претворите во обични нотари. А, јас бидејќи ќе гласам за овој текст на нацртот на промените на амандманите на Уставот на Република Македонија би ги посоветувал моите колеги, бидејќи и јас слушнав многу совети на моја адреса, на мојата партија, на мојата нација итн. и би ги посоветувал да не бидат обични нотари туку да бидат креативни и одговорни, бидејќи за тоа се избрани. А ако некој се осеќа хаџи пишман тој за тоа требаше да се размисли дебело и добро пред да стане пратеник, а јас ја сносам комплетно целата одговорност во овој Парламент пред моите гласачи бидејќи ја имам довербата и ја имам довербата кај лидерот на ДПА господинот Арбен Џафери. Сметам дека целата оваа процедура ќе се заврши и конфликтите меѓуетнички во Република Македонија ќе добијат еден позитивен ток. Бидете убедени дека е тоа долгорочен процес но ние сме на пат тој процес да го започнеме. Немојте да мислите дека со нас почнува и завршува се во оваа мала, ептен мала држава.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, иако пред неколку дена кога се расправаше за иницијативата на претседателот за измена на Уставот во ова Собрание се јавив помеѓу последните дискутанти да го кажам своето мислење и да го дадам својот придонес, иако како партија не присуствувавме во Охрид на разговорите и не сме потписници на Рамковниот договор, го искажавме својот став со тоа што бевме против иницијативата за пристапување со амандмани кон измени на Уставот на Република Македонија. Еве и денеска повторно се јавувам како претставник на граѓаните од мојата изборна единица од Прилеп да го кажам повторно мојот став во врска со Рамковниот договор кој што е потпишан во Охрид во однос со целата процедура во која што со вешто извртување на фактите и аргументите, во едни услови кои што не доликуваат за 21-от век, се дојде со нелегитимни средства до една постапка која што сега низ Собранието пред неколку дена и беше даден некаков си легитимитет од страна на пратениците на политичките партии кои што учествуваа и кои што се потписници на тој Рамковен договор.

Ние пратениците од ВМРО-Вистинска, иако гласавме против иницијативата на претседателот Трајковски, за пристапување кон измени на Уставот, иако укажувавме дека самата таа процедура не е во ред, условите кои што се случуваат во државата се такви за да може да се расправа за пристапување кон изменување на Уставот. Сакаме да докажеме дека сме мажи, дека ќе се спротивставиме на мнозинството кое што ја изгласа иницијативата за пристапување кон овие измени со тоа што ќе даваме свои видувања, конструктивни амандмани на амандманите во третата фаза по кои што вие почитувани колеги пратеници ќе треба да се изјасните.

Многу ми е жал што сега зборувам пред празна сала иако се вршеше невиден притисок на вчерашниот ден да се одржи оваа седница. Мене ми е жал што денес додека зборувам овде, додека целиот македонски народ седи пред телевизорите преокупиран кои со жалост што го снајде во оваа војна, кој со немаштијата која што му се наметна во овие 10 години, со невработицата, со без перспективноста, без присуство на ниту еден од потписниците на Рамковниот договор да зборувам за тоа што значи тој Рамковен договор и што значи да се пристапи кон изменување на Уставот во едни вакви услови во какви се најде Република Македонија.

Воедно како потпретседател на Собранието кој што помеѓу другите, како и претседателот на Собранието, како вас почитувани колеги пратеници сме повикани и овластени да се грижиме за законитоста на работењето на ова Собранието барам од претседавачот да ги повика пратениците да влезат во Собранието, да има кворум за работа, а исто така барам предлагачот на овие амандмани, Нацрт текст на амандмани да биде присутен во оваа сала за да нашите муабети не бидат "млатење на празна слама".

Македонскиот Парламент и јас како еден од пратениците во него сум длабоко навреден како од странските медијатори кои што дојдоа во Република Македонија да ни кажат како треба да изгледа нашата држава, но исто така сум длабоко навреден и од домашните претставници на највисоката власт кои што 6 - 7 месеци го суспендираа овој највисок законодавен дом додека во земјата се развиваше една крвава војна, додека во земјата се мобилизираа безбедносните сили, додека во земјата се гинеше ова Собрание не работеше. И тоа наше неработење овде не доведе во таква ситуација да неколку лидери на политички партии потпишат еден договор кој што сега треба во оваа сала, во овој законодавен дом да извршат некакво си легитимирање на сето она што е потпишано или што е договорено во тој Рамковен документ.

Јас исто како и мојот колега Ристовски кој пред малку дискутираше за повеќето од причините и за повеќето од нашите дилеми околу натамошното развивање на целата ситуација во нашата земја навистина не знам и не можам да бидам доволно паметен кој му даде таква сила и таква храброст да се потпише еден ваков документ и потоа да треба да помине овде низ Собранието. Наместо прво во Собранието да се расправа, па Уставната комисија итн, за сите проблеми кои што ги оптоваруваат односите помеѓу македонците и албанците, иако можам слободно да тврдам дека во сите овие години од 1945 година па наваму секогаш албанското малцинство во Република Македонија добивало одредени права. Доста права и тоа буквално тотална рамноправност со Македонците и другите националности со највисоки функции во државата од 1945 до 1991 година.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

До 2000 година максимални услови финансирани од државата за негување на јазикот, културата, обичаите, фолклорот, театар. Потоа имаше попис кој беше пропратен со блокада од нивна страна. Службена употреба на јазикот во локалната самоуправа, образование на мајчин јазик во основно образование, средно образование. Организирање во политички партии. Слободно собирање на изразување на стремежите и желбите изразени од припадниците на албанската националност. Учество во власта, министри, амбасадори, потпретседатели на Владата. Здружение на писатели, на жени, културни, друштвени, спортски и забавни манифестации. Долга и богата програма на МРТВ на информативен, културен план, на телевизиски и радиостаници на албански јазик, издавачка дејност дневен и неделен весник на албански јазик, верски училишта, основни училишта, средни училишта и високи исламски заедници и училишта, театар, неограничена присутност на лидерите, интелектуалците во медиумите и тн. Исто така доста привелегии во однос на позитивна дискриминација за упис во школите, при вработувањето, квоти и клуч со што се руши граѓанскиот модел и ја елиминираат конкуренцијата на знаењето и стручноста при нивното инкорпорирање во овие институции.

Меѓутоа, под силни притисоци на Меѓународната заедница, притиснати од надвор, со внатрешна асистенција, синхронизирани со внатрешни и надворешни притисоци за народни подготовки на приклучување на Македонија кон структурите на ЕУ, кое за утеха би следело, ако бидеме послушни би следело по 10 или 15 години. Меѓународната кризна група со седиште во Брисел, со својот Извештај од август 2000 година подготвен за ЕУ врши исто така силен притисок врз Република Македонија. Тие ни препорачуваат сами да си извршиме промени за да не ни ги извршат нивните советници за интеграција, кои директно би се во овој процес доколку има голем отпор за извршување на предложеното односно наложеното. Се бараат промени на Уставот и тоа во преамбулата каде што е напишано дека во Република Македонија, дека таа е национална држава на македонскиот народ. Тоа име велат дека пречи и дека било мајоризација, дека требало одново да се препише, да се преправи, а со тоа божем да им се даде еднаков статус на сите "народи" во земјата. Малку им е тоа што во државата не можат да ги добројат, како што велат народите кои живеат во Македонија, туку препорачуваат и промена на член 19 од Уставот за да се избегне посебно признавање на МПЦ. Под наводното мото, македонското општество конечно да се формира како граѓанско општество, односно како граѓанска нација се трасира отворената намера на Кризната група да интервенира во македонскиот Устав и другите закони за дефинитивно да се отстранат сите етнички елементи на македонци, со што би се избришала препознатливоста дека, како нација, имаат своја држава што се вика Република Македонија.

Измиени самите од себе на македонците им се препорачува, односно диктираат постапки, наводно за да не бидат малцинствата на маргините, каде посебно се чувствувало албанското малцинство, дека треба самите да се сместат над нив, а со тоа да им се даде предност на другите кои живеат во Македонија, посебно на албанците, како најголемо национално малцисство во земјата. Значи, отстапки во корист на оние што имаат свои матични држави во соседството. Па, наместо една да имаат по две, а македонците да останат без ниедна.

Исто така, оваа Меѓународна кризна група составена од актуелни европски политичари во својата поставеност би требала да е заинтересирана за интеграција на Македонија во Европа и олеснвуање на нејзините економски промени.

Но, не е така. Фактички, оваа група се покажа дека претставува лоби

група на албанците во Република Македонија. Таа, од позиција на својата поставеност врши директен притисок врз Македонија и, без оглед на реакциите, наметнува своја реалност и бара соочување со неа, па милум или силум да изврши промени по диктат. Во спротивно постои закана дека нема Македонија да биде земена во Европа и не само што нема да се спаси од кризната состојба во која западна, наводно поради се понапнатите меѓуетнички односи, туку ќе биде фактор што придонесува за перманентна дестабилизација на целиот регион. Значи, конечно на Македонија и нудат можност да стане фактор на што и да било. Наравоучение – „ да си ги извадиме ние очите овде сами за да не ни ги вади некој друг‟.

Сето она што тие логисти го предлагаат и бараат од македонската држава и македонскиот народ, не ни помислуваат да го побараат од своите етникуми и државите од каде што се делегирани во Европската Унија. Ним им боде очи македонската држава, македонската нација со своите исконски белези. Исто и Македонската православна црква. Затоа сакаат да експериментираат со македонците. Да ги различат со безличност и такви да ги прифатат како граѓани од граѓанска нација и граѓанско општество, по што повеќе би се откажале од нивните идеи да се интегрираат во Европа.

Овде некој некому му продава басна. Што значи тоа граѓанска нација? Која европска држава има оформено таква граѓанска нација каква што сакаат да направат во Македонија? Би рекол никој. Сите држави членки на ЕУ, ако не во преамбулите, тогаш директно уставните одредби имаат запишано дека Германија е држава на германците, Франција на французите. Тие исти држави, многунационални како и ние и сите други во Европа етничките елемнти ги воскреваат и се гордат со нив, затоа што со нив се препознатливи и свои се на своето.

Но, за жал никој во Европа нема чувство за нас, за етничките македонци. Да беше поинаку, немаше врз македонците и македонската земја да се случат сите делби и разделби и да се урнат сите грамади од трусните промени што се случија овој век на Балканот, како директна атака и немаше да се случат сите трагични егзодуси од кои денеска крвави расцепканото македонско ткиво.

Во изминативе 50-тина години од Европа и од надвор ние, македонците доста зло сме виделе. Малку ли беше што некој ја распарчи Македонија и го дозволи егзодусот на македонците што трае до денес? Таа Европа, преку формирани лоби групи, алчни и дрчни за пари врши повторен терор врз македонските славјани. Не нарекуваат македонски славјани. А ние не сме македонски славјани туку сме македонци и се гордееме со тоа што сме македонци.

Ако господата од Европа не нарекуваат славјани имаат проблеми со историјата, слбодно нека се обратат до мене, до потпретседателот на Собранието на Република Македонија. Ќе им посочам литература од која ќе видат дека ние не сме славјани туку дека сме македонци.

До сега, низ историјата многу пати се извртувани фактите и се ни се пишува дека ние сме биле грци, дека ние сме биле бугари, дека сме биле срби. А, почитувани господа, до сега во историјата да не се враќаме назад, пред Христос, осум века, во времето на македонските кралства и наваму, не би сакал да одземам ценето време на овој Парламент. Ако сакате почитувани колеги пратеници дојдете кај мене, ќе ви посочам литература до XIII век. Секаде се спомнува македонскиот народ и македонската нација.

Од крајот на XIII век, не би се враќал назад во историјат до крајот, од крајот на XIII век па до крајот на XIV век Македонија и македонскиот народ се под власта на српските владетели. А од 1371, XIV век, после битката кај реката Марица потпаѓаат под турската власт 1461 година Павле Мавоцен во Рим пишува поттикнати од овој пример кај Цесалиците, Грците, Пелопонесците, Епиротите и Македонците сите ќе се одметнат. 1470 година, Маријо Анџело, венецијански војник, во својот дневник запишал дека на 13.06.1470 година ја посетил Света Гора каде се наоѓале многу кристијански калуѓери од кои некои биле грци, други македонци, власи, па дури и италијанци. На 17.06.1470 година кога логорувал близу устието на реката Неста запишал дека тука живеат грци и македонци и тн.

Од сите документи оставени хроники, записи и слично, за секој век, се гледа дека е оставен патешествието и континуитетот на македонскито народ и Македонија и дека не се спорни. Жалосно е што и денес историјата не се учи како што се учи и се зборува дека најпрво не немало, за само 30-40 години затоа што дошле словените во VI-от и VII-от век. Потоа се вели дека сме се претопиле, сме изгинале во борбите со текот на времето сме

изумреле и сл. Притоа заборавајќи дека пред турците од турско ропство не сме биле 30, 40, 100, туку рамно 541 година. Но, сепак останавме македонци иако за цело време сме гинеле, емигрирале, дигале многу востанија и после кои уште пожестоко се удирало по нас. Сме умирале од чуми, од болести глад. Но, не сме изумреле и не не снемало од нашата Македонија.

Периодот за време на Илинденското Востание и после илинденскиот период и другите војни, балкански, во кои ќе се види целата изопаченост на соседните претензии, посебно српските, грчките и бугарските, нивните желби за разнебитување и за разградување на Македонија и македонскиот народ ни се добро познати. Но, ние сме останале до денес во ова Собрание да дискутираме и да го потсетиме својот македонски народ дека и денес се удира по неговите најсвети нешта и дека треба да застане целиот во одбрана. Но, да им кажеме на сите дека ние сме тука и дека постоиме.

Повторно би се вратил на Рамковниот договор и повторно би се вратил на амандманот IV, на преамбулата. Факт е дека во Република Македонија, покрај нас македонците постојат и други граѓани и тоа воопшто до сега низ историјата нам не ни пречеле, туку добро сме се разбирале. Стално сме застанувале да се браниме од нашиот заеднички непријател. И албанците и турците и власите и ромите и сите, нека ми простат оние што нема да ги напомнам. Никогаш меѓу себе не сме се судирале, никогаш меѓу себе не сме војувале. Секогаш сме сакале да ја зачуваме.

Се согласувам потполно со дискусијата на колегата Ненад Ристевски и јас ја користам оваа можност, иако од мојата политичка партија не присуствувавме и не потпишавме никаков договор, не гласавме за иницијативата на претседателот Трајковски. Ги убедувам припадниците на македонските албанци во овој Парламент дека во оваа држава има мажи кои сакаат да разговараат со нив за сите отворени прашања. Но, не во вакви услови, господо. Не се исполнети условите во преамбулата во Рамковниот договор. Во Република Македонија има некаде од 60 до 70, според некои извори и 100 илјади иселени граѓани, откорнати од своите огништа. Како почитувани колеги да седнеме со вас да разговараме во едни такви услови? Како почитувани колеги во едни такви услови да правиме референдум? Сеуште се гине. И за време на потпишување на Рамковниот договор најголем дел од припадниците на безбедносните структури кои го бранеа суверенитетот и интегритетот на нашата држава загина. Европа, САД, НАТО, знаат за нашата евроатланска ориентација. Тука барем, меѓу сите нас овде има консензус. Јасно сме се издекларирале дека сме и за во Европа и за во НАТО.

Но, ако сакаат да ни помогнат да се интегрираме нека не ни помагаат на ваков начин. Сега е вистинското време да се видат правите пријатели на Македонија и македонскиот народ, ако сакаат да постигнеме договор со албанците и со другите, да имаме добар соживот во Република Македонија, нека дојдат тука, нека помогнат да се разоружаат оние што сеат смрт во Република Македонија. Нека се воспостави еден мир, нека се разоружаат сите оние што со сила не принудуваат овде да пристапуваме кон изменување на темелните вредности на Уставот. Нека инвестираат овде, во мирот во Македонија. Дајте овие 400 илјади невработени, почитувани кои ја гледате оваа седница и американци и европјани, инвестирајте овде во овој напатен народ да се вработат околу 400 илјади невработени. Нека настапи една релаксација нека земат луѓето плата. Да се релаксираат малку и економските и социјалните прилики. Нека има еден мир од шест-седум месеци и точно до крајот на нашиот мандат за многу прашања за кои што вие потегнувате оружје можеме да седнеме и да се договараме. Ама не вака.

Јас знам дека со тешка душа и тешко срце некој го потпишал тој Договор. можеби и со голема леснотија. Се научивме да гледаме многу работи, се навикнавме да ја мразиме политиката. Но затоа, еве ние сакаме да дадеме конструктивен приод. Без разлика, вие можете да ги прифатите и вака овие амандмани, Нацртот на текстот на амандманите. Но, јас ви предлагам да изработиме амандман по преамбулата. Не смее да се избрише зборот македонски народ.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:** (продолжение)

А, за другите амандмани, исто така ќе разговараме. Зборував само за

амандманот 4.

Понатаму во другата фаза ќе се вклучиме со амандманите ќе ве прозиваме да ги гласате тие амандмани. Очекуваме и од припадниците на албанските политички партии и од Македонците и од оние партии што се потписници на Рамковниот договор, поддршка за оние прашања на кои што сме чувствителни. Сакаме соживот, а сакаме и

елементарни разбирања за оние теми кои што понатаму би можеле да ја продлабочуваат кризата во земјата. Ако одиме да направиме услови тие конфликти еднаш да завршат и да не ни се повторуваат, да ги решиме ние сега ако сме мажи овде, а не по четири или пет години да им ги оставиме на нашите деца. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално за збор се јавува Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Јас мислев дека потпретседателот кој што беше сега на говорница ќе остане доследен на тоа што го кажа, пошто кажа дека заклетва има да ги спроведува законите и процедурата во Парламентот и кога кажа дека треба да има кворум и дека треба да дојде предлагачот, мислев дека ќе прекине и ќе си биде доследен . Инаку, вака само во етерот да го каже тоа формално, мислам дека не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, повикајте ги пратениците нека влезат во салата а потоа ќе зборува Г. Илија Пранговски.

**ИЛИЈА ПРАНГОВСКИ:**

Јас сум еден од оние пратеници кои што имаа можност во денешнава сеанса да имаат попристоен кворум од своите колеги пратеници и навистина сум изненаден од масовното присуство во оваа сала собраниска, бидејќи точката е толку незначајна, што просто може да се следи од холовите и од салите или од некои други места.

Од друга страна вчера имавме неверојатно, а и денеска силен притисок да се одржува оваа седница по незнам каква цена. Имам впечаток дека, ве молам колеги, барем вие што сте присутни јас ве слушав сите внимателно и ве молам обратете ми внимание, имам впечаток дека циркусот наречен уставни промени, продолжува. И, дека се веќе е познато, претходно договорено и дека ние сме само во една фарсична состојба во која што треба да изигруваме кловнови.

Јас се извинувам ако некој се почувствува навреден, јас повремено, посебно овие последни денови често пати така се чувствувам. Продолжува таа бескрајна глупост, тоа што и се случува на Македонија и за која што во овие изминати 10-тина дена се изнаслушавме и се изнакажавме безброј причини зошто и како без малку подлабоко да ја зафатиме темата, освен со целата почит некои колеги пратеници навистина, го кажаа тоа што е, по мое мислење вистина. Така што, ненормалностите и апсурдите продолжуваат и гледаме од колегите пратеници од албанскиот блок, така сакаат да се крстат и така се крстат во последните месеци, албански блок на партии или другата страна, гледам еден однос кој што е присутен и во самата собраниска сала и кој што мене повремено лично ме револтира како пратеник и како граѓанин на Македонија, а не како Македонец. И, велам доста е, претерувате. Ајде немојте многу да беснеете. Зборуваме за уставни амандмани на РМ кои што треба да се стекнат по пат на уцена и по пат на присила. Една мала државичка, како што кажа еден претходен говорник, која што е толку мала, ептен мала, таа е доведена во таква состојба од внатрешниот фактор, но и од надворешниот фактор што мора оваа уцена да ја прифати. И, тоа е тоа, тоа ви е кажано, тоа ви е речено и тоа ви е судбина, па сега вие сакате милум или силум. Затоа, ви велам немојте многу да беснеете, бидејќи, сепак, ова е Македонија држава и ќе остане така. Се прави огромна грешка. Сакам да кажам дека се прави таа грешка во проценки, во реакции и во анализа што досега и што понатаму. Почитувајте колеги од СДСМ зборуваа за Танушевци и тоа ме потсетува на еден добар состав, меѓутоа, промашена е темата. Јас во првиот говор кажав и сега ќе кажам, не сум некој воен аналитичар, ниту имам некое искуство во одбраната и во полицијата, но мислам дека тоа е најголемата илузија и за овие 20 дена, низ овие седници во континуитет, јас лично како пратеник на Македонскиот народ не се убедив во спротивното. Не се убедив, бидејќи дури немам доверба ни во она што ќе зборува од оваа говорница од колегите од другата страна односно од албанската страна. Илузија е бидејќи и тоа е најголемата грешка, затоа што ако беше Уставот на РМ извор, извориште на кризата, несакам никого да напаѓам од партиски позиции, тогаш зошто, одговорете ми, дајте еден нека ми одговори од колегите од СДСМ на едно најобично просто прашање. Тој Устав е донесен во 1991 година. Зарем требаше 10 години ако бил извор на кризата овој Устав кој што беше прогласуван за најдемократски од земјите во транзиција донесен и согласуван од светски авторитети, тогаш зошто Албанците, за да го променат Уставот, не ја започнаа агресијата врз Македонија и не почнаа да пукаат врз македонски полицајци и војници уште во 1994, 1995 и 1996 година. Затоа што, во

1994 година, 1995 и 1996 год, мислите дека беше на власт СДСМ која што држеше се под контрола? Не. Затоа што, во 1995, 1996 и 1997 год, и 1998 год, не постоеше Косово како фактор на поголема криза на Балканот и кој што постои и понатаму. Ако имавте прилика вчера да ги слушате, да ги гледате на Македонската телевизија, борците за човекови права мислам дека сите ние на некој начин овде сме во голема заблуда. Луѓе, што се случува со нас овде. Ова е историја. Дали сме дрогирани, дали сме хипнотизирани или токму сме преплашени од командант Тели и компанија, кој што во песните го спомнуваат Рамуш Арадинаи и тоа нема врска со Косово апсолутно, од Танушевци е проблемот, кои спомнуваат голема Албанија Духаџини и тн, славјаните се тресат во Русија и тн. Дали се свесни што правиме и што треба да направиме? Не реков што правите, Гештаковски туку реков што правиме.

Поништувањето кое што е карактеристично и на кое што е изложена Македонија во изминатите месеци е огромно. Огромен е притисокот врз секој Македонец, но и врз македонските пратеници.

Она што неможам да не го спомнам е повторно е тој лицемерен однос на т.н. македонски независни медиуми, кои ќе сносат и тие своја сопствена одговорност. Како во вината наоѓаат виновници и како во вистината која што ја гледаат пред свои очи, не ја гледаат правата вистина.

Ова што се случува во Македонија, говореше еден од колегите од ВМРО-Вистинска, е експеримент без преседан. Историјата на современите држави и народи не памети и нема да памети ваков друг експеримент. Едноставно, не е направен, затоа што неможе да постои. Ние ако не сме дрогирани, ако не сме хипнотизирани, ако не сме преплашени, тогаш ние, извинете, се бориме за власт. Извлекуваме постапки за да дојдеме до одредени позиции, но во истото тоа време изгледа не сме свесни или ќе бидеме свесни одкога целата работа ќе се заврши, ако се заврши, во истото време тешко ќе ни биде да сватиме или веќе знаеме однапред дека можеби ќе имаме некаква власт, но ќе ве прашам тогаш во која и на која држава. И Македонија нема да биде никогаш иста. Никогаш нема да биде повеќе иста. Македонија не е иста од пред пет, шест месеци. Зборував за тоа каква е Македонија. Дека е обесчестена, понижена, крвари, раселена, уплашена, притисната од сите страни, сопната, но доколку ова се усвои амандманот 4 никој нема нас на Македонците овде во овој Парламент да ни прости и никој не треба да ни прости, никој. Напротив, треба да се соберат овде пред Парламентов како што се собираат со месеци правите Македонци. Затоа што Македонскиот народ во една, како што некој кажа од колегите од албанскиот блок на партии, во една преамбула која го одразува историскиот континуитет и тоа "незначајна работа" воопшто, зошто некому му смета. Ако му смета на историски докажани проверени непријатели на оваа држава од разни позиции, да не ги спомнувам од нашето опкружување непосредно, тогаш зошто и јас неможам да сватам зошто им смета на албанците во Македонија. Веројатно, ќе почне да им смета и на СДСМ.

Г. Филип Петровски ја читаше преамбулата, јас нема да ја читам. Ќе ја читам преамбулата од анексот А, кој што треба да го усвоиме: "Граѓаните на Република Македонија", навистина, да ви кажам право јас го немам видено англискиот оригинал од овој превод и во право е Г. Бошков што изразува одредено сомневање дека многу пати сме виделе ние такви договори кои што се преведен на македонски јазик, па во оригиналот се малку нешто во промената на текот на реченицата и ја променува смислата и така се толкуваат. Гледајте ја преамбулата на РМ која што се предлага како нова, преземајќи ја одговорноста на сегашноста и иднината на нивната татковина, се е запишано супер. Ова е супер напишано, така е убаво напишано, само да го нема Македонскиот народ. Зошто да го нема Македонскиот народ? Кому му смета тоа? Кои сме ние да кажеме дали да го има или да го нема Македонскиот народ и кои сте вие да кажете? Сакате да имате три држави еден народ. Е, тоа неможе. Неможе, тоа треба некој да ви го каже. Неможе еден народ да има три држави. (аплауз) А, еден народ кој што е така преплашен, уценет, да се укине самиот. Зошто? За вас да ви го направи ќефот. Богати! Зошто? Затоа што ќе не убивате. Обидете се. Обидете се ако така го гледате соживотот во Македонија. Толку по ова прашање. Благодарам. (аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Кирил Андоновски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Кирил Андоновски.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас прво ќе почнам, како и минатиот пат кога дискутиравме за предлогот за пристапување на измени

на Уставот. Мислам дека ние направивме кармакареши од овие уставни измени. Значи, направивме една лакрдија.

Прво, ние тргнавме од некои политички договор, политички договор кој има некои рамки. Меѓутоа, ние имаме други акти во Собранието кои воопшто не се почитуваат, во поглед на процедурата. Како може да се менува Устав кога пратеник, зборувам за мене, член на Уставна комисија, го добивам истиот ден кога се одржува Уставната комисија и треба да дискутирам конструктивно и да давам некои предлози. Ова не е некоја одлука за формирање на некој одбор, туку конститутивен акт на државата, конституција на државата.

Меѓутоа, под притисок на олеснувачите, на таканаречената меѓународна заедница, подлегна и нашиот претседател на Собранието што не беше му својствено, барем до сега не беше својствено вака да постапува. Меѓутоа го сфаќам него, бидејќи и тој е ставен во некоја ситуација од која не може да излезе.

Свесни сме дека овие измени на Уставот се вршат под притисок, што не е карактеристично никаде во светот, туку само кај нас во Македонија, кај нас во Македонија поради тоа што ние Македонците, сега ќе направам малку градација, Македонците и Албанците. Ние Македонците поради нашето неединство се доведовме до оваа состојба. Не зборувам кој е крив, дали е оваа партија или онаа партија, зборувам како етникум. тоа може да се види, бидејќи 11 години парламентарците од албанскиот блок, земете ги стенографските белешки па ќе видите, само зборуваат за правата на Албанците, не барем се обесправени, како Македонците во Албанија.

Мислам дека е тоа трагедија за нас Македонците.

Понатаму во нивните дискусии, само пријатно ме изненади еден дискутант во Уставната комисија, во нивните дискусии често се оди со заканување или ова ќе го добиеме, или нема. Или ова ќе биде, или војна ќе биде. Секој пат така. Немавме конструктивни од страна на Албанцита, *не* мислам дека Македонците многу придонесовме за тоа.

Ние мораме да сфатиме дека и за оваа состојба многу придонесоа и нашите, таканаречени независни новинари, бидејќи новинарите во една држава треба да претставуваат совест на државата. Од новинарството и од пишувањето на новинарите зависи многу како ќе се одвиваат одредени работи. Еве сега, ние имаме примери каде новинарите до прад некое време пишуваа многу нешто против ова што се случува, додека сега замолчеа, дури зборуваат во прилог на тоа. Не мислам дека, можеби се во право, но секоја проблематика за да се пишува треба добро да се познава ако не се познава се искривува.

Ние тргнавме од тој политички договор и јас уште во почетокот кога зборувавме му обрнав внимание на нашиот претседател на Собранието, што гледаме ние, дали гледаме предлог за пристапување кон измени на Уставот, или гледаме Рамковен договор, политички договор. На добив никаков одговор што гладаме, бидејќи формата на предлогот за пристапување кон измени на Уставот е една, а договорот е друга. Договорот, страните, кои страни тука сега не можеме да сфатиме. Некој можа ќе објасни. Страни, обично меѓу две држави, меѓу два субјекти се, а овде сега кои се страните не знам. Можеби понатаму ќе биде објаснето и кои се страните во овие држави.

Политичкиот договор вика, така се договорија, пратставниците на политичките партии кои таму водеа дијалог. Ова ме потсетува на социјализмот, бидејќи и јас имам искуство од тогаш. Ме потсетува во времето на социјализмот, кога ќе вречеа Општинскиот комитет, не сум работел, да знаете во тој Општински комитет ниту во Централен комитет, туку сум работел во органите на управата. Ние се договоривме, ќе речеа, политички се договоривме. Ама не е законито. Ние се договоривме. Така и сега одиме во таа фаза, демек, врз основа на политички договор, ние мораме да го преточиме тоа во она, иако не размислуваме, многу од нас не размислуваат така.

Јас и минатиот пат реков, уставите скоро во сите демократски држави, демократски, мислам на западно-европски демократски држави, зборуваат во Преамбулата, дури и некои имаат и во членовите каде што зборуваат, соодветниот народ на таа држава. Јас можам да ви кажам, Шпанскиот устав, каде што има народи, не малцинства, и тоа кастилијански, каталонски, баскијци, можеби и друг. Меѓутоа, официјален јазик таму е касталијанскиот, т.е. шпанскиот јазик, а овие народи имаат нешто,

зборувам за народи, не зборувам за малцинства, имаат нешто со што може да се осамостојат, да имаат посебна држава, имаат некоја културна и јазична автономија.

Само ќе набројам, видете ја хрватската преамбула, видете како историски е дадено се во хрватската преамбула, словенската преамбула, грчката, бугарската, албанската, француската, па и белгиската, што често пати претставниците од албанскиот блок, така наречен, често се повикуваат на она што е регулирано во белгискиот устав. Видете ја преамбулата како гласи таму. Дури во Шпанскиот устав во член 1 став 2 вели: "Националниот суверенитет почива на шпанскиот народ", не на граѓанинот.

Најповеќе ми е карактеристично, што ние на Балканот живееме, ние не сме ниту Швеѓани, ниту Финци, ниту Белгијанци, ниту Данци, што често милуваме да се споредуваме со нив, меѓутоа треба и со свест и со култура да дојдеме до тој степен и ние и Албанците, за да може тоа да се прифати, да биде наше. Меѓутоа, таа споредба не држи, туку спроедба со таканаречен Западен Балкан што милуваат западни демократии да не крстат нас, Западен Балкан. Сега, во Западниот Балкан како е. Во секој устав од државите на Западен Балкан конститутивниот народ, како демос зборувам, кажано е дека албанскиот народ, бугарскиот народ, грчкиот народ и незнам кој народ. Сега само ние отидовме во Шведска, во Финска. Може ли нешто да успее некаде каде нема соодветни услови. Не може. Меѓутоа, ако сметате дека може и ова да го направиме.

Мислам дека ваквите измени на Уставот нема да придонесат за мир. Во тоа се залажуваме.

Еве сега да ги земеме изјавите на пратениците од албанските партии кои даваат на телевизија и претходно имаше некој дискутант што рече, ние бараме да бидеме народ, тоа само го интерпретирам, не цитирам. Народ да бидат. Значи, со ова тие добија само дел, мислам зборувам условно за се. Значи, другиот дел малку подоцна. Пак во некоја ваква ситуација ќе дојде веројатно другиот дел. Сега ние што направивме? Направивме да има моментален мир, а потоа? Дали, јас прашувам ако не се интегрираме ние во една држава, да речеме во Германија, дали ние можеме тогаш, ако не зборуваме германски, ако не ги почитуваме нивните закони, како малцинство зборувам, ако не бидеме лојални, тогаш ние не можеме да се интегрираме. Ние само привидно се интегрираме со овие измени, а фактички ќе се дезинтегрираме, бидејќи јас само ќе кажам дека овие измени водат кон дезинтеграција поради тоа што почнаа веќе да се применуваат два јазици, два официјални службени јазици. Овде веќе се поставува прашањето на колективитет, прашањето на нацијата, нацијата условно земено, поради тоа што СФРЈ ние зборувавме дека, јас сум велел, најдобро сме го решиле националното прашање. Како сме го решиле, да, постојат 6-7 народи и колку народности. Видовме ние од СФРЈ што стана. Значи, најлошо решено национално прашање, бидејќи за секоја една одлука треба да се консултираат овие, треба да се прави она, ова и тн., и тоа одеше до недоглед, додека се дезинтегрира.

Со ова што вика таму, се подобрува односно како е кажано во образложението на ова решение, мислам дека унитарниот карактер доаѓа до израз повеќе. Не е точно, со тоа се нагризува унитарниот карактер, за сметка на колективитетите. Ние ако одиме со такво нагризување на унитарниот карактер, а што не е својствено за западните унитарни држави, што ни проповедаат сега, тогаш и тие би го примениле овој карактер вака како што е, веројатно и тие, бидејќи е малку понапред од нас, во секој поглед.

Јас исто така ќе споредам со почитуваниот Бадинтер, затоа што сите се повикуваа и кога дојде по втор пат 90% од моите предлози се прифатени. Еве сега ќе земам, поради тоа што зборуваме за Преамбулата, за IV амандман, па да кажам односно еве што вели Бадинтер за Преамбулата:

Во Преамбулата на Уставот, четвртиот став ќе биде следниот: -да осигува мир и почитување на принципот на недискриманција меѓу граѓаните и заедниците што живеат заедно во Република Македонија. Не ја менува Преамбулата. Значи, тој прво оцени заедно со еден, исто така, експерт од Германија, оценија дека е тоа граѓански устав, а сега наеднаш испадна под притисок дека не е граѓански устав. Мислам дека тоа не држи и треба да внимаваме без оглед на која националност припаѓаме.

И јас ќе гласам за овој Устав, ќе го интерпретирам господинот Мерсел Биљали.

Во една колумна на дневник , пред извесен период, само дел од тоа ќе интерпретирам,

не те цитирам Мерсел, бидејќи не го имам овде текстот.

Вели дека овој Устав ги доведе граѓание на плата од 200 ДЕМ, а други ниту толку не земаат, потоа се краде и незнам што. Јас го прашувам, не мора да ми одговори, дали Уставот ги доведе граѓаните до тој степен. Тогаш, ако ги довело и за ваше тоа се правело, додека бевте на власт, во извршната власт и сега, ако се прави се прави. Не е уставот причина за било што, за таа сиромаштија на македонскиот народ, кога зборувам македонски народ, мислам на сите граѓани во Македонија, туку во друго е причината. Причината е, да ве прашам јас, кога вие сте зборувале за економските проблеми? Никогаш. Туку и таму каде нема прашања, да речеме проблем, вие веднаш ќе најдете нешто дека не одговара за албанското малцинство. Мислам дека тоа не е добро. Не зборував сега како Македонец, зборувам како граѓанин воопшто. ова што не снајде, сите не снајде, а сега кој е виновен, ќе видиме понатаму.

Сега нешто за Преамбулата.

Еве како почнува Премабулата: "Граѓаните на Република Македонија преземајќи ја одговорноста на сегашноста и иднината на нивната татковина, одлучија да ја конституираат Република Македонија како самостојна суверена држава, преку своите претставници во Собранието". Значи, граѓаните ја презедоа одговорноста за сегашноста и иднината преку нас. Како ја презедоа преку нас. Ние ги консултиравме нив. Не ги консултиравме. Па тогаш, дајте да ги консултираме, па нека ја преземат одговорноста тие. Ние ја преземаме одговорноста сега, ако не ги консултираме, ние овде. Затоа, треба граѓаните да се консултираат, без оглед како ќе бидам сфатен, за тие да ја преземат одговорноста, бидејќи ние сме нивни претставници, не сме ние паднати од Марс овде.

Понатаму вели - преку своите претставници Собранието на Република Македонија, избрани на слободни и демократски избори го донесе овој Устав.

Па нели ние имаме Устав. Тоа се измени, не е Устав. Треба да се види што донесуваме ние. Ако донесуваме Устав, значи треба во некоја одредба да кажеме дека тој Устав престанува да важи, поранешниот устав.

И на крај ќе кажам и ќе апелирам, без оглед како ќе бидам сфатен, не ми е ни битно. Потребно е да се одложи донесувањето на овие уставни измени. Тоа да се направи во една мирна атмосфера, со бистри глави, свесно да одиме на тоа, а под ваков притисок и оптоварување на сите нас, без разлика на која политичка партија или етност, припаѓаме. За ваква одлука, да се одложи донесувањето на овие измени на Уставот, не знам дали имаме капацитет, овде ќе го употребам терминот капацитет, од бисерот, на пример често пати и вие го употребувавте, тој министер нема капацитет, Владата нема капацитет. Сега да видиме дали ние имаме капацитет овде, да го одложиме ова донесување и да го донесеме во некое помирно време, да размислуваме како граѓани на оваа држава, а не како колективитети. Посебно карактеристично е ова кај пратениците Албанци, зборувам како малцинство, а не кај другите пратеници од другите малцинства. Зборувам како малцинство, бидејќи и професорот Фрчковски во главата три од неговиот учебник вели - положбата на малцинствата ги објаснува кои акти се донесени и тн. Никаде не зборува ни за националност, ни за народност, ни за заедница. Благодарам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван професор Вирго Интакта, денеска расправаме за Нацртот на текстот на амандманите кој формално ни е предложен од г-динот Трајковски. Се разбира дека во сите овие наши излагања не можеме да се ограничиме, или оградиме од фактот дека потписот на Рамковниот договор кој покрај г-динот Трајковски го потпишаа и Лидерите на четирите најголеми партии во парламентот е една сериозна поткрепа на предлогот на г-динот Трајквоски во овој момент во Собранието на Република Македонија. Јас лично, а и пратеничката група на СДСМ долго време во текот на тромесечните преговори помеѓу партиите и со посредство на Меѓународната заедница бевме уверени дека сите што преговараат всушност ги застапуваат и ги претставуваат своите партии со полн свој капацитет и во полн свој легитимитет. Долго бевме уверени дека потписите на четирите претседатели на партиите и денеска Предлогот на г-динот Трајквоски е всушност одраз на волјата на четирите најголеми партии во Парламентот да го направат нужниот компромис во насока на тоа за што разговараме веќе еден

месец во Парламентот. Денеска полека, но сигурно стануваме свесни дека потписниците ниту имале, а особено веќе од денес станува јасно дека и денес немаат, барем сите потписници ниту легитимитет, ниту капацитет кога го ставиле својот потпис да задолжиле и нешто повеќе отколку себе лично во врска со спроведувањето на нацртот на амандманите на Уставот. Можам да кажам дека јас лично сум дури и изненаден, се разбира не и многу разочаран, бидејќи очекував нешто такво од г-динот Трајковски, кој и во втората фаза на клучното прашање според сите нас од расправата по нацрт амандманите не најде засходно да присуствува како предлагач на нацрт амандманите во салата на Собранието, иако тој има тука свој легитимен и легален претставник кој го покрива формалниот дел од процедурата. Меѓутоа, она што јас сакам да го кажам е дека лично ќе бев позадоволен доколку господинот Трајквоски дојдеше да ја сподели одговорнсота, особено за својот предлог, за се што ќе се случува во Република Македонија. Не би сакал да правам никакви паралели, затоа што тие и не се возможни. Меѓутоа, моето искуство на парламентарец во третиот мандат веќе ми дава за право да се потсетам дека тогашниот, поранешниот претседател на Република Македонија за многу понеспорни прашања присуствуваше во салата долго време, па дури и по неколку пати земаше збор да ги истакнува своите аргументи, против аргументи, согласувања или несогласувања. А денес ние гледаме еден целосно игнорантски однос од страна на Трајквоски. Јас го повикувам г-динот Трајквоски да се соочи со својот предлог и со својата одговорност исто како и пратениците во оваа сала. Се разбира, дека не е нужно, меѓутоа ќе бев среќен и доколку барем тројцата од потписниците на Рамкмовниот договор кои имаат формална можност во оваа сала да присуствуваат во овој момент ќе беа присутни за да ги слушаат предлозите, размислувањата, во најголем број од случаите и сериозните критики и замерки за кои мислам дека објективно се понекогаш и испод нивото кое го дозволува оваа сала и дека нивното неприсуство овде особено на двајцата постари коалициони партнери кои го потпишаа договорот односно нивните претседатели, исто така, става дамка на сомнеж во врска со начинот на кој договорот е направен и амандманите се прифатени.

Дозволете во името на Пратеничката група на СДСМ да соопштам дека по Нацртот на амандманите ние имаме дел и како забелешки. Тие наши забелешки ги истакнавме во расправата во Уставната комисија, или со некои од нив што не ги истакнавме, се сложивме со оние кои ги истакнаа на Уставната комисија. И за да не земам збор после, само ќе ги набројам членовите, тоа се членот за кој расправаме, амандманите: пет, шест, десет и осумнаесет. Нема да земаме понатаму расправа, ниту сега ќе ги елаборирам нив, само ги укажувам, затоа што се влезени во извештајот од Уставната комисија и очекуваме однос кон нив од страна на предлагачот во иднина. Сега конкретно разговараме за амандманот број 4. После предлогот и после волку големи дискусии мене природно ми се наметнува прашањето зошто во овој момент има амандман на преамбулата во Собранието на Република Македонија, зошто ние тука седиме практично 30 дена од наутро до касно навечер и зошто толку многу обвинувања помеѓу нас, зошто толку многу обвинувања во рамки на одредени етнички колективитети доколку мислиме дека нема потреба во државата да се преземе ништо. Ние решението кое се нуди во преамбулата на Уставот на Република Македонија не мислиме дека е идеално. Но, ние него го прифативме во првата фаза при покренувањето на постапката за измени на Уставот како решение кое е компромисно и кое било прифатено од најголем број на пратениците во Собранието на Република Македонија во претходна постапка низ преговорите кои течеа во рамките на мировниот процес.

Сега конечно ни е јасно и на мене и на Пратеничката група дека тоа решение не е идеално, но во секој случај компромисно, веќе тоа не е. Преамбулата за кое денеска се расправа сосема евидентно според бројот на дискутантите, нивниот однос кон преамбулата, дека таа не е ниту идеална, ниту компромисна, ниту може да го реши проблемот со кој што сме се зафатиле. Сосема станува јасно дека поголемиот дел од пратениците имаат однос кој ќе резултира со негласање на Нацртот на амандманот под број IV. Она што се уште не можеме да го видиме и што објективно го оставаме како прашање кое до крајот на оваа расправа и веројатно уште во некои наредни фази ќе виси во воздухот е одговорот на прашањето дека ваквата неидеална и компромисна ситуација во врска со амандманот број IV, мора да биде супституирана со некаква друга ситуација, или акција. Се додека не видиме уверливо,

не емотивно, реално и не изолирано, туку усогласено решение на Македонија во врска со проблемот за кој денес расправаме, ние имаме сомнеж дека не само што не се прифаќаат решенијата кои во овј случај номинално ги понудил г-динот Трајковски, туку неприфаќајки ги решенијата не се нуди излез. Се разбира дека во оваа ситуација не мислиме дека ситуацијата на статус кво е излез, затоа што ситуацијата статус кво и понатаму создава редица на проблеми, кои се однесуваат во врска со безбедноста, контролата на територијата, суверенитетот на територијата на Република Македонија, проблеми на многу граѓани, раселени лица, проблеми во финансирањето на државата, проблеми со имотите на луѓето, проблеми со бегалците итн. Ние сме сосема свесни дека процесот на донесувањето, или не донесувањето на амандманот број IV, е всушнсот процес. Ние тој процес многу внимателно и будно ќе го следиме до крај како пратеничка група. Ако тој не ги задоволува минималните стандарди на ова Собрание, или барем на мнозинството во Собранието кое треба да се согласи со тој амандман, ние тогаш ги повикуваме сите оние кои се компетентни, меѓутоа, овој пат и кои имаат легитимитет да преговараат во име на своите пратенички групи, повторно да најдат можност да се сретнат и да понудат ново решение. И тоа ново решение доколку е прифатливо за сите, во тој процес сигурно ќе учествуваме и ние како пратеничка група, за нас ќе биде прифатливо. Всушност за нас ќе биде прифатливо секое решение во кое ќе учествуваме и кое ќе биде прифатливо и за останатите Меѓутоа она што не е прифатливо за нас, тоа е ситуација во која никакво решение од никого не се прифаќа. Сакаме да потендцираме дека ситуацијата во која е доведено Собранието на Република Македонија заради карактерот на легитимитетот што го имале преговарачите и сега подносителот на Нацртот на амандманите на Уставот на Република Македонија. Ние се доведуваме во ситуација на практичен безизлез. Целосниот процес за кој разговараме е веќе на многу стаклени нозе. Амандманот борј 4 на Уставот на Република Македонија таков каков што е предложен, рековме можеби не е идеален, но ние досега мислевме дека е компромис за четирите најголеми партии во Македонија, односно во Собранието на Репбулика Македонија. Сега видовме дека веќе не е компромис и тоа многу не загрижува, тоа не доведува целиот процес, веќе реков, стаклени нозе. Меѓутоа, мислиме дека од оваа ситуација доколку не може да се реши вака, се разбира дека не треба да се престане. Ние ги повикуваме сите оние кои се сомневаат во овие решенија, како решенија кои на Македонија и носат секаков губиток, а никаква добивка да го обноват процесот, повторно да седнат сами без меѓународната заедница која доколку како олеснувач во името на ОБСЕ, ЕУ и САД како што слушнавме денес преставувала само товар на нашиот мировен процес, тогаш таа и не мора да се покани, иако ние сметаме дека треба да биде поканета. И тогаш четирите партии кои имаат овде околу 100-тина пратеници да седнат и да се договорат за ново решение на преамбулата. Тоа решение за нас исто така ќе биде прифатливо. Меѓутоа, ги повкуваме сите оние кои не го прифаќаат, да го понудат. Нивната понуда за нас исто така ќе биде прифатлива доколку биде составена така да е прифатлива за сите за кои треба да биде прифатлива. Мислам дека ни станува совршено јасно за што всушност зборуваме. Ние се додека процесот се одбива на овој начин ќе чекаме понуда во моментот на одбивањето на ваквите решенија понудени од г-динот Трајковски, се разбира би сакал да потенцирам на толку срамежлив начин што г-динот Трајковски не сака да се појави во овој парламент со што дополнително фрла дамка на можноста дека ова не е правото решение. Неговото присуство тука, појавувањето на говорницата и уверувањето на пратениците дека тоа е правото решение ќе не доведе во поинаква ситуација. А исто така со оглед на позицијата на Владата на Република Македонија, која согласно Уставот е одговорна за ситуацијата во земјата, го повикувам премиерот Љубчо Георгиевски, не како потписник на документот кој сега се оспорува, не како човек кој се согласил во името на ВМРО-ДПМНЕ да стави потпис и на амандманот 4, туку како премиер на Република Македонија да дојде во салата вечерва, или утре, меѓутоа да најде време, уверен сум дека неговиот работен ден ќе дозволи за една ваква минормна работа во парламентот да може да си дозволи да се појави и да го соопшти и својот став. За нас како пратеничка група на СДСМ неговиот став нема да биде се разбира пресуден, затоа што имаме и свој став, меѓутоа ќе биде став кој многу ќе влијае на тоа како ние во иднина ќе продолжиме со процесот во врска за што сме овде вечерва собрани. Ние од патот кој го трасирала Република Македонија, во кој сме учествувале и ние, особено во последниве два три месеци, кој најчесто се нарекува мировен пат за кој дава придонес и меѓународната заедница,

немаме намера лесно да се откажеме. На против, имаме намера упорно да работиме на неговото остварување. Меѓутоа, исто така сме свесни дека во врска со амандманот број IV, за кој денеска слушнавме многу сериозни несогласувања, ние не сме доволни, ниту пак потребни за да тој се донесе, или пак не се донесе. Ние сме сосема свесни дека нашите 25 гласови неможат ниту да го успорат процесот на донесување на амандманот, ниту пак да го забрзаат неговиот процес. Нашите 25 гласови ниту можат да го отфрлат во Собранието амандманот ако гласаат против, ниту пак ако гласаат за, ќе го донесат со оглед на ситуацијата во која се наоѓаме. Меѓутоа, и покрај тоа ние упорно ќе работиме се додека не се понуди од оние кои го негираат решението кое го прифатиле, ќе продолжиме да работиме на компромисот кој е постигнат. Јас повторно ќе соопштам визави сите обвинувања дека ова не е компромис кој го направил СДСМ, ниту нашата пратеничка група, туку ова е компромис кој го постигнале г-дата Црвенковски, Георгиевски, Џафери и Имери. Ги наведов по некаков нелогичен ред, по случаен ред. И дека тој компромис се додека е потпишан и се додека за него се заземени политички гаранции од страна на САД, организацијата за безбедност и соработка во Европа и ЕУ, ние ќе стоиме на него. Во моментот кога некој ќе ни соопшти дека по повод амандманот број IV процесот се доведува во опасност и дека тој процес треба да се обнови во вид на нови разговори, или во вид на барањето макар за овој амандман нови комплромисни решенија ние на тоа ќе пристапиме и ќе го изнесеме нашиот став и повторно ќе ги процениме силите во парламентот во врска со можното изменување на делот од Уставот кој сега е на дебата како амнадман број IV.

Она што сакам на крајот да го укажам во име на Пратеничката група е следново: како што поминуваат фазите на усвојувањето на амандманите, во овој случај амандманот број IV ние секој ден се поблиску доаѓаме до фазата кога веќе нема да можеме во парламентот да размислуваме едно, да зборуваме нешто променето од првото и на крајот да гласаме нешто малку по променато од тоа.

Ниту внатрешнат а јавност, ниту светската јавност ќе не свати сериозно ако акробациите кои ги правиме како парламент, на никој лично не се осврнувам, почнат да стануваат метод на работа во кој Македонија ќе биде сватена како држава која потпишува договори, на која се ставаат потписи и на многу сериозни фактори во меѓународната заедница и после тоа ги напушта. На пример како ќе не сватат САД, на кои само пред неколку дена им изразивме жалење и одлучно спротивставување на тероризмот кој ним им се случува со потпис од околу 80-тина пратеници во парламентот, меѓутоа во секој случај објавувајќи во службен весник со потписот на Република Македонија, доколку нашиот потпис на некое друго место го релативизираме од час во час. Секој ќе помисли дека потписите на нашата држава, па дури и потписите на претседател на држава, на премиер и на четирите најзначајни лидери, лидери на најрелевантни политички партии во овој момент, мислам дека се наоѓаме во многу клучната фаза во која веќе не можеме да си дозволиме да дебатираме со денови во Собранието на Република Македонија, дека пратеничките групи стануваат и се релевантен политички инструмент на Собранието на Република Македонија и дека Собранието всушнсот нема да може да функционира не само по прашањето на амандман IV, туку воопшто доколку не постојат пратенички групи и доколку 120 пратеници настапуваме секој со својот став.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Во плурално општество политичките партии и нивната презентација во Парламентот во вид на пратнеички групи се легитимен и релевантен политички институт. Токму затоа ги отфрламе во името на СДСМ сите зајадливи смешни, па дури мислам и негаторски односи кон пратенички групи кои имаат политички став во многу пресуден момент за Република Македонија. Дури напротив, не сакам на ВМРО-ДПМНЕ да му упатам забелешка, тие се наши колеги и наши коалциони партнери во овој момент. Меѓутоа, мислам дека ВМРО-ДПМНЕ мора да изнајде сили, јас се извинувам што се обраќам лично, меѓутоа, сметам дека тоа е дозволено во ваква форма, мора да изнајде сили пратеничката група да изгради ако не единствен, тогаш барем релевантен политички став за да може таквото однесување во Парламентот да влијае на останатите пратенички групи во Парламентот. Доколку од пратеничката група која има 46 пратеници и заради својата политичка моќ, центрифугална околу неа собира гласови близу до 60, постојано доаѓаат дисонантни тонови, навистина работата на Парламентот се доведува во ситуација да биде без ориентирана до крајна граница.

Нашата пратеничка група настапува по свое убедување. Меѓутоа, ние се трудиме политичките ставови на СДСМ како пратеничка група и политичките разлики да ги усогласуваме во интерна процедура, со цел Република Македонија да најде соодветно решение кога треба да се донесе некој многу сериозен политички договор или одлука во Собранието на РМ. Ние сме уверени доколку настапуваме а за тоа сме обвинети, секој по свое, без да градиме политички ставови кои ќе бидат компромисни и кои ќе можат заедно со компромисните ставови минимум уште на четири, а ние би сакале и седу, осум пратенички групи, да ја извлечат Македонија од ситуацијата во која е внесена, тоа ќе ни биде задоволство.

На крајот сакам да повторам дека нашиот однос кон текстот на Нацртот на амандманите, во овој случај амаднманот IV не е однос на луѓе кои се заљубени во амандманот, не е ниту однос на луѓе кои пристапуваат со драга волја тоа да го направат. Тоа е однос на луѓе кои некој ги довел во ситуација да мора да го спасуваат тоа што може да се спаси.

Од тие причини, ние ќе се трудиме и понатаму, во соработка со меѓународната заедница, но прво во соработка со колегите во Парламентот и во Владата, а после и со меѓународната заедница, да ги надминеме овие проблеми, па дури и на ваков начин, кои сите заедно се надевам дека не не прави среќни. За жал, слушнавме дека и пратениците од ПДП и ДПА не ги прави среќни во овој Парламент. Меѓутоа, нема да прифатиме однесување кое ќе не доведе во ситуација ние всушност да не знаеме што правиме и всушност секој од нас поединечно размислува, секој од нас гради свој став и на крајот во самата секунда на гласањето да немаме минимум проекција што ќе се случи, дали нешто ќе помине, дали нешто ќе падне, дали ќе се запре Рамковниот договор, дали ќе се запре Мировниот договор, дали НАТО ќе остане во нашата држава, дали граѓаните ќе бидат задоволни или нема да бидат задоволни и тн.

Сакам да го кажам уште следново. Ние сме свесни дека се ова крупни политички и симболички промени во Република Македонија. Тие промени во одредени времиња треба да ги понесат оние кои биле избрани за тоа. Јас мислам дека сега не е моментот, одговорноста која сами сме си ја нанеле на грб, ниту еден граѓанин на Република Македонија, надвор од политичките институции не треба да го обвиниме дека не донел во ситуација во која сме донесени како држава, па сега да се повикуваме на тие граѓани да не извлечат од ситуацијата.

Ги повикувам колегите пратеници, како што ја сносел или не ја сносел секој од нас одговорноста во врска со политичкиот процес кој не вовлече во војна, да го преземе на својот грб и моментот на одговорност за излез од таа ситуација. Не треба да се криеме зад граѓаните, затоа што ни станува на сите јасно дека граѓаните во овој случај можат да послужат како параван за задскривање. Ние имаме легитимитет од граѓаните, за тоа зборуваше господинот Гештаковски пред два дена, го имаме полниот легитимитет на граѓаните, меѓутоа, и кога треба да ги носиме тешките одлуки, подобро 120 пратеници во Собранието на РМ да ја понесат и тешката одговорност, отколку тешката одговорност да ја ставиме на грбот на граѓаните на Македонија кои не ќе можат грешката да ја исправат, зашто тие ќе останат истите. Ние за тие грешки можеме и би требало ако тоа е така да платиме со нашиот неизбор во идниот мандат. Меѓутоа, каде тоа како грешка ќе го платат граѓаните на Македонија? Тоа е избор на две ситуации, и во двете граѓаните на Република Македонија ќе имаат грижа на совеста. Една е ако успеат да задржат нешто во Уставот, ако изгубат нешто друго, кое е реално, а не е само номинално во Уставот и второто е, ако го сменат она што им е во Уставот драго, а го задржат она другото што е реално во државата. Во секој случај, граѓаните во Република Македонија ќе имаат тежок избор. Јас верувам дека нема граѓанин кој ќе може со чисто срце да се определи меѓу ситуацијата која треба да ја решаваме, која ни е наметната и ситуацијата да се направат компромиси за кои ќе ги боли срцето.

Ако е така, ги повикувам сите пратеници во Парламентот, одговорноста за овој потег да ја преземеме сами, амандамнот IV е дел од нашата работа и нашата одговорност. Ако сега не ја преземеме, тогаш ќе паднеме на испитот на обврските кои си ги преземавме кога доаѓавме во Парламентот.

Почитуван претседателе, почитувани колеги, ако некој се почуствувал повреден, не сакав тоа да го направам со еден исклучок на почетокот. Уверен сум доколку нема сили да се успее во овој процес, подобро е тие кои тогашниот компромис од пред еден месец, сега го гледаат како преголем да го започнат процесот од ново, да го дадат легитимитетот на можни преговори во поинаква ситуација,

мислам дека се доведуваме токму со Амандманот IV во ситуација на трката од 110 метри со пречки, веќе на првата пречка ќе паднеме неповратно. Натамошните 100 метри, после првите 10, ќе бидат сосема непотребни да се трчаат.

Сакам на крајот да повторам дека ние процесот нема да го напуштиме, нашата соработка со меѓународната заедница ќе остане и понатаму на високо ниво. Отворени сме за секакви други предлози од било кој во овој Парламент или од предлагачот на Нацрт-амандманите, доколку е можно тие да донесат друго решение кое ќе биде општо прифатливо за сите. Уверени во таквите две можности, и понатаму остануваме со уверението или храброста дека тоа што треба да се направи ние во овој Парламент мора да го направиме, ова или нешто друго за кое ќе најдеме согласност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пред да му дадам збор на следниот говорник, да дадам едно објаснување.

Претседателот на Републиката и иницијатор имаше овде воведно излагање, беше тука кога ја донесувавме одлуката на 6 септември оваа година и ни ги упати Нацрт-текствовите на амандманите на Уставот и има свои легитимен претставник тука. Писмено сме известени дека има претставник. Тоа е што се однесува за него.

Што се однесува до претседателот на Владата да кажам дека претседателот на Владата денес е во службена посета на Република Грција и мислам дека и утре ќе биде таму, а задутре ако работиме уште ќе ни се придружи.

Реплика побара господинот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, вие сте сведоци кога пред една недела го замолив господинот Никола Поповски да не повикува и да не ми се обраќа мене како координатор и на претседателот на Партијата. Сега повторно би го замолил да не ми држи лекции како треба да се дисциплинираме и да спроведуваме ред и поредок во нашата пратеничка група и во нашата Партија. Помина времето на комунизмот, помина време на униформноста. Ние сме демократска партија, каде што мислењето на поединецот апсолутно се цени, а особено се цени во вакви историски моменти кога ќе се донесуваат вакви историски одлуки. Ние неможеме да ја укинеме и дерогираме институцијата пратеник. Институцијата пратеник се знае што претставува и кој стои во базата на институцијата пратеник, така што би го замолил господинот Никола Поповски да си кажува за својата пратеничка група, ставови за своја пратеничка група и да не дели лекции повеќе. Исто така го потсетувам дека исходот од гласањето тој неможе да го предвиди. Јас реков дека ставот на пратеничката група е секој пратеник да настапува индивидуално и да има позитивен став кон Рамковните промени односно уставните амандмани. Ние сеуште не знаеме, ниту пак тој може да претпостави каков ќе биде исходот. Јас претпоставувам дека исходот ќе биде позитивен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Љупче Ристевски.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Иако сме во доцни вечерни часови и јас сакам да се приклучам во дебатата околу прифаќањето на Нацрт-амандманите, кои се произлезени од Рамковниот договор, како резултат на една булдожер дипломатија, која на овие простори веќе подолго време се практикува и сите ние сме сведоци на една таква дипломатија. Имено таа булдожер терапија го нуди она што ние го имаме, нуди решенија што се ставени на маса во форма земи или остави и нуди дилеми....

Ако може за тишина претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ако треба да дадам пауза од 5 минути за да се разберете. Еве, 5 минути пауза господине Оломан Сулејмани и Зибери за да се разберат.

(Во салата пратениците почнуваат да стануваат).

Ве молам, сите останете тука, нема каде да се оди, само тие да се договорат.

Готово, се договориле продолжуваме со работа.

Ве молам седнете и да продолжиме со работа.

Повелете господине Ристевски продолжете.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Очигледно трпението е при крај, меѓутоа сепак чуствувам потреба вечерва и јас да го изнесам своето мислење и да дадам свој придонес во оваа расправа. Како што реков како последица....

Претседателе, очигледно дека во Собранието нема концентрација за работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам да си седнете на своите места. Овде сме да работиме.

Како поинаку можеме да се разбереме, еден ќе зборува, сите ќе слушаме, неможе на друг начин. Ако сите зборувате, тоа веќе не е Парламент.

Ве молам да си седнете, имајте почитување кон куќата овде.

Повелете господине Ристевски.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:**

Како што реков, како резултат на таа булдожер терапија, Парламентот на Република Македонија се најде во ситуација да биде куклен театар. Велам куклен театар затоа што овој Парламент е нелегитимен, нема право да дискутира по предложените нацрт амандмани, нема право да стави ниту точка, ниту запирка, нема право пратеникот кој што го претставува македонскиот народ, да предлага како претставник на сопствениот народ да биде дел од уставот, Уставот кој ја претставува Република Македонија, единствената држава на македонскиот народ и токму најголем број од дискусиите вечерва се однесуваат на амаднманот IV во кој што се третирани прашањата околу уставотворноста односно конститутивноста на македонскиот народ и народностите во Уставот, а ние за жал добиваме секојдневни опомени од Брисел, директно од господинот Солана да не се играме, да не се играме со референдуми, да не се играме со измени, затоа што тоа би значело нарушување на Рамковниот договор.

Честопати од пратениците се поставуваше прашањето за легитимноста на преговарачите, односно на потписниците на Рамковниот договор и доколку некој од пратениците има поинакво мислење од она што е внесено во Рамковниот договор треба да се етикетира дека е против, односно не ги почитува лидерите и дека става сомнеж врз легитиметот на претставниците кои ги претставуваат четирите најголеми политички партии, претставени во Парламентот. Меѓутоа, ако се земе предвид дека и лидерите разговорите и преговорите кои ги водеа беа под силен надворешен притисок, под силен внатрешен притисок, во ситуација кога во државата се води војна, верувам дека лидерите со ставањето на својот потпис не ставиле и точка на се она што тие сметале дека треба да се постигне како компромис и сигурно сметале на натамошната процедура, на процедурата која треба да помине во Парламентот каде што дефинитивно ќе се даде облик и форма која ќе биде применлива во натамошниот демократски развој на државата.

Меѓутоа, во меѓувреме се случија и крупни настани во меѓународната заедница, се случи и терористичкиот напад врз САД, со кој напат излегоа многу работи на виделина. Посебно се појаснуваат некои работи околу состојбите и во Македонија, бидејќи терористите кои во Македонија вршеа вооружени напади и вооружени дејствија, вршеа убиства се во тесна врска со исламскиот фундаметализам, се во тесна врска со најбараниот човек во моментот во светот со Осама Бин Ладен иако и во претходниот период беше укажувано дека во опкружувањето на Македонија, посебно во Албанија, Косово, а во последно време и во Македонија е забележително присуството на муџахедини, забележително присуство на хуманитарни организации од арапските земји и од други исламски земји кои што водат сопствена политика, политика која што е промовирана од нивниот идеен водач за создавање на една исламска нација во целиот свет.

После овие напади мислам дека политичките структури во Република Македонија потребно е со посебен сенс, со посебно внимание да пријдат кон Рамковниот договор, и ова што се случи да го земат предвид, особено во моментот кога целата демократска прогресивна светска јавност се обединува околу борбата против тероризмот, а тој тероризам ние меѓу сите евроспки земји најгорко и најжестоко го почуствувавме.

Секако дека сите ние сме во ситуација да одлучуваме дали кон овој Рамковен договор ќе пријдеме без дилеми, дали кон овој Рамковен договор ќе пријдеме со дилеми околу одредени решенија. Од повеќе дискутанти беше посочено дека навистина е чудно што решенијата за правата на албанците се бараат во решението на укинувањето на правото на македонците да имаат право во сопствениот устав, во сопствената слободна земја, да имаат право да се декларираат како македонски народ. Сите други барања за мене се разбирливи, разбирливи се барањата на албанците за правото на употреба на јазик, на образование и останатите права што се посочуваат и за такви барања верувам дека би посочиле многу аргументи со кои би ги оправдале тие барања. Меѓутоа, околу овој најспорен момент во Рамковниот договор односно во Нацрт-амандманите што произлегува и од денешната дискусија дека навистина е најспорен, ниту еден од пратениците

албанци не посочи аргумент со кој што тие добиваат нешто и со право се наметнува еден сомнеж дека ваквото решение на бришење на Македонскиот народ од Уставот на РМ е решение, во чие што изготвување имав сопствен придонес и некој од останатите наши соседи, кои се дебело заинтересирани да се брише македонската нација и една таква широка балканска антимакедонска коалиција, навистина би нанела многу штета на македонскиот народ што ние македонците сеуште немаме изградено консензус околу заштитата на македонските национални интереси.

**ЉУПЧЕ РИСТЕВСКИ:** (Продолжение)

Мислам дека овие денови се пресудни, ние како претставници на македонскиот народ ќе треба да се прашаме, да размислиме дали тие во Карпалак гореа живи за да ние се откажеме од македонското име, дали тие на Вејце беа касапени и масакрирани за да ние се откажеме од македонското име, дали тие што беа разнесени од противтенковски мини се жртвуваа за да ние се откажеме од македонското име, дали тие кои останаа осакатени, ги има повеќе десетици на број кои денеска не гледаат се подготвени да го прифатат нашето решение од нас, од македонци во нашиот Устав не постоиме како Македонски народ.

Да не ги спомнувам тие кои со крв ја натопија македонската земја од 1941 до 1943 година и тоа најмногу борејќи се против тие истите што денеска повторно со крв ја натопуваат Македонија, дали тие од 1903 ќе ни опростат што ние како Македонци ќе стиснеме зелено копче за да Македонскиот народ биде бришан после 50-ет годишно самостојно живеење во сопствена држава, дали тие пред нив, дали македонските дејци кои беа прогонувани, дали Македонците како свештеници кои беа прогонувани од Грчките и Бугарските егзарси, дали сите тие ќе ни простат за ова што треба ние да го направиме?

Господа пратеници, сите притисоци кои се вршат врз нас не можат да бидат поголеми од сето она што ни го оставија нашите предци како завет. Ни еден притисок, па ни атентат врз мене не може да ме одврати од тоа да останам на линијата за која што македонците со крв го плаќаа своето име и својата самостојност.

Сигурно на моменти нашите емоции постои опасност да го надвладејат разумот. Меѓутоа, по неразумно не можеме да направиме од тоа од македонскиот Устав го избришеме македонскиот народ, по неразумно од тоа нема. Затоа сум подготвен на секакви договори, на секакви компромиси во сите фази од промените во Уставот доколку во преамбулата на Уставот на РМ остане Македонскито народ. Сите останати решенија мислам дека може да се проголтаат, меѓутоа, ова доколку не успееме да го внесеме во преамбулата, мојот став во сите натамошни гласања ќе биде негативен. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Ристовски процедурално.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници.

Во името на пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска реформска опција барам прекин на седницата, бидејќи е направен еден атак врз нашата партија имено, веќе сте информирани, направена е диверзија во Теливизиската куќа Канал-5 изгорени се двата ката, тоа е диверзија, субверзија на нашата партија и притисок кој ние го трпиме во континуитет.

Кога пробавме да ги кажеме нашите ставови поразлични од другите, ни ги нападнавте домовите. Сега пак поради она што ние мислиме дека е добро за Македонија за што се залагаме, трпиме, се знае чија е таа телевизија, диверзија со цел некој нешто да ни укаже. Мислам дека со денешната акција не сме во можност да продолжиме мирно да дискутираме по оваа тема, ние ќе бараме, ако сеуште некој мисли дека ја сака државата и овластените органи да го расчистат случајот, а да се продолжи со расправата во друг ден, бидејќи под ваков притисок не може слободнода се дебатира. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас морам да ви кажам дека ние веќе многу ја развлековме работата, вчера не работевме, денеска, пак да престанеме да работиме, јас предлагам сепак сега да работиме, случајот не ми е познат, прв пат сега слушам што се случило со ТВ станицата, како што знаете тоа не се партиски работи телевизиските станици по Закон не можат да припаѓаат на партија, си има легални сопственици и ќе мора надлежни органи таа работа да ја истражат и да утврдат што ќе биде инаку

Парламентот ќе продолжи со работа, јас ве молам ако е потребна пауза од половина час во ред, но повеќе од половина час не би можеле да правиме, бидејќи ние треба вечерва да ја завршиме расправата по сите амандмани, да се разбереме а утре да гласаме.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Во тој случај бараме пауза, бидејќи не сме сигурни дека ова не е притисок кој ќе делува на крајното гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Половина час пауза, но бидете тука, да проверат таму, да видат.

(Пауза од 21,10 до 22,35).

Имаме 61 пратеник во салата, според тоа можеме да продолжиме со работа.

За збор се јави г-динот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Еве, после маратонски седници по повод ова важно прашање ќе се обидам и покрај заморот кој е присутен кај сите да го искажам својот и ставот на пратеничката група на ДА.

Беше спомнато работењето на овој Парламент кој не е удостоен од Претседателот и извршната власт, впрочем тоа го баравме во текот на денот, меѓутоа, не се случи.

Вината за такво нешто е веројатно со таква традиција која трае од основањето на РМ што Парламентот е ставен во една подредена улога од извршната власт и другите институции и целиот акцент се става само кога треба да изгласа и да не изгласа некаква одлука, некаков закон. Тука се согласувам со г-динот Никола Поповски дека пратеничките групи се фактор т.е самите пратеници, бидејќи на крајот на краиштата тие се тие кои треба нешто да изгласаат или да не изгласаат. Маѓутоа, за жал, не сакам да се свати дека јас ќе обвинувам некого токму од тие причини што ние самите не се грижима да бидеме на едно ниво на парламентарци и Парламент, има дел во тоа што ни се случи. Имено, кога почна кризата сите наши анализи укажуваат дека таа ќе се продлабочува и дека навистина ќе дојдеме во една безизлезна ситуација од икс причини за кои нема да зборувам, зборуваа многу дискутанти пред мене, кои се напластени во изминатите десетина години.

Инсистирав кај вас г-дине Претседателе на повеќе наврати да отвориме расправа во овој Парламент по повод настаните кои се случија од Танушевци па наваму. За жал, таквото мое барање не наиде на разбирање кај најголемите политички партии. Обично се приклучуваа помалите парламентарни партии, за жал никогаш не се приклучија СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Можеби на таков начин со нивно приклучување ќе извршевме притисок и врз вас, ова условно го велам, за да можеме да расправаме од една едноставна причина ако Парламентот ја отвореше расправата уште тогаш, мислам дека сите овие дискусии ќе се водеа тогаш, не дека атмосверата ќе беше полесна, таа беше и тогаш тешка и сега е тешка, меѓутоа сеуште меѓународниот фактор не беше вмешан, бидејќи на крајот мораше, беше повикан од наша страна да дојде да помага. Мислам дека од тоа ќе произлезеа заклучоци на Собранието кои на некој начин ќа беа обврзувачки за извршната власт за Претседателот, мислам дека тогаш и преговарачите ќе имаа легитимитет, бидејќи ова Собрание донело вакви или такви заклучоци кои за нив ќе беа некаков лимит и тие ќе можеа слободно да се повикуваат на преговорите. За жал, тоа не се случи и сега повторно сме ставени во една незгодна ситуација да од нас зависи судбината да државата, а ние воопшто не бевме вклучени во таквиот процес и не мислам тука дека сите 120 пратеници требаше да учествуваат во преговорите, далеку од тоа, сигурно дека преговорите мора да се водат во помала група меѓутоа, со тоа што ние ќе донесевме одлуки кои ќе им ја олеснеа работата на преговарачите. За жал, како опозициона партија можевме да стоиме на страна и само да гледаме што другите ќе прават т.е. широката коалиција меѓутоа ние направивме напори тогаш да понудиме план за излез од кризата и го понудивме на сите политички партии само политичката партија на ПДП, ќе потврдат, го разгледаа и рекоа дека е добра појдовна точка. Ние не претендиравме на авторско право на тој план, сакавме едноставно да помогнеме, тој можеше да се дополни, да се скрати, но со нешто да се почне. Тука е проблемот што некои тогаш тоа го окарактеризираа кога доаѓаа како предлог од една мала и опозициона партија. Се додека работите во овој Парламент ги делиме на мали и големи или помали или поголеми пратеници, а јас

колку што знам сите ние сме добиле по 8-10 илјади гласови на изборите и независно од тоа претставуваме избор на единица од 20-тина илјади граѓани. Значи, тежината на секој од нас е подеднаква.

Не случајно беше нашето барање да присуствува и предлагачот г-динот Претседател, бидејќи во нашата иницијатива која ја поднесовме за референдум нашата идеја беше како референдумско прашање да го поставиме прашањето до граѓаните на РМ дали сте да се брише Македонскиот народ од Уставот т.е. од преамбулата. Можеби ако беше присутен претседателот и ако му предложевме сите како Парламент, како пратеници, како пратенички групи да не го брише Макеоднскито народ од Уставот т.е. од преамбулата немаше да има потреба од организирање на референдум.

Што се однесува до Предлогот т.е. нацртот на Претседателот до Собранието за уставните амандмани, го претпочитувам образложението што ни е дадено и можам да кажам дека во најмала рака е контрадикторно од неколку причини. Зборуваа колегите правници по струка искажаа грст забелешки, јас не сум од правната струка, меѓутоа вака логично гледајќи го пронаоѓам многу контрадикторни објасненија.

Прво што тој не дава никакви убедителни факти зошто треба да се пристапи кон ваквите измени освен ако ја исклучиме ситуацијата во која се наоѓаме како држава.

Второ, ќе ми дозволите да прочитам од точката три вели: "концептот на уставните промени содржани во предложените амандмани се потпираат на три основни постулати".

Сега ги набројува потврда и засилување на унитарниот карактер на Македонската држава преку јавно дефинирање на надлежностите на локалната самоуправа. Во точката насловена како трета концепциска димензија на понудените амандмани е засилување на таканаречената локална демократија. За мене тоа се однесува на едно исто, зборуваме за децетрализација на власта, зборуваме за јакнење на ингеренциите и моќта на локалната самоуправа. Меѓутоа тоа да се наведе на две места како прва и трета концепциска димензија, за мене е несериозно.

Понатаму, во текстот се вели дека други промени во поставувањето на институциите на државната власт не се предвидуваат и со тоа се потврдува нивниот унитарен карактер. За потоа на наредната страница да имате еден цел список на промени кои ќе следат според Рамковниот договор и зборува за позиција и состав на комитетот за односи меѓу заедниците, за засилена надлежност и позиција на народниот правобранител и т.н., да не зборувам за она што понатаму следи околу полицијата и сите други измени, избор на судии. Значи не е тиочно дека не се засегнати и другите институции на државата.

Понатаму зборува како втора димензија на единственоста на политичкиот систем и концептот на права, на гласот на индивидуалниот корпус на човековите слободи и права како основ на целина на системот на права и нивната заштита, а од друга страна цело време од сите дискутанти тоа го слушнавме станува збор за ентитети, за заедници. Ќе се согласите дека овие два елементи не кореспондираат.

Повторно се повикува во образложението дека уставните амандмани ќе го направат нашиот Устав според сите познати стандарди европски, меѓутоа од постапката на која сме принудени да направиме отстапки и измени и дополнувања на нашиот Устав, сите се согласивме дека нема пример во историјата или тогаш се поставува ретроградно прашањето зошто тогаш Уставот од 1991 година добил така преодна оценка ако не ги содржел елементите кои сега се нудат, ако е тоа висок меѓународен стандард.

Второ, дали домашната јавност на некој начин не е доведена до заблуда со тоа што низа години укажуваме дека имаме најдобар Устав за кој сите искажале високи оценки, па и г-динот Бадентер кој тогаш искажа таква своја оценка, дојде во втора мисија со која сугерираше одредени промени на Уставот.

Заради тоа, бидејќи ова образложение е контрадикторно и штуро и такви контрадикторности можете да најдете во целото образложение на пример имате образложение дека ова ќе бил систем на либерална демократија. Јас не познавам друг систем на демократија. Демократијата сама по себе кажува за функционирањето на системот таа не треба да носи посебен епитет. Парламентаризам од современ европски тип каков што е воспоставен со Уставот на РМ 1991 година. тоа стои во образложението.

Ако е така зошто ни се нудат измени на Уставот. За измените на Уставот немаме никакво образложение со факти и аргументи кои ќе не убедат сите нас , а и целокупната македонска јавност дека со актот на пристапување на измена на Уставот ние навистина утре ќе живееме подобро.

Беше спомнат легитимитетот на лидерите дека доаѓал од партиските органи, па ќе ве молам нема партиските органи да ги донесат овие измени на Уставот. Тоа треба да го направат пратениците. Затоа на почетокот реков легитимитетот на преговарачите требаше да им го даде ова Собрание.

Да не зборуваме за тоа што самата преамбула го содржи тоа или не го содржи. Преамбулата на Уставот на РМ го изразува историскито континуитет на државата од АСНОМ каде поставен темелот. Дали сега ние треба да го рушиме тој темел, треба да се негираме себе си, да се обезличиме, со прашањето какви последици понатаму ќе произведе. Да не ги спомнуваме аспирациите на соседите по различни основи. Уште повеќе што таквата одредба македонски народ во преамбулата на Уставот не треба да им пречи на колегите албанци и во еден неформален разговор со колегите од албанскито политички блок едни од нив во фоаето на Собранието јас немам причина да не му верувам, ми рече дека нам воопшто не ни пречи ако во преамбулата стојат македонците, Македонскиот народ. Затоа велам сигурно на тоа нема да имаат забелешка. Убеден сум во тоа. Ако им пречи веќе расправаме за друг проблем, на кој не сакам ни да помислам.

Ние како пратеничка група не прифаќаме ваква промена на преамбулата која е историска негација, себе негирање и пример кој навистина го нема во историјата на светот. Јас се согласувам со идејата сите пратенички групи да седнеме и се договориме околу преамбулата или да побараме од Претседателот да не го брише македонскиот народ. Меѓутоа, можеме повторно да седнеме сите пратенички групи и да го надминеме овој навистина суштествен проблем за Македонците во РМ.

Од друга страна беа споменати односите на меѓународната политика дали со нашето прифаќање или не прифаќање ќе се доведеме во некаква специфична ситуација. Дека нешто се случува промена или помак во надворешната политика тоа е совршено јасно после онаа ужасна трагедија која им се случи на САД. Мислам дека и целиот свет го согледа проблемот на тероризмот и веќе сите преземаат некакви одредени мерки. Претседателот Буш дури повика на една меѓународна коалиција или алијанса за борба против светското зло тероризмот и мислам дека РМ на тоа треба да се приклучи и затоа не треба да брза на ваков начин да го промени својот Устав, бидејќи после тоа враќање назад ќе нема. Мислам дека треба повторно да седнеме и добро ја осмислиме целата работа и на таков начин ќе се приклучиме кон оваа светска коалиција за борба против злото.

Меѓу другото, синојка имав прилика да ја слушнам изјавата на г-динот Кофи Анан, претседателот на ООН на ПРЕС конференција кој, повикувајки се на она што го побара г-динот Буш рече дека тука треба да бидат вклучени меѓу другото ја спомна РМ како една од засегнатите земји од тероризмот во актуелниот момент.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:** (продолжение)

Што значи дека ние, навистина треба да направиме напори да се ослободиме од невидениот притисок во кој се наоѓаме што ни ја наметна актуелната состојба и, навистина, со трезвена глава да размислиме за да можеме да направиме потез што ќе го имаме како оправдание и пред себе како личности, пред своите семејства, а и пред јавноста дека навистина сме направиле нешто со што ќе го подобриме животот во Република Македонија.

Затоа, уште еднаш да кажам, ваквата преамбула, бидејќи го негира историскиот факт на конституирањето на Македонската држава, а познато ни е дека историските факти не можат ниту со политички договор да се променат, нашата пратеничка група ќе гласа против предлогот на амандманот IV.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, Навистина сме сите изморени, истоштени физички и психички, ама не доволно за да за ваква работа, за вакво важно прашање немам сили да станам и да го исполнам мојот долг, почнувајќи од моето семејство, па завршувајќи со Македонскиот народ, кому припаѓа.

И, навистина е тешко да се одбере сега што да се каже во овој момент,

бидејќи скоро се е кажано. А, би рекол се е јасно. Што да се одбере во оваа трагикомедија што трае, а веројатно ќе трае подолго време, некои ја нарекоа фарса, помалку и маскарада, но ова е се, но не е доволно она што би требало да биде. А, имаме шанса да ја завртиме работата и малку по малку да почнува да заличува на она што треба да биде, расправа за фундаментални прашања врзани за опстанокот на Македонија и Македонскиот народ.

Некој рече долгот кон минатото, но јас ќе ве потсетам на една добра реклама од екологијата каде велат: Ние не сме ја наследиле земјава од нашите предци, туку само ја позајмуваме за користење од нашите деца и идните поколенија.

Минатиот пат зборував за нелогичности, недоследности, непринципиелности за кои г. Столе Попов најде соодветен израз, сето тоа го нарече апсурд. И понатаму не следат.

Ќе потсетам: основните принципи на Рамковниот договор, целосно и безусловно се отфрлува употребата на насилство за остварување на политички цели, а токму овој Рамковен договор и сите овие амандмани на Уставот се резултат на поентирање на едно насилство што, за жал, уште трае, можеби во помала форма но се уште трае.

Понатаму, вели не постојат територијални решенија за етнички прашања кои понатаму во нацрт-амандманиве да не уверат и апсурдите продолжуваат, затоа што по моја проценка во нацрт-амандманите токму имаме и вакви решенија, територијални решенија за етнички прашања. Со која методологија, низ која форма, не е битно, тоа постои, но ќе дискутираме понатаму за тие амандмани.

Нелогичностите, апсурдите продолжуваат и понатаму со образложение по понудените нацрт-амандмани. Или отсуството на образложенија. За најклучниот амандман за кој што сега зборуваме, всушност немаме образложение. За промена на преамбулата. Или во образложениеото воопшо не постои ниту реченица која ја образложува промената на преамбулата. А, во точка 2 од образложениеото стои податок дека 12% од Уставот се менува. Каква иронија. 12% промена на Уставот треба да биде толку вклучително во споредба или утешително за преамбулата која по процената на многу дискутанти токму значи, со неприсуството на Македонскиот народ како составен дел на Уставот, во сите делови. Утеха треба да биде промена на Уставот само во 12% негови. Можам да зборувам и понатаму и понатаму, но доволно се кажани примери. Нема да зборувам.

Сега ќе почнам нешто што сите овие денови ми се врти низ глава, се потсеќам на 1990 година, кога тогашната СКМ-ПДП, чии член бев јас, кога г. Киро Глигоров, подоцна окарактеризиран како најголема инвестиција, тоа беше една трибина во предизборниот период 1990 година во Домот на културата во Охрид. Бев присутен, како што бев присутен на сите тогашни од таков тип митинзи и оснивачи собранија на ВМРО-ДПМНЕ бев присутен. Значи на сите настани од политички карактер бидејќи сите не интересираше што ќе се случува и сите бевме исполнети со еден оптимизам и со верба дека настаните што следат ќе донесат реализација на нашите стремежи и задоволен сум, се случи дел на реализација на тие наши стремежи.

Во дискусиите, односно во говорот на г. Глигоров, провејуваше за цело време една порака до нас, до Македонците и до присутните во таа сала, а тој говор се вртеше во сите сали понатаму. Мене не можеше да не ми падне во очи, тоа беше повик до Македонскиот народ, до нас да бидеме разумни да бидеме кротки, тивки и со ништо да не предизвикаме војна. Малку се чудев и прашањето, прво мое прашање на г. Глигоров беше - г. Глигоров вие зборувате за војната и мирот како да сме ние фактор број еден. Како да од нас Македонците зависи дали ќе има војна или мир на овие простори на Балканот. Тоа воопшто не е така. Конечно, не можам да се цитирам, прашањето го завршив со потпрашање - и да е така, што претпочитам дека е така, дека е многу потребен мирот и многускапоцен, која е крајната цена што ние како македонски народ мора да ја поднесеме и треба да ја поднесеме крајната цена за мир.

Видете сега, навистина, не да се чудам, туку по малку, не е чудно, туку ми е непријатно што и сега, во овој момент истата таа работа, истата таа порака провејува. Не сакам да помислам дека сум бил пророк, но прашањето 1990 година пред првите парламентарни избори во Македонија поставено и денеска виси во воздух и се поставува пред сите нас.

Уште еден пример, г. Тупурковски не долго после тоа, дали година, пола година или две години имаше една јавна трибина во собраниската сала на општина Охрид. Прашањето што го поставив од него јасно се гледа, неговиот говор и излагање биле во иста конотација, повикување на стрпливост и на мудро однесување со кое нема да предизвикаме војна итн. Прашањето мое беше во оваа смисла, бидејќи не можам да се цитирам, г. Тупурковски вие сте познат космополит. Признат и пошироко, надвор од Македонија како таков, но пред се и почитуван во Македонија како космополит, пред се заради македонскиот народ во своето битие поседува и носи нешто космополитски. Носи нешто многу доброчудно што значи толерантност и една широкоградост и неуморна истрајност во пораки за љубов, пораки за сожителство, за почитување итн. Тоа сме го докажале кога сме имале прилика. Не само што сме во незавидна ситуација па сме принудени да бидеме така толерантни или кротки или космополити. Тоа македонскиот народ го чинел и кога бил во позиција да биде и поинаков. Одговорот на г. Тупурковски беше сличен, но малку појасен од одговорот на г. Глигоров, пред се разбирам, но во оваа смисла нема да ја наведнеме капата и да замижиме, што значи да не гледаме и не ги видиме, под ова подразбрав суштествените потреби, егзистенционалните потреби на Македонскиот народ.

Денеска, после толку години, истите тези се поставуваат, истото прашање се поставува. Војна или мир. Замислете, подложени на агресија, со терористички карактеристики, со незнам какви се карактеристики, војна ни е отворена, пак се поставува прашањето до нас, македонскиот народ ќе сте виновни за војна и ќе ги сносите сите последици.

Јас пак го поставувам прашањето пред сите вас и целата македонска јавност која е крајната цена што сме ние подготвени, до каде имаме кредибилитет, бидејќи и на тековна сметка треба да имаш одредена сума до која можеш да потрошиш, кој е нашиот кредибилитет како пратеници, кој е нашиот кредибилитет како македонски народ кој денеска постоиме, живееме и сме фактор на одлучување и давање тек на настаните и понатамошната судбина на Македонскиот народ? Која е границата, кој е тој кредибилитет до кој што можеме да одлучуваме.

Минатиот пат реков прашањето на војна, војните се присутни откако постои човештвото, а има научници, филозови кои го третираат прашањето на војни откако постои човештвото. Незнам дали сте читале на времето учев ОНО, а читав и литература ваму или таму. Меѓутоа, има различни мислења за војната.

Со ова сакав да кажам, незнам дали ме разбравте, и сега ќе кажам, прашањето на војна или одлуката за војна апсолутно не е прашање за кое одлучуваме само ние и сега тврдам апсолутно ниту порано од создавањето независна Република Македонија до денеска никогаш не било прашање на иницирање или било што правење од страна на Македонскиот народ во оваа земја Македонија за да предизвика војна. Напротив, упорни сме, како што реков порано, многу упорни во пласирање пораки за толеранција, почитување, сожителство итн.

Сега што се случува? Господо пратеници албанци, ова што се случи во Танушевци, Тетовско, Кумановско, сите вооружени акции што значеа крвопролевање, терористички акции, сите преземања што имаа карактер на ѕверство на нечовечност да ви кажам се попреболиви од ова што вие атакувате по политички пат. Сето тоа што се случуваше крваво, валкано, трагично, грозоморно, ќе го споредам со памуче со шпиритус кога се чисти местото пред да се убризга инекција. Ама каква инекција, со каков шприц? Шприц со кој има средство за еутаназија, овој пат станува збор за еутаназија на македонското битие. Е, господо, нема да прифатиме, во никој случај. За мене овде е црвената граница. Не прст, не сантиметар, не микрон, дел од микрон ако постои а сигурно постои. Јас како што рекоа многу други и сите ние да си дозволиме да предизвикаме самоубиство на македонското битие на македонскиот народ, постоењето на македонскиот народ, на вербата што сме ја граделе истиве ние ВМРО-вци, во голем случај. Нема да бидам малициозен, само ние. Чести случаи и од другата страна, господата од СДСМ. Сега тоа да го сториме би било построшно од најстрашното. Често се прашувам дали сум некој банален романтичар, глупав идејалист, а да ви кажам по малку сум и уметник-музичар. Некои принципи важат секаде. Во уметноста, во животот, секаде. Без

романтика, без идеја, без идеал нема ништо. Сега се е друго теорија. Имаме многу вешти теоретичари. Во музиката јас ги викам тие музичари комбинатори. На основа на теоретски сознанија прават вртоглави комбинации, музички комбинаторики, но го нема основното, есенцијалното. Ја нема душата и основната премиса не на музиката, туку на се. Го нема вистинскиот порив, вистинското чувство за да постои нешто. Истиот случај и овде затоа што реков дека некои принципи се универзални, односно сите принципи се универзални. Кој како ќе ги чувствува. Толку многу беше кажано, г. Филип Петровски се ќе биде кажано но не знам дали вреди да се зборува, јас велам вреди да се зборува. За многу нешта од многу причини вреди да се зборува. Еве јас сум и понатаму упорниот оптимист по вакви прашања секогаш се обраќам директно до пратениците албанци. И овој пат се обратив.

Во голема мера, пак ќе кажам можам да ги разберам вашите стремежи. Човечки гледано тие стремежи се природно присутни кај вас. Природно, земајќи предвид и нешто што било работено од различни идеолози, од различни активисти кај вас, во различни периоди. Меѓутоа, зборувајќи за компромисот и денеска г. Никола Поповски се обиде да го објасни уште еднаш за да биде сфатен по целосно. Во еден дел од својата дискусија рече -сега гледам дека всушност и ова решение како компромис всушност не е компромис, од нашиве дискусии.

Ќе продолжам понатаму. Ако зборуваме за компромис, треба да седнеме машки и навистина едната и другата страна да застанеме од другата страна. Тоа значи ве повикувам да застанете сега од нашава страна.

Со што барате од нас да направиме компромис? Барате да извршиме или да прифатиме самоубиство. И минатиот пат реков и сега ќе ви кажам, носите една тешка, срамна задача односно зедовте во раце да реализирате нешто што е многу срамно а што е потреба на многу други. Си презедовте задача со сето ваше дејствување, сега на крајот и политичко да ни го спорите правото во Уставот на Република Македонија да стои зборот Македонски народ.

Гледајте, не сте први на топ листата обвинети по ова прашање. Ние сме први. Вие сте втори. Но, сега зборувам за вас. Нели е тоа премногу, сега се прашувам дали можете да разберете колку е тоа тешко не прифатливо за нас или разбирате па ви е сеедно. Чувствувате моќ и сила во дадениов момент и тоа да го реализирате. Колку е тоа сурово према нас. Дали сте свеснин колку е сурово.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:** (Продолжение)

Дали сте свесни дека со тоа ни ја отворате најтешката борба, отворена борба. За се можеме да дискутираме и да се спогодиме, сме покажале разбирање и нашиот премиер г. Љубчо Георгиевски уште во 1994 година праша на едно новинарско прашаање, што мислите со албанците? Добро се сеќавам и ќе го повторам тоа, тој кажа, ние Македонскиот народ покажавме спремност за сожителство, сега е ред на албанците. Видете сега што ни правите нас. Вие ни ја отворивте најтешката борба, ја отворате. Не терате нас и очекувате од нас да се откажеме од името Македонски народ. Невозможно, чудесно, несфатливо и апсурдно. Но, вика не сте први на ранг листата на обвинети. Ние сме први, Македонците или дел од нас Македонци. Нема да навлегувам во анализа кој колку и зошто, ќе речам едноставно ние. Затоа што, ако реков и минатиот пат, ако по прашањето на знамето за мене беше и за многу, за големиот дел од Македонскиот народ неприфатливо воопшто да се дискутира, а за името на Република Македонија уште понеприфатливо, сега станувашe збор и во нашата координација, ова е техника и денеска вика некој така, ова е процедура. Но во оваа процедура постои нешто што е толку апсурдно и неприфатливо што овде јас застанав и понатаму процедурата не би ја пуштил. Ако ме разбравте многу ви благодарам, ако не ќе се видиме понатаму секаде. (Аплауз).

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави г. Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Бидејќи, во неколку наврати беа спомнати СДСМ и пратениците на СДСМ, согласно веќе установената практика за водење на оваа седница, го барам правото за реплика.

Би сакал да кажам само неколку работи. Ние како политичка партија и како луѓе влеговме во широката коалиција, навистина, без разлика дали некој верува или не верува во тоа со една единствена цел, а тоа е како да успееме да спречиме разгорување на кризата, ескалација на кризата и евентуално, не дај боже влегување во една варијанта на една

тотална меѓуетничка војна, која што би била со последици онакви какви што ги гледавме на некои бивши југословенски простори. Колкав удел сме направиле во тоа, кои се, помалку кои се, дали сме успеале или не, останува да се суди и да се цени. Меѓутоа, намерата беше таа. Истовремено на истиот принцип влеговме во политичките разговори и во политичкиот дијалог како да се дојде до некаква политичка солуција. Денеска разговараме околу нешто што е резултат на тие политички разговори пред Охрид, во Охрид и после Охрид. Слушнавме многу забелешки околку конкретни решенија од она што претставува олицетворение или конкретизација на политичкиот договор низ форма на уставни амандмани. Главно, од денешниов тек, од вечерашниов тек на седницава гледам дека главните забелешки се ставаат околу прашањето на преамбулата. Апсолутно сакам да ви кажам, ниту јас, ниту било кој член на СДСМ или оние луѓе што преговараа или разговараа сметаа дека треба да се направи било каква измена на преамбулата на Уставот на Република Македонија. Апсолутно, на постојниот Устав. И ден денес тврдам, имајќи предвид дека преамбулата не создава никаква основа за никакви нормативни реперкусии или консеквенции, значи донесување на закони не сметам дека тоа повредува било чии права, вклучително и малцинските и правата на националностите на Република Македонија, согласно постојниот Устав.

Меѓутоа, почитувани дами и господа, можеше да има договор ако има компромис. Значи, ако сите се согласни. Сето ова што денес го слушам, бидете убедени, не ние од СДСМ, туку и оние што беа претставници од ВМРО -ДПМНЕ на разговорите од Охрид го повторивме сто пати. Го повторивме во различни варијанти. Меѓутоа, тоа не значи ако сме го повториле дека ќе стане и финална верзија ако окулу тоа нема компромис, ако сите не се согласни. Овдека прозлегува дека, вака слушајќи, дека сега на некому му текнало дека е голем патриот и дека во Охрид ова што денеска го слушаме никому не му паднало на памет и никој не го изложил како аргумент или никој не го повторувал како аргумент и по два пати и по три пати и по пет пати. И во разговорите со претставниците на другите политички партии и со претставниците на Меѓународната заедница и сега одеднаш патриотите се појавија во Парламентов, а и не на разговорите во Охрид.

Сакам најискрено да ви кажам дека сето ова што го кажувате ни е многу поумешно од ова што вие го кажувате и многу поаргументирано од ова вака што го слушаме, го изложувавме на тие средби што таму ги имавме. Меѓутоа, прашањето е дали ќе има финален резултат. Резултат има ако се согласат сите, а ако не се согласат сите нема компромис, нема договор. Вие можете да кажете и следното, па и нема да има договор, бидејќи треба да се опстои на постојните позиции и крај. И тоа е став, јас тоа го уважувам. Меѓутоа, она што не го уважувам и она што не вреди ни пет пари е следново. Сите ние пред да го ставиме својот потпис на парафирањето во Охрид и на потпишувањето во Скопје, претпоставувам и Џафери, Имери, Трајковски, јас и Љубчо Георгиевски и сами како личности и заедно со луѓето што беа заедно со нас седевме со ноќи и мислевме дали тоа треба да се направи или не треба да се направи. Стававме на вагата што е од едната страна, што е од другата страна. Колку превагнува во еден правец, колку превагнува во друг правец. Сите ние ги ставивме потписите, освен Трајковски што го стави потписот како претседател на државата, сите ние ги ставивме потписите како претседатели на политички партии. Логиката беше дека преземаме одговорност, дека тоа што го потпишуваме ќе биде нешто што како политика партиите на чие чело се наоѓаме, ќе го застапуваат. Постоеше и ризик дека потпишуваме нешто за што партиите или парламентарните групи нема да не поддржат. Точно е и со тоа јас бев свесен и знаев дека ако мене парламентарната група не ме поддржи или партијата, во истиот момент треба да си одам. Во истиот момент, мене веќе не ми е местото претседател на таа партија.

Господа, ако денеска слушаме буквално до последен пратеник, претставник на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ дека не се согласува со она што го потпишал вашиот лидер, немојте да гледате кога дискутирате на говорница на оваа или на онаа страна, прво расчистете ги работите во вашата партија. Јас, слушајќи ве заклучувам дека вие вечерва треба да закажете вонреден конгрес и треба да си го смените претседателот на партијата што ставил потпис зад кој што вие не стоите и крај. Кога мене тоа би ми се случило, јас вечерва поднесувам оставка, не чекам некој да ме повика на тоа. Ова е тотално лицемерие, ова е тотална играрија и ова е играње и изигрување со целокупната македонска јавност. На Рамковниот документ стојат пет потписи. Потпис на претседателот на државата Трајковски,

потпис на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Георгиевски, на СДСМ Црвенковски, на ДПА Џафери, на ПДП Имери. Тие потписи беа гарант дека парламентарните групи и партиите ќе застанат зад нив. Тој што не бил убеден или не знаел дали партијата или пратениците ќе стојат зад него, прво, требало да ја мисли работата претходно и да не потпишува. Ако потпишал и згрешил и сватил отпосле дека партијата и пратениците не го поддржуваат, имаат друга варијанта или опција како ќе се ослободи од моралната одговорност, едноставно ќе се повлече и ќе ја остави партијата да ја тера работата понатаму. Меѓутоа, вие да стоите зад својот лидер и зад неговиот потпис, а во исто време да негирате се што тој потпишал, ова е апсолутен апсурд, ова е неморал и ова нема врска со никакви етички норми.

Јас сега го поставувам прашањето, два дена ве слушам и цело време говорите и гледате на оваа страна, што еднаш не го поставите прашањето кој е тој Георгиевски претседател на ВМРО-ДПМНЕ да стави потпис на нешто што никој од ВМРО-ДПМНЕ не се согласува со таа работа. Како смеел тоа да го потпише кога никој од пратениците и од партијата не го поддржува. Туку, СДСМ, ПДП, ДПА, колеги пратеници албанци, колеги од другиот македонски блок итн. Расчистете ги еднаш работите во своите редови. Мораме да имаме образ, мора да имаме корен, не може човек да потпише нешто и после тоа ќе каже плукам таму каде што потпишав. И, сето тоа во име на морал ќе ја браниме државата. Како ќе ја браниме државата на тој начин.

Затоа, господа, пред било кому друг во оваа држава да се обраќате, расчистете ги работите во своите редови. Важи ли потписот на вашиот претседател пет пари или не. Апсолвирајте ја работата, поддржете го потписот, што глумите, што изигравате, што правите театар пред целата јавност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Флоровски се јави за збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам дека мојот почитуван колега г. Црвенковски би требало да ме послуша. Господине претседателе, сметам дека треба да се воведе една нова практика во ова Собрание пред да се влегува да се држат придики и лекции овде, не би било лошо да се направи алкотест на секој еден пратеник кој ни доаѓа во блажена состојба ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така, не е добро така, немојте така.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не, јас не велам дали е добро или не, јас како предлог го давам, вие можете да го прифатите или да го одбиете. Држење лекции овде што треба да работи ВМРО-ДПМНЕ овде не е работа на господинот Црвенковски. Не мора вака благо да ме гледате и кога ќе говорите следниот пат не се вртете на кај нас, станете и говорете од тука, за да можете сите да ги видите. Можам да забележам дека дури и вашите пратеници се срамат од вас поради вашата состојба во која се наоѓате.

ВМРО-ДПМНЕ знае каде е црвената линија. Јас како Александар Флоровски не случајно дојдов од Будимпешта овде, затоа што оваа Република Македонија ја чувствувам како своја сопствена држава и немам намера да учествувам во една таква игра, која можеме да ја крстиме вака или онака или како ние сакаме. На крај, можеби како велепредавство на македонските национални интереси. Кој е се во игра не би можел сега да говорам, можеби во некоја друга прилика.

Големите или мали патриоти, а што мислите дека вие сте поголем патриот од мене, затоа што сте преговарале во Охрид и може да го оспорите моето право овде или било кој пратеник на ВМРО-ДПМНЕ да говори и она што значи негово лично чувство да го произнесе овде. Кој ви дал за право вие да се правите најголем патриот овде и да ни држите лекции колку сте вие македонец во една состојба во која се наоѓате. Тогаш, сите се храбри, умни и паметни патриоти. Јас сум патриот секогаш во трезна состојба и ќе останам доследен на својот патриотизам. Тоа го кажав и за во сопствената партија и овде ќе го кажам отворено. Не отстапувам од она што се мои принципи и она што значи македонски жртви и овде и во другите надворешни, да не кажам окупирани делови на Република Македонија. Што не вреди ни пет пари она што Љубчо Георгиевски го договараше. Треба да се има вонреден конгрес. Па, вие господине Црвенковски четири избори губите по ред, па се уште сте лидер на СДСМ, иако има многу поквалитетен потенцијал овде во вашите редови. Не сакам да именувам, затоа што веднаш ќе ги ставите на црната листа. Очигледно е дека тоа е македонска болест. Кога говорам македонска болест се однесува на сите. Ниту сме мамлази, ниту сме муфлуси да не можеме да говориме овде она што значи настап, она што значи наше македонско чувство и на крај јас нема да бидам марионета некој со дугме да ме притиска и да ми кажува како јас да гласам

и што да говорам. Која е мојата функција? Не сакам себе си да се доведам на ниво на морон или на малоумник некој да диригира со мене. Колку што сте вие загрижени за судбината на Република Македонија, ви гарантирам дека десет пати повеќе сум загрижен. Тоа најискрено го тврдам. Затоа што, многу убаво ми беше во Будимпешта, живеевме 11 години. Но, чувството дека не припаѓам таму, дека припаѓам на ова македонско стадо овде ме примора не само мене, многу македонци изгонети од Егејска Македонија од тие истите кои ни ја кројат судбината денеска се најдовме и фала му на Бога во Македонска држава. И, сега, таа Македонска држава немам намера како пратеник, како македонски патриот и на крај како македонски националист по потреба да правам отстапки и да распродавам, затоа што на некој му текнало во мозокот дека мора така да биде, штитејќи некои национални интереси од преку барата овде на Балканот. Ако сакате и на таа тема ќе говориме. Не мислам да бидам полтрон на сето она што некој ќе ми го издиктира дека морам така да постапам. Па, на крај ќе ве потсетам, вие што говоревте на времето на еден митинг во 1998, 1999 година дека ВМРО-ДПМНЕ и нејзиниот лидер полтронски се однесува спрема Америка, нешто беше во врска со Медлин Олбрајт, па рековте што мораме ние да ги слушаме кога се работи за наши национални интереси. Можеби карикирам, незнам дали е точно, вие подобро ќе се сетите. Истиот вие бевте кога говоревте против НАТО. Што барам јас сега денеска да клечам, да коленичам, да молам, мора да покажеме достоинство. Таму каде што можеме, некаде и не може, тоа мора да се признае, за жал, тие се поголемите браќа. Но, да се брише Македонскиот народ од преамбулата, преку се може да се помине, но тоа за мене е несфатливо.

Уште една работа, низ многу од дискусиите провеа дека ВМРО-ДПМНЕ е анти натовски расположено. Да ве потсетам дека имавте двајца пратеници од минатиот состав пред немирите на Американската амбасада. Дали треба да ги именувам. Не се тука, но нема смисла да ги именувам. Приврзаноста кон НАТО, глумењето мора да престанат.

Господине претседателе, си го задржувам правото на реплика ако чувствувам дека г. Црвенковски се обраќа кон мене и дека сум погоден на некој начин, не само јас и мојата пратеничка група на која јас припаѓам.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Сосема кратка реплика. Апсолутно нема да влегувам ниту во суштината на она што е предмет на расправа, ниту на она што господинот Флоровски го говореше.

Се согласувам со сите тестови што треба да се направат пред влегување во оваа парламентарна сала. Она на што инсистирам е воведување на нов член во Изборниот закон, а тоа е, секој што ќе се кандидира мора да има медицинско уверение дека е целосно здрав, пред се од психолошки и психијатриски аспект.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очигледно достоинството на еден партиски лидер, како што сака да се прикаже е тоа. Незнам дали е умесно да му реплицирам. Сметам дека она што сега го изговори, говори за неговата личност. Не би сакал да правам некоја посебна психоанализа. Свртете се, погледнете ги пратениците на СДСМ, со каков поглед го испратија нивниот лидер. Не случајно реков, за жал, овде има многу квалитетни луѓе кои при помал потрес во сопствената партија, некој ќе им ја скине главата. За жал, тоа е македонски синдром.

Повеќе не би сакал да зборувам господинот Црвенковски не е тука. Инаку сум спремен во секој момент да направиме и психотест и мерење на интелегенција и тн. Стојам на располагање. А за алкотест, мислам претседателот ќе превземе мерки во тој правец.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јавува господинот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Без разлика што тој нема доблест да седи и да слуша, туку сака само да држи лекции, ја прозива пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и мислам дека треба да се каже збор или два, и така оваа седница е маратонска, веројатно ќе си поседиме два-три дена тука, па сега кој ќе преживее ќе раскажува.

Сега бидејќи Црвенковски не е тука, јас сакам да ја прашам пратеничката група на СДСМ, дали е тој тотем, бидејќи како голем поглавица настапува и не остава простор на тоа што тој ќе го каже, за никаков сомнеж. Знаете, многу поетски беше расположен. Незнам колку испил пред да почне да зборува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте така. Такви работи немојте.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Па тој предлагаше тестови.

**СТОПЈАН АНДОВ:**

Да, ама и тоа не чинеше. Внимавајте во тие меѓусебни однесувања.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Работата е серозна, меѓутоа тој човек испадна циркузант пред сите нас. Сака да не смее со некои глупости што ги зборува за конгрес.

Јас ќе повторам она што го кажа господинот Флоровски.

Господинот Црвенковски нема добиено избори до сега, освен со фалсификат и никој пат немал доблест да излезе пред неговата партија. Јас не сакам сега да ги отворам работите на СДСМ пред ова Собрание. СДСМ ќе си ги расчисти внатре и тоа многу брзо, како што ми се гледа мене, бидејќи нема да го издржат тој притисок, во тоа сум убеден. Нема да издржат сите да бидат предавници, бидејќи тоа е многу сериозна работа. Она што сакам да го кажам, ако имаат трпение некои пратеници од другата страна.

Го слушав внимателно господинот Црвенковски. Зборуваше за компромис, дека еден договор мора да се постигне со компромис. Јас се согласувам. Тоа е така во теоријата на политиката. Кога ќе седнат две спротивставени страни мора да се најде некое средишно решение. Значи мора да попуштат и двете страни. Меѓутоа овој компромис што на нас ни го нуди и сака да не прави мали деца па да не насочи кон господинот Горгиевски зошто потпишал, тоа е апсолутен нонсен компромис. Ова не е компромис во кој двете страни попуштаат. Ова е компромис во кој ние правиме самоубиство, како народ, како нација, вие како луѓе, ние како луѓе. И во таа ситуација он овде да ни прави некои, што се овие, некои логични трикови, видете го вашиот лидер, видете го вашиот лидер. Сто пати ви кажавме. Поради вас потпишавме, затоа што вие не ставате во ситуација, ако не потпишеме единствени да бидеме изолирани и нас да не обвинувате за војната ќе го заборавите тогаш и Танушевци, ќе заборавите од каде тргнало. ВМРО ќе ви биде виновна за се. Поради вас потпишавме. Така е Шеќеринска, поради вас. Вие ако имате доблест како што ќе излеземе ние да направиме, тогаш можеби има надеж за македонскиот народ. Во спротивно тој ќе мора да застане позади нас, а вас да ве изолираат сите и да ве остави да бидете срам за историјата на Македонија и на македонскиот народ воопшто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас мислам дека треба да престанеме со реплики. Ставот на пратеничката група два пати е изложен Доста е.

Збор има господинот Вcase Стојановски.

**ВОЈО СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, многу ретко се јавувам а во овој момент не можам да не се јавам. Некој тука да ни држи лекции и да не прозива на конгрес, а да се провери самиот. Ако би бил во нашава партија не би бил лидер никогаш. А тоа личи на него и на неговата СДСМ, за мене социјалдиктаторска на Македонија. Инаку со 70% од неговите пратеници тука, мои колеги, сум пријател. После негласањето за иницијативата, сите тие мене ми рекоа, да беше во нашава партија ќе беше исклучен. Не сакам да ги именувам луѓево. Значи тоа на некој од нив ќе им се случеше сигурно. Дури и за таа најболна точка за нас македонците, бришењето на македонскиот народ.

Уште една работа. Додека ние со господинот Солана разговаравме како пратеничка група, заправо пратеници кои не гласавме за да помине таа иницијатива, покрај другото во разговорите со господинот Солана, го замоливме, наместо да го притиска нашиот лидер и тоа што не е можно да попушти, не да ги притисне, туку барем да ги замоли госпдоата Имери и Џафери да не не чепкаат тука кај преамбулата бидејќи овој македонски народ ќе може се друго да проголта, но тоа не.

Од друга страна господата координатори на пратеничките групи наши, на кои бил присутен, од СДСМ господинот Никола Поповски, го замолувале нешто друго. Иницијативата помина меѓутоа тешко ќе помине Рамковниот договор, вака како што е замислен, ако не се потрудите уште малку да го потиснете Љубчо Георгиевски. Господа ние сме демократска партија и ние ќе гласаме по својата совест, не може никој да ни нареди како ќе гласаме. Немојте да ме пребројувате во секое време, да си се преброите вие. Ако ви стасуваат гласови, толку ви се, колку што се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви кажам дека репликите ни одземаат многу време и совдаваат атмосфера кога после многу тешко се продолжува и сме принуедени да одиме на пауза. Нема да одиме на пауза, ќе завршиме вечерва, верувајте, ќе работиме колку што треба.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека треба да се рационализира расправата, бидејќи навистина не попушта трпението сите ние тука што следиме и упорно слушаме. Во тој правец мислам на господинот Црвенковски треба да му се забрани настапот, бидејќи очигледно човекот многу ги возбудува пратениците на ВМРО, па сите одеднаш сакаат да реплицираат.

Второ, ВМРО треба навистина са се преиспита, дали тоа на конгрес, или како но очигледно е дека зад потписот и авторитетот на господинот Георгиевски никој не стои. Ние не знаеме со кого сме преговарале во Охрид, ако никој не го поддржува во тоа во она што тој се согласи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, како координатор на пратеничката група сакам да истакнам неколку факти.

Прво, господинот Стојановски не нарече социјалдиктаторска партија и пратеничка група. Мислам дека е излишно да се оградам од тоа. Меѓутоа она што мислам сега е правилно е да го поканам да се извини за таквиот однос кон партијата.

Второ, господинот Стојановски си се стави себе во улогата на член на пратеничката група на СДСМ доколку нешто направил. Јас ве уверувам дека нема никогаш да биде исклучен од партијата затоа што не е ни член.

Мислам дека најдобриот начин да се заобиколат прашањата за кои се разговара е да се извитоперува името на партијата, да се напаѓа лидерот на начин на кој се напаѓа, тој е пратеник во овој случај.

И на крајот би сакал да ви кажам уште нешто.

Господине претседателе и господа пратеници, колеги сепак ќе кажам, иако мислам, ако продолжиме уште малку некои од нас не ќе можеме да си се обраќаме со колеги. Јас по втор пат вечерва повикувам да успееме да задржиме, покрај трунка достоинство, да задржиме и трунка рационалност од тоа што треба Парламентот да го направи. Не сум јас многу поискусен од просекот на Парламентот, во смисла на старост. Меѓутоа ве уверувам дека во политичка смисла сум еднакво искусен, барем со Парламентот.

Уверен сум дека има многу национални парламенти во светот, на држави кои се како лист на ветрот, а тоа во овој момент е вашата, кои се многу храбри одважни и кои цело време знаат што треба да се направи. Меѓутоа, во овој глобализиран свет на ветрометината на тоа што се случува, најчесто лошо завршуваат државите.

Јас ги повикувам колегите да ги напуштат емоциите и да се соочат со реалноста во која егзистира Република Македонија. Сите ние сме исправени пред повидок или пред шансата да избираме само од зла. Тоа на сите ни е јасно. Ги повикувам пратениците рационално да пристапат кон ова и на крајот им укажувам дека никакви навреди кои се изречени кон нас, никакви зборови на извитоперување на името на пратеничката група ниту пак никакви навреди да претседателот на нашата партија и пратеник, господинот Црвенковски, нема да ја создадат ситуацијата во која ќе скршнеме од рационалното размислување и односот кон осој парламент.

Јас ќе повторам. Ние не сме среќни со решението, мислевме дека сме компромисни. Меѓутоа гледаме дека копромисот не бил вистински. Секој кој ќе понуди решение ќе пристапиме за него да преговараме. Меѓутоа додека не видиме решение што се нуди ние ќе опстојуваме на решението кое ве уверувам во овој момент, ве уверувам и покрај сите обиди да го заборавиме тоа дека решението за кое стои не половина, целиот свет е решение кое сеуште на Македонија и овозможува да не изгуби скоро ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Стојановски.

Само една напомена, овде партиите се изговараат така како се регистрирани во судот.

**ВОЈО СТОЈАНОВСКИ:**

Да така, но можеби по петти пат се обраќаше дирекно и го прозиваше претседателот на нашата партија кој истовремено е и премиер. Како да сакаше да му каже како да ни нареди на нас како да гласаме.

Како што нив некој им наредува, а јас тоа што го реков дека од нивната партија луѓе го рекоа ако беше од нашата партија, не дај Боже да сум... не го кажувам затоа што ќе го исклучат од партија, и јас затоа реков и на Никола можам да му се извинам, знам дека се Социјалдемократски сојуз партија, меѓутоа диктаторски во таа смисла. Ако мене ми рекоа да беше член на нашата партија ние ќе те исклучевме, а имаа тие такви случаи.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Почитуван претседателе сакам да реплицирам на говорникот Рубенс Наумовски, кој ја почна оваа полемика и на неговиот прилично квазипатриотски говор што го одржа овде во функција на повраќање на реитингот, кој на некој начин е тотално изгубен во градот во кој живееме заедно.

Во својот инспиративен настап, во една квазипатриотска конотација правејќи генеза на своето политичко делување во изминатите 10 години спомна дека уште деведесетите години, значе уште 1990 година го запрашал поранешниот претседател Киро Глигоров на некоја трибина во Охрид која е нашата цена и која е нашата црвена линија на нас македонците, до каде можеме да одиме да одиме чувајќи го мирот. После извесно време го запрашал исто господинот Тупурковски - до каде е нашата цена на македонците, кој исто преферирал некој мир во Македонија. Меѓутоа незнам зошто не се сетил да го запраша актуелниот предлагач на овие уставни промени во 1999 година. Која е вашата цена да го прашаше што со пиштоли на слепоочници треба да ве изгласаат во врска за претседател на оваа држава.

Ако господинот Рубенс Наумовски се запрашаше тоа, најверојатно денеска ќе му беше јасно зошто сме сите ставени во оваа позиција во која се наоѓаме и зошто секој од нас во овие неколку дневни расправи, почнувајќи од првата седница, па преку распишувањето на референдумот и заклучно со денешната излегуваме на говорницата и се однесуваме како судии кон оние што седат пред нив. Бараме виновници за она што ни се случило. Многумина од досегашните дискутанти кои излегоа да го бранат овој Рамковен договор рекоа дека токму во еден ваков критичен момент за Република Македонија каде зависи нејзиниот опстанок како држава и нас како народ навистина не е време и не е момент да се бараат виновниците. И јас потполно се согласувам со нив, госпоѓицата Шеќеринска која многу експлицитно и во една динамика ги наброи 90% од причините кои не доведоа до оваа ситуација никој во оваа сала не смогна сили да ги анализира постапките кој сите ние, не зборувам за едни, други, трети или четврти, сме ги правеле до ден денешен да ја донесеме сопствената татковина во една ваква ситуација.

Ако господинот Рубенс Наумовски во тој пориф на патриотизам што го зафати во неговиот говор, се сетеше токму во претседателската да го запраша сегашниот актуелен предлагач на овие уставни промени сега на сите нас јасно ќе ни беше. Меѓутоа господинот Рубенс Наумовски сега е веќе доцна, истиот тој човек кој фати некаков курс за спасување на државата да го прогласувате за предавник на сопствената држава.

Второ, од големите филозофи и психолози кажано е следното: Прашањето на вината не е кој таму ќе излезе на таа говорница и ќе ги впери очите во нас од оваа страна, или од другата страна таму и ќе му каже ти си крив. Прашањето на вината господо се поставува на самите нас и тоа мирни пред да заспиете. Ако мирно спијат сите мои колеги од левата страна и ако сега преку ноќ се бара кривецот и предавникот во оваа држава, зошто дојде до овие потписи. Навистина јас ќе се солидаризирам со нив само ако искрено ми кажат дека мирно заспиваат.

После оваа криза во Република Македонија дај Боже се нека заврши најдобро за народот македонски и за сите граѓани во Република Македонија. Најверојатно степенот на вината нема да остане на ова ниво што денес расправаме. Најверојатно одпосле некој ќе одговара кривично, во крајна инстанца судот ќе му пресуди зошто бил крив во оваа држава. Некој ќе одговара политички затоа што народот ќе го казни или ќе го награди за овие ставови што денес на овие историски мигови ги држиме ние пред нас. Меѓутоа, мораме да признаеме дека некој ќе одговара и морално, оној пет минути пред да заспие вели мирно може да ја стави главата на перница или не.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:** (продолжение)

И зошто воопшто доаѓаме во ситуации некој да станува таму и да прогласува победници, или патриоти. Ако денес и во текот на наредните денови имплементирајќи го охридскиот договор кој сам по себе ама апсолутно ништо не вреди, ако не помине низ овој филтер и низ оваа голгота низ која сега минува како што гледам, ние ќе го доведеме и целокупниот Македонски народ дека е колективно виновен и дека точно пред судот на историјата истоиот овој народ ќе си го носи бремето на колективната вина дека сме биле татари, варвари и незнам какви племиња овде и дека сме биле спремни спротивно на сите христијански и дури муслимански фолозофи од Куранот во некои од нивните аети дека со писмото на еден човек е убиство на човештвото.

Г-до колеги од ВМРО-ДПМНЕ, ве запрашувам додека овде се расправаме

полни со емоции сите, нели ви е жал ако утре слушнете дека загинало барем уште едно дете во Македонија, без разлика од која националност. И кој нам овде ни дава право, само господ што дал да зема и да дава животи да ние тоа го правиме. Додека со чемер ги броиме 60-те жртви во оваа гнасна војна што настана не по наша вина, по ничија вина од конкретните личности што седат тука. Додека со чемер ги броиме тие жртви сеуште е време да ги смириме страстите и нашите пориви и за миг да кажеме дека доста беше и дека навистина можеби е клучниот момент сега да се застане и да се најдат заедничките мостови. Бидејќи не дај боже да оваа агонија продолжи, ние ќе дојдеме до една грозна ситуација кога навистина ќе биде полесно ние да ги одброиме после живите, бидејќи тие ќе бидат помалку. Ова не е никакво заплашување, ова не е никаков антипатриотизам. Напротив чувствувам дека е најсилниот патриотизам за одбрана на сопсвениот народ и сопстевената држава. Во тој контекст ве повикувам на смирување и ве молам, дајте страстите да ги оставиме на страна, бидејќи афектот никогаш од ниедна говорница не говори во прилог на вистината на говорникот. Инаку ние можеме овде да расправаме со денови и никому ништо да не докажеме.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

За момент се помислив дали можам да си дозволам да реплицирам на човек со толку висок рејтинг.

Прашањето беше зошто сум се сетил да поставам прашање на Г. Киро Глигоров, на Г. Тупурковски, а не сум се сетил да му поставам вакво прашање на предлагачот на Г. Борис Трајковски, претседател на државата.

На Г. Борис Трајковски претседателот на РМ не му поставив прашање, туку заедно со целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ, со пратеничката група на Нова демократија, Либерална партија сме оделе од кога почна кризата неколку пати да разговараме и да му ги кажеме нашите размислувања, по малку и сугерираме за одлуките што ќе ги донесува од функцијата претседател на државата и врховен командат на вооружените сили на РМ. Значи, не што не сум го прашал, туку сме имале можности да разговараме и директно да ги пренесам и моите лични и размислувањата на целата пратеничка група и да сугерираме. Во тој контекст имало разговори и само ќе кажам дека биле и тие повикувани на разговор во драматичните моменти, пратеничката група на СДСМ. Но, не доаѓаа. Па да прашам, зошто не доаѓаа? Нема да прашам бидејќи доволно е што самите знаат, а доволно е што и ние имаме мислење, односно знаеме зошто не доаѓаа. Толку долго зборуваше можеме да разврзиме голема полемика и реплика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега Аце Сајковски има збор.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, шесмесечната криза во Македонија ја предизвикаа инсуинирани терористички милитантни групи од Косово. Така таа вештачки зовриена состојба доаѓа да ја смири Европската унија со учество на САД. Тие станаа посредници помеѓу Македонија и терористите чие криминално досие им беше познато од порано. Сите тие се наоѓаат и на меѓународната црна листа. Овие терористи однапред обучени за специјално војување не наидоа на поддршка од месното население со исклучок на некои доселеници од Косово. Со намера да се реши наметнатата криза се изработи познатиот Охридски Рамковен договор потпишан од лидерите на четирите најголеми политички партии. Граѓаните го сметаат истиот за невалиден и неприменлив, бидејќи е оспорен како политички акт создаден под притисок без можност за демократска консултација со пратениците. Претседателите на политичките партии немаат легитимитет да потпишуваат вакви акти. Нивното членство и гласачко тело е променливо, членови гласачи на партиите се граѓани со различен етнички состав, според тоа никоја политичка партија не е овластена да носи вакви акти, ниту една партија нема право да застапува било која етничка заедница или Македонскиот народ. Македонските граѓани без разлика на етничката припадност со Охридскиот Рамковен договор се чувствуваат омаловажени и понижени како тие самите да не знаат како примерно меѓуетнички да се живее. Граѓаните со години живеат заедно и никогаш немале проблеми од ваков карактер. Тие се единствени во ставот на заеднички граѓански права и взаемно меѓусебно почитување. Сите етнички малцинства негодуваат поради предлогот за непостоење на синтагмата "Македонски народ" во преамбулата. За нив тоа е непримерно и неправично во сегашните балкански услови кога сите малцинства имаат национални држави. Ваквиот предлог го оценуваат како закана за натамошното постоење на Македонија и Македонскиот народ, што е многувековна желба на

непријателски расположените соседни држави.

Од сите овие причини, а со желба што побрзо да се реши кризата за доброто на сите, предлагам понудениот Рамковен договор да биде прифатен во делот кога се предлагаат донесувањето на законите. Веднаш да се пристапи кон нивно донесување, а тоа практично може со наш заеднички консензус на сите политички партии со цел да ги решиме и надминеме одредени проблеми за кои се зборуваше од порано. На тој начин ќе се надмине и кризата.

Сето ова го предлагам од следните причини: Бидејќи предложениот Рамковен договор кој некој го смета договор за мир, а некој вика договор за војна или било како, поделено е мислењето.

Во тој однос јас сметам дека таквиот договор повеќе ми наликува на немир одколку на мир. Бидејќи ситуацијата што е создадена не по наша желба, туку тоа е желба на надворешниот фактор кој посакува и кова заговор против Македонците и Албанците. Вие самите забележувате и читате странски списанија дека во овој проблем имаат вмешано прсти парите на соседните држави. Тие едноставно посакуваат да се поделиме ние внатре во државата, да има немир и тие да го искористат тоа гледајќи шанса за наша поделба. Тие не ги сакаат ни Албанците ни Македонците. Историска обврска е и должност ние заеднички да живееме ние немаме поблиски едни *со* други во соседство.

Затоа, покрај оној предлог што го дадов за претставникот од Кабинетот на претседателот на државата да забележи дека постојниот Устав го има капацитетот да ги имплементира предложените закони, веднаш да ги донесеме, со цел да не губиме време во вакви расправии, туку веднаш да тргнеме кон стопанската проблематика. Тоа се законите за образование, јазик, за амнестија, разоружување и сл.

Од тие причини сметам и пратениците албанци да го прифатат овој предлог како што се искажуваат дека е прифатливо за мошне брзо да ги решиме сите проблеми без да се меѓусебе расправаме, бидејќи соседите тоа го посакуваат. Тие, кога ќе се пресметаме ние со Албанците и Албанците со нас токму тие ќе ги остварат нивните цели. Тие сакаат да се ослободат и од нас и од вас.

Почитувани пратеници, размислете која опција да ја прифатиме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, македонска јавност, ако уште не гледа во овие доцни часови, во мојот краток настап јас ќе се обидам да ги изнесам причините зошто нема да гласам позитивно за овој предложен амандман. Овие денови навистина интензивна беше активноста на поголем број на меѓународни дипломати, луѓето кои работат во меѓународни организации, а се на територија на РМ, бев во интензивни контакти со нив.

Исто така бев контактиран од поголем број на новинари од странски електронски медиуми, па би сакал да истакнам една многу карактеристична работа по однос на новинари од Бугарија. Неколку пати до сега ме имаат контактирано дали Радио глас на слободна Европа на бугарски јазик или Радио хоризонтот, Бугарското радио, се гледа во нивниот настап дека едноставно со голем жар, со некаква одредена посветеност, радост ме прашуваат кога ќе се спроведат овие устани промени кои се предложени.

Јас ги разбирам Бугарите, конечно 50 години од 1945 до 1990 или 1991 година, значи повеќе до 50 години, потоа уште 10 години во плурализмот едноставно не негираат, цело време не негираат, конечно сега дојде нешто да им се исполни од таа желба. Десет години лути противници, две најголеми македонски партии СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ, едната партија во огромен број на случаи ни ја лепеше таа налепница бугарофили, значи на уништување на Македонскиот народ и тн.

Сега, конечно, доаѓаме во ситуација ајде ги разбирам Бугарите, можно еве да речеме да го разберам и лидерот на СДСМ ако се договорил, му ветиле дека ќе биде следниот премиер, ама по која цена? Да го избришеме Македонскиот народ со овие предложени промени.

Значи, овој член односно амандман за кој сега дискутираме, а и неколку други не би дискутирал, може некој да постави, од една ригидна основа и сите можни еволуции на меѓуетничките односи и на малцинските права во нашата држава, да кажам не, никако, тоа неможе, ќе застанеме на толку. Меѓутоа, ако го анализирате ова што е предложено, ќе видите дека малцинските права се зголемуваат, арно ама се случува и нешто друго. Се одзема нешто на Македонскиот народ и тука е куршлусот во

овој Рамковен договор. Значи, не е нешто направено во кое ќе евоулираат само меѓуетничките, малцинските права, туку покрај таа еволуција и напредок на тие права се предлага нешто кое е на штета на Македонскиот народ го бришеме. Тоа е куршлусот. Многу често, еве неколку пати, се разви жестока дискусија вечерва значи покрај лидерот на СДСМ и Г. Никола Поповски и други спомнуваа цело време го спомнуваат потписот на Љубчо Георгиевски како обврзувачки за нас пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Мене ми е жал за одредени број на колеги овде што рекоа дека се дури трет мандат. Мене ми е жал зошто да речеме Г. Никола Поповски, еве три години се знаеме, па на некој начин покрај да речеме овие вербални дуели на говорница можеме да бидеме и пријатели надвор од оваа сала. Не научил нешто за мене, а и можеби и за другите ВМРО-ци. Нешто внатре во душата јадро едно зрнце кое што неможе да се уништи и тоа нешто не може ни потписот на лидерот на мојата партија да го уништи. Тоа е нешто, значи во голема заблуда сте биле и сите вие кои што мислевте, навистина во голема заблуда сте биле, не сте не научиле, не сте научиле, имаат ли овие нешто внатре кое што за нијанса е различно да речеме од претходната владеачка гарнитура. Еве, сега вечерва, оваа вечер и утре кога ќе се гласа ќе го видите тоа, можеби ќе го научите. Таа е таа една ситна разлика, ама сепак многу значајна. Многу принципи се испрекршија, кажаа поголем број на пратеници дури дојдовме до оваа расправа и до овој Рамковен договор, од претење со оружје како принцип за политички постигнувања на цели, од преговори со тероризми, од неинволвирање на цивили во воени дејствија, од принципот да се вратат на територија на петти јули, заедно двете Македонски партии се договоривме да се врателе терористите на териториите од петти јули. Значи и тоа се прекрши, пак ние дискутираме вечерва, принципот за толку важна работа народот да го прашаме. Што се случи со завчерашната седница, божем за денес се презакажа, па не е ни за денеска, кој знае кога ќе биде, ќе тераме со оваа седница и што? Прекршен принцип. Принципот претседателот на Републиката предлагач да е тука, огромен број на принципи испрекршивме. И сега на крај, ама мора да гласате. Не оди таа работа и нема да се случи таа работа.

За крај би сакал од еден повторно аналитички пристап на предложените работи во Рамковниот договор да обрнам внимание. Овде многу чести во овие три години, а мислам дека и во претходните мандати на Собранието се случуваше еден член што во постојниот Устав сметам дека е многу лошо решение, ја блокираше работата на ова Собрание. Тоа е членот во кој што се бара 61 пратеник да има постојано во салава за да работело Собранието. Такво нешто нема во ниту еден европски парламент. Таму со тројца, претседавачот и двајца можат да се расправаат и да работи Собранието, кога ќе дојде време за гласање, тогаш мора да има 50% плус еден да има кворум. Значи тој член е лош и е блокирачки. А сега што ни се предлага во овие куп на промени кои што се дадени во Рамковниот договор. Таму се предлага тотална блокада на системот. Комитетот за меѓунационални односи е тотална блокада на системот. Наместо да го исправиме овој еден член во Уставот, ние внесуваме тотална блокада во системот.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:** (Продолжение)

Што ќе ни се случи ако изгласаме такви промени кои што ќе бидат блокада на овој Парламент. Имаме сега 5.000 војска НАТО, ќе биде блокиран комплетниот државен систем, ќе биде блокиран комплетно парламентарниот живот и можеби во најцрни предвидувања, јас не би сакал никогаш да се остварат, поради таков блокиран државен систем, може конечно да решат да станеме протекторат на ООН. Еден протекторат во Косово, еден во Македонија, можно е после во рационализација, поради причини на рационализација, еден протекторат да направат. Многу причини постојат и наведов многу причини зошто нема да ги подржам овие амандмани. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бузлевски, реплика.

Ако може да продолжиме да работиме.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Сум изненаден од еден дел од настапот на господинот Глигоровски, кој што гледа одредени заблуди и во кои што заблуди ги сместува заблудите на пратениците на СДСМ во однос на тоа што тие посебно се загрижени за потписот на нивниот лидер на Рамковниот договор и зашто сме во заблуда дека тие слепо би го подржувале тоа.

Господине Глигоровски, едноставно, најверојатно вашиот лидер бил во заблуда во однос на ставот ваш, затоа што постојат инструменти во една партија низ кои се доаѓа до изградување на став,

кој што став ќе го брани лидерот и по кој што став ќе постапи лидерот. Ако тоа отсуствувало во вашата партија, тогаш сметајќи на една кооперативност од пратениците, вашиот лидер потпишал. Меѓутоа, по се ова што сега вие го кажувате, најверојатно заблудата е кај него. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Златко Стојменов има збор.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Процедурално една минута дали може да добијам збор?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не. Ве молам да завршиме, уште еден говорник има.

Повелете господине Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас доста се мислев дали да станам да зборувам воопшто, меѓутоа значењето на прашањето и на седницата сепак ме натера да кажам некој збор. Како што знаете, ние цела пратеничка група и јас гласавме против започнување на иницијативата за промена на Уставот, меѓутоа сметаме дека е принципиелно да учествуваме конструктивно во ваквата расправа, бидејќи во институционален пат, по парламентарен пат, преку институциите и борба парламентарна, сметаме дека можат да се поправат работите и да се изменуваат и тоа е наш став, токму таков начин на борба за нашите ставови.

Од она што беше до сега, видовме многу изливи на патриотизам, повици за национално единство, за цврстина, пред се многу популизам, многу сензационализам и егзибиционизам, оној медицински, оној баш што е самопокажување, многу обвинувања, квалификации, видов омраза, доста омраза и викање овде од парламентарната говорница, лесно искажани ставови за предавство, за темелни принципи, основи на државите, кавги со многу малку смисла за тежина и за моментов каков што е овој за опстанокот на државата. Меѓутоа, сите тие повици беа пред се од сите кон надвор, не кон себе, кон својата група, туку кон надвор и тоа е она што загрижува, како да разговараат глуви. Не загрижуваат навистина неколкуте инциденти што се случија овие два дена околу рушење на дигнитетот на Парламентот и напарламентарците. Навистина овие два дена со некои изјави во медиумите од некои парламентарци и со настапи од оваа говорница, треба сите да се замислиме како се однесуваме кон институцијата пратеник и нашата одговорност кон штитењето на дигнитетот на пратеник, на институцијата пратеник, не сопствената, туку токму на таа институција.

Ова е само она што е мој впечаток, го кажувам бидејќи овде повеќе се правеше маркетинг, повеќе се правеше театар и се самопокажуваше, отколку што се зборуваше за амандманите, пред се, посебно за амандманот IV. Јас од каде што ќе тргнам при расправата за амандманот IV ќе прозборам за една дилема која овде се постави, на која доволно не се одговори денес, бидејќи пак имаше некои повици овде за референдум со "продавање" на демократија откако се потпишаа договорите. Сакам пак да ги отфрлам во овој момент таквите повици, бидејќи господа, оваа Влада не е способна да организира референдум во овој момент и тоа треба да го признаеме, бидејќи кој од овде може да гарантира дека ние луѓето со кутиите кои ќе ги испратиме во одредени делови на Македонија да вршат референдум, да ги носат референдумските прашања и кутиите, нема да се вратат со испишани букви на грбот, како што ги испративме нашите градежни работници да го заработат тешкиот леб за своите деца и за своите фамилии. Таквите експерименти овде со референдум во еден дел на Републиката кој не го контролираме и каде што можат да бидат наши граѓани малтретирани, тепани и понижувани, сигурно не мислите дека можеме да го направиме, а јас не видов никаде некоја цврста гаранција дека некој во Република Македонија може да го гарантира тоа.

Е сега, околу силните патриотски изливи, ние еве, се изјаснивме како што се изјаснивме, меѓутоа јас малку за фактите ќе прозборам, како зборуваме, а како се однесуваме. Нема да зборувам за никој, ќе кажам само дека како ја подржавме на листингот иницијативата при гласањето за влегување на иницијативата за промена на Уставот. 22 пратеници од албанско етничко потекло гласале за таа иницијатива. Значи, до бројката 80 и неколку, 87 колку што гласаа, гласале 37 членови на ВМРО-ДПМНЕ и 24 членови на СДСМ, 6 други пратеници. Значи, без одредена пратеничка група, голема пратеничка група, не е можно изгласување на уставните амандмани. На пример:

Ако ВМРО-ДПМНЕ, доследна на поголем број од говорите што ги држеше денес, гласа како што зборуваше, другите имаат само 52 гласа во овој Парламент. Нема друга логика. Значи, играта е јасна. (Еден од пратениците дофрлува со збоворите "ама математиката не ти е точна") Незнам дали е точна математиката, само знам дека. еве, ве повикувам, нема потреба од толку енергија, обвинување, омраза сеење, да изгласаме, да ги скратиме дискусиите, средете една координација, договорете се координаторите по 5 минути дискусија, да не дозволиме 61 глас да нема ниеден амандман, Албанците имаат 22 гласа и готово. Се е завршено. Еве, ќе видиме, гласањето доаѓа, како ќе се однесуваме према ова, меѓутоа, тоа се факти, бројките се факти и тука не може да се бега.

Е сега, што правиме со амандманот IV. И овде ќе ги видиме овие факти, како ќе се однесуваме кон тие факти. Факт е дека со решението дадено во амандманот IV, па и со другите амандмани, меѓутоа, да не излегувам многу од темата, дефинитивно неизбежно е чувството не само на сите нас кои можеби не сме доволно компетентни, туку на луѓето кои се компетентни, стручни во оваа материја дека се форсира една мултиетничка држава. Држава, во која во центарот е етницитетот на сметка на граѓанскиот концепт и да не се лажеме. Со вакните измени не го зајакнуваме граѓанскиот коцепт. Или ќе го гласаме овој Устав кој нема граѓански концепт, ќе го кажеме чесно на граѓаните на Република Македонија или воопшто да не го гласаме, ако го гласаме за граѓански концепт, бидејќи тој тоа не е. Она што е најтрагично, барем за мене, тоа што се брише македонскиот народ, се губи македонскиот народ и сега ќе прозборам за една ситуација која се експлоатира во позитивна смисла од многу говорници. Јас ќе кажам во негативна смисла. Стануваат етницитетите рамноправни во негативна смисла на зборот. Зошто рамноправни во негативна смисла на зборот? Бидејќи во вака поставената ситуација рамноправниот има право на отцепување, односно тој е потенцијал за продукција на нестабилноста на Република Македонија, она од што се плашиме. Тука е суштината од она што се плашат граѓаните и што го чувствуваат. Токму таа рамноправност која не е демократска рамноправност, туку во себе содржи потенцијал за сегрегација на граѓаните на етничка основа и за можно отцепување, нешто што го имаат во сеќавање нашите граѓани кои живееле во СФРЈ, што беше и тука спомнато. Втор аспект кој е недозволив со ваквата Преамбула, сепак доминира оној момент дека Македонија станува географски поим, пред се, без народ, кохезиона сила за опстанокот. Тоа е нешто што е суштински проблем да не се прифати овој амандман и од кој не може да се избега. Во разговори со еден еминентен стручњак, тој даде размислување дека Македонија во овие моменти, со вакви промени, таа би станала една корпоративна држава, држава во која влегуваат засилено силни економски корпорации и таа станува корпоративна држава, бидејќи станува спој на интересите на тие корпорации, каде што пред се ќе се штитат интересите во една ваква сиромашна економски опустошена држава, држава во транзиција, економските интереси на тие корпорации кои тука ги имаат само економските интереси. Ако се додаде на ова и експериментот со етничката држава, не граѓанска, етничка, групи на етникуми, не со овој корпоративен тип на држава, тоа ја носи опасноста за иднината, за персективата на оваа држава за нејзиното опстојување. Тоа е стравот што постои и резервата кај нас кон ова решение. Ова решение, верувајте, ако не сега, во некоја идна ситуација, ќе биде генератор за опстојување на македонската држава. Генератор ќе биде тоа што сепак ваквото решение ги штити интересите на етникумите, прва таква ќе биде таква во светот, нема друга и мотив за се, за напредување во државата, се појавува припадност на одреден етникум, а не квалитетот, знаењето, компетентноста, што го има во подоцнежните членови, а посебно оној за мене неприфатлив 20%.

За да има аргументи кога го зборуваме ова, јас ќе се вратам малку на компаративниот дел за проучување на овој член 4 со други држави. Тоа е неминовност, бидејќи, навистина има интересни примери. Можеби веќе е доцна, меѓутоа и тоа треба да се каже. Во оваа прилика морам барем некои главни делови од Преамбулата на Уставот на Албанија да прочитам. Ајде да ја прифатиме и Преамбулата на Албанија, бидејќи решаваме под притисок дека не е решена формулата за рамноправност на Албанците во Република Македонија.

Преамбула на Албанија: "Албанскиот народ горд на својата историја и со верба кон иднината" - ајде да замениме само со македонскиот народ - "со цел да изгради социјална и демократска држава, базирана врз принципот на владеењето на правото, со цел да ги почитува универзалните човекови вредности, со дух на толеранција и религиозна коегзистенција, со верба дека човекото достоинство и личност треба да бидат заштитени, како и просперитетот на целата нација преку мирот, благосостојбата, културната и општествената солидарност, со вековниот стремеж кон албанизмот" - значи, еден степен над народот - "националниот идентитет, единство, со длабока верба дека правдата, мирот, хармонијата и соработката меѓу нациите се највисока вредност на хуманост, го донесуваме следниот Устав". Таму нема ни малцинство спомнато. Таму не постои ни еден македонец, да знаете. (Дофрлување на зборовите "многу малку"). Не, ние треба да сме мост, и тие малку треба да имаат права, нели? Или само над 20% ако се треба да имаат права? Таму така се градат односи меѓу две нации. Вие треба да се мост на соработка меѓу Албанија и Македонија, а македонското малцинство преку нас да помогнеме да ги усогласиме овие стандарди со меѓународните стандарди и за вас, меѓутоа и за нив, и тука некаде да се најдете, нијанси да ви дадат, а не толку големи разлики.

Преамбулата на Германија - имаше пред некој ден германска, јас нема да ги читам сите преамбули, само за оваа ќе направам исклучок. Преамбулата на Германија гласи:

"Дел во обединета Европа, германскиот го усвои овој Устав, германскиот народ во територијалните единици ...." и ги набројува единиците. Колку е народот на Германија во однос на нас?

Преамбула на Босна и Херцеговина: "Босанците, Србите и Хрватите се конститутивни народи, заедно со другите" - се мисли на малцинствата како што е албанското - "и граѓаните на Босна и Херцеговина, со ова го донесува Уставот ...".

Дури и Швајцарија, во Преамбулата напишала: "Ние швајцарскиот народ и кантоните", швајцарскиот народ вели, значи, македонскиот народ.

"Ние словачката нација, свесни за политичкото и културното наследство на нашите предци ..."

Преамбула на Слвоенија: "Ние, словенците креиравме национален идентитет и се здобивме со национално чувство, базирано на заштита на човековите права и слободи".

Преамбула на Бугарија: "...националното Собрание, водени од нашата желба да ја изразиме волјата на народот на Бугарија, националниот и државниот идентитет на Бугарија ....". Многу земји кои се далеку од меѓународните стандарди, па сега ќе му реплицирам на еден од колегите кои се бавеше со компарација на уставите, дека ние не сме Шведска. Ако сме Шведска, каде што има над милион финци, нема да воведеме друг службне јазик освен шведскиот, односно македонскиот. Над милион финци ќе се чувствувале помалку обесправени отколку 400.000 албанци во Република Македонија. Ова се факти.

Јас нема да должам, навистина ќе скратам многу, но само ќе кажам уште нешто, бидејќи се расправа за амандманите неопходно е она што недостасува во сите амандмани за нас, во нашите размислувања, во Уставот и ова го препорачувам на предлагачите - во Уставот мора да се јави клаузултата за лојалност кон државата, а заради нелојалност кон државата треба да се губи државјанство. Тоа го имаат сите напредни држави и ние треба да најдеме решение за таквото нешто. Треба да најдеме напредни решени и за крај да бидам конструктивен кон сето ова, ние како пратеничка група се подготвуваме да изготвиме неколку амандмани на овој амандман IV, кога ќе дојде фазата за тоа, спремни сме за расправа за сите решенија, меѓутоа, верувајте дека ги сфаќаме добронамерни само решенијата кои во себе ќе го содржат македонскиот народ, како дел од Преамбулата и нема да ги бришат неговите традиции, кои се историски факт, посебно што се работи за делот кој не носи, како што беше кажано никакво нормативно дејство и обврски за некого, искажува само традиција и историја, која веројатно на никого во светот не пречи, не би требало и овде во Република Македонија да му пречи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Абдуладi Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Јас сакам да појаснам една работа што гледам овие денови стално се спомнува, тоа се однесува до нас пратениците Албанци и ни го споменуваат Уставот на Република Албанија.

Како прво треба сите да знаеме дека ние сме граѓани на Република Македонија.

Како второ, ние сме подготвени да помогнеме ако вие барате, меѓутоа, ние не сме против Македонците кои живат во Албанија имаат поголеми права. Затоа мислам дека тука не треба да имаме дилеми, меѓутоа, немојте да не споредувате нас Албанците од Македонија со Македонците од Албанија.

Никогаш не сме рекле од оваа говорница ниту во Собранието, ниту надвор од Собранието дека ние Албанците од Македонија сме против Македонците и другите кои живеат во Албанија да имаат помалку права.

Од друга страна само би сакал да истакнам едно. Цело време се спомнува Рамковниот договор во Охрид. Тој Рамковен договор е потпишан и од нашиот лидер господинот Имер Имери. Меѓутоа, господинот Имер Имери го стави својот параф во Охрид и својот потпис во Скопје во тој Рамковен договор. Меѓутоа, да ви кажам едно дека тој има потполна поддршка и јака поддршка од структурите на партијата за својот потпис кој го ставил во тој Рамковен договор.

Од трета страна дали јас не паметам или другите не паметат ние знаеме дека три години по ред тука во овој Парламент кој стана гласачка машинерија, само со гласање, а денеска не се почитува потписот на лидерот.

Затоа мислам дека сите тука имаме забелешки и предлози и сугестии кон овој Рамковен договор, меѓутоа, сите треба да бидеме свесни дека имаме голема одговорност ако овој Рамковен договор не се имплементира.

Како прво, имаме одговорност кон сопствените граѓани кон сите тие граѓани на Македонија кои ние ги претставуваме тука во овој законодавен дом.

Од друга страна имаме голема одговорност од меѓународната заедница. Видете, целата меѓународна заедница е заинтересирана да се врати мирот во Република Македонија. Еден Робертсон кој е секретар на НАТО доаѓа шест-седум пати во Македонија за да имаме општ консензус помеѓу политичките партии за да го вратиме мирот и стабилноста во земјата. Кажете ми еден пример каде Робертсон во една земја која имала криза бил седум, осум пати, каде Солана бил толку пати, во која земја дошле толку министри за надворешни работи и тн.

Значи ние како Македонија ќе покажеме дека сме појаки и посилни од целата меѓународна заедница. Затоа треба да внимаваме да не грешиме во тие правци дека сепак Република Македонија не може да биде независна финансиски, економски и тн. од таа меѓународна заедница, затоа треба да бидеме кооперативни и да не испаднеме од тоа што се договараме помеѓу нас и меѓународната заедница. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За реплика се јави Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Благодарам претседателе, во форма на една кратка реплика сакам само да се осврнам околу математиката односно сметањето што го кажа господинот Златко Стојменов.

Точно е дека 100% од пратеничките групи на СДСМ, ДПА и ПДП гласаа за отворање на иницијативата за менување на Уставот. Точно е дека 85% гласаа од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Тие 15% што не гласаа претставуваат некаде бројка од 6-7 пратеника. Точно толку број на пратеници денеска дискутираа и останатиот број што не дискутираше никој неможе да си го земе за право да предвидува како ќе се изјасни. Претпоставувам дека ако некому му заличеле дискусиите на пратениците што дискутираа така песимистички во однос на исходот на гласањето се само начин да се укаже на предлагачот на уставните амаднмани да изврши, во оваа фаза, односно во натамошната фаза корек-ција на тој дел од уставните амаднмани, а никако со намера да се кочи процесот кој веќе е започнат.

Сакам да кажам дека утре кога ќе биде гласањето очекувам позитивен пристап од останатиот дел од пратеничката група. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега да се разбереме, чекајте малку. Ако сакаме утре да работиме, утре ќе мораме да работиме, не може сега да се заврши очигледно, овде се јавуваат уште, а утре мораме да работиме, мораме да завршиме.

Тогаш сега ќе прекинеме, а во 11,00 часот утре по истата седница, по истата точка продолжуваме, а се извинувам веќе е денес.

Значи денес во 11,00 часот продолжуваме со истата седница по истата точка, овде има двајца за реплика, но има тројца кои сакаат да зборуваат.

Денес во 11,00 часот и завршуваме.

(Пратениците реагираат затоа што денеска е празник)

(Седницата прекина со работа во 00,45 часот).